## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Првото продолжение на Четириессет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 февруари 2009 година**

Седницата се одржа во сала 1, со почеток во 11,11 часот.

Седница ја отвори и со неа претседаваше г-динот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници, Продолжуваме со работа по 47-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Иван Стоиљковиќ, Силвана Бонева, Виолета Ташева, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Садије Илјази, Стојан Андов, Александар Николовски, Наде Станчевска, Ристо Пенов, Имер Селмани, Тито Петковски, Имер Алију, Али Ахмети, Горан Мисовски, Теута Арифи, Џевад Адеми и Фиат Цаноски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Продолжуваме со точката 3 - Предлог на деловник за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија - II читање.**

Продолжуваме со општата расправа.

Има збор, според редоследот што беше на пријавени пратеници од вчера, за збор е пријавена г-ѓа Иванова Цветанка.

Има збор г-ѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Вчерашниот ден започнавме со дебата во врска со потребата од измени и дополнувања на Деловникот. Од вчерашната дебата очигледно се покажа дека парламентарното мнозинство воопшто не е заинтересирано да разговара за измени и дополнувања на Деловникот. И, бидејќи е така и бидејќи не сакаме да ја кочиме, еве вашата преродба, денеска, пратеничката група, со исклучок на мене и г-ѓата Радмила Шекеринска, сите останати дискутанти се откажуваат од дискусија.

Меѓутоа, господине претседателе, вие денеска и вчера испративте многу јасна порака, јасна порака до Меѓународната заедница дека во ова Собрание политичкиот договор, што се трудевме изминативе 5-6 месеци заедно да го градиме и да го претставуваме пред Меѓународната заедница дека е фарса на парламентарното мнозинство, ние како опозиција направивме се.

Знаете дека сакаме да го градиме политичкиот договор во ова Собрание, свесни за улогата на Собранието што ја има во евроинтеграцијата. Свесни дека ова Собрание, исто така, се оценува каков е напредокот на ова Собрание кон европските интеграции. Меѓутоа, вие застанавте на страната дека во ова Собрание не треба разговор, дека во ова Собрание не треба договор, ова Собрание е Собрание на парламентарното мнозинство и тоа има право да каже што и како ќе се работи.

Почитуван г-дине претседателе,

Зошто ни беа оние заеднички работни средби во Вилтон парк? Зошто ни беа сите оние работни средби во Вест министер фондацијата? Зошто ни беа сите оние работни средби со Националниот демократски институт? Зошто ни беа сите наши ветувања и ваши дека во Собранието, навистина, се гради поинаква атмосфера и дека Собранието, навистина, ќе биде попозитивно оценето во следниот извештај на Европската комисија?

Ние учествуваме во јакнењето на капацитетите на ова Собрание. Ние дадовме придонес и за прв пат, можеби во историјата се нафативме да има потпретседател од опозицијата. Заради општата слика. Затоа што така е во сите демократски држави.

Но, зошто е потпретседател ако седнува само 5 минути кога вие имате право да се одморите или не сте тука, да води некоја небитна седница. Простете, нема небитни седници, има помалку важни и многу важни точки, ако немаме ништо право да одлучуваме, или да градиме амбиент.

Зошто учествуваме во Буџетскиот совет на Собранието, само за декор, ако навистина ништо немаме право да направиме? Еве, во моментов имам неофицијална информација дека во Собранието има плева од предизборни вработувања. Има над 100-тина вработувања за што Собранискиот буџетски совет ниту расправало, ниту зазел став, а најмалку опозицијата. Овие 100-тина вработени се партиски војници кои се распоредени во канцелариите на пратениците на позицијата, а во пратеничките групи на опозицијата нема ниту еден единствен помошник или вработен кој може да даде поддршка во работата на Собранието. Ако сметате дека ова е начин на градење доверба, на политички дијалог, на јакнење на капацитетите на Собранието, каде што ние ќе учествуваме само како декор и каде што пред Меѓународната заедница ќе кажуваме да, сменета е сликата во Собранието. Ние заедно одржуваме координации секој понеделник. Но зошто? За да соработуваме за полесно да врват собраниските седници и ништо да не бидеме услишани?

Или, Собранискиот канал, каде што без да се праша никој од ова Собрание, ни позицијата, а камо ли опозицијата, да емитува отворени седници на Владата, каде што на најгруб начин се претвораме и даваме слика дека овој состав на Парламентот или овој Парламент е истурена рака, истурена позиција на Владата, дури и Владата има право да си ги користи сите механизми на ова Собрание.

Простете, оваа опозиција навистина нема да сака вака, на ваков начин да створа или да создава лажна слика пред Меѓународната заедница дека навистина ова Собрание го променило веќе ликот.

Почитуван г-дине претседателе,. . .

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам колешке, мислам дека. . .

**Цветанка Иванова:** Знаете зошто ви се обраќам г-дине претседателе, сега ќе ви кажам. . . .

**Трајко Вељаноски:** Се извинувам, може ли да кажам, еве се стопира времето.

Мислам дека вие 5 минути потрошивте надвор од точката што - Деловник за измена и дополна, што вие го предложивте. Мислам дека треба вие самите да бидете коректни и да расправате за она што барате да се измени.

Ако мислите дека други точки се важни и битни во однос на моето работење, во однос на работењето на другите комисии на Собранието, имате други механизми. Мислам дека е коректно да не се извитоперуваат фактите во јавноста, затоа што јас ве чекам вас 10 минути вие да дојдете и да започне денешнава седница.

Вие си имате свое сценарио, продолжете понатаму, но би ве замолил да се држите при точната на дневниот ред, затоа што е ваш предлог. Тоа е Предлог за измена и дополна на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Затоа ве молам продолжете понатаму по точката од дневниот ред.

**Цветанка Иванова:** Благодарам на укажувањето г-дине претседателе. Меѓутоа, сите сме одговорни, а вие како прв човек на ова Собрание сте најодговорни за сликата што ќе ја рефлекрира ова Собрани кон надвор. А, сликата е таа. Груба е, навистина, не ви одговара, но морате да ги слушате и фактите.

Ајде сега да видиме околу донесувањето на законите. Ваша беше изјавата во која што овој Деловник е донесен навистина во отсуство на опозицијата. Во ниту еден Парламент, во ниту една парламентарна демократија два закони не се носат без опозицијата, а тоа е Изборниот законик, што е уреба, правила на игра надвор од Собранието, за да дојдат парламентарните групи во ова Собрание и Деловникот за работа, затоа што се тоа правила на игра внатре, на оние кои се избориле да влезат во овие собраниски клупи.

Знаете, г-дине претседателе, дека така не може да се работи. Знаете дека по овој Деловник над 95% од законите се днесени по скратени процедура. Скратената процедура значи отсуство на дебата. Отсуство на дебата значи немање транспарентност на работењето на ова Собрание.

Што уште имате за аргумент г-дине претседателе, дека навистина нема потреба од донесување на овој Деловник, за што ќе гласа вашето парламентарно мнозинство?

И, дали ќе се сетите вие, од влегувањето на Глава 9 на овој Деловник, дали некогаш ние сме дебатирале по некој амандман поднесен на некој закон? Тоа значи дека треба да ги укинеме амандманите, да не постојат како институт или институција или механизам за промена на одредени закони. Затоа што комисиите станаа субститут на Собранието. Ниту еден амандман, ниту важен, ниту помалку важен не дошол во ова Собрание да се расправа. Немате аргумент г-дине претседателе, јас чуствував потреба некој од понапредните групи, кој седи овде да стане и да каже кои се аргументите, зошто нема потреба од промена на Деловникот, но свесни се за ризикот што ќе го преземат пред сите оние фактори пред кои ветуваат дека навистина во Парламентот се гради една поинаква слика и дека навистина ќе има политички дијалог, а за 5 минути потоа да гласаат против измените и дополнувањата на Деловникот.

Аргументот дека не е вреден, не е аргумент. За вас не е време за многу работи. За вас не е време да стопирате тоа што се прави денеска и вчера во Струга. За вас е доволно на збор да се гради соживот, а да се поттикнува, како се вика онаа ваша директорка, национални или како ги кажа, не знам, паралелки. За вас, наместо соживот во вистинска смисла доволно ви е да одите да давате лекции како треба, треба само да ја смирите ситуацијата и само да ставите нешто под тепих. Така не се решаваат проблемите во Република Македонија.

И затоа, време е секогаш, за секој проблем што ќе се појави. Време е секогаш за секое прашање да се дискутира во ова Собрание. Време е, навистина, сите да кажеме дека треба, дека има потреба од промена на Деловникот.

Само вчерашниот ден покажа неколку небулози. Секоја седница покажува конфликтни ситуации, од примена на одредени одредби од Деловникот. Често пати се случува, дури и на координација да толкуваме различно обични работи, обични решенија од Деловникот.

Затоа, г-дине претседателе, вие имате моќ на парламентарното мнозинство, признајте дека навистина има потреба од промена на Деловникот за да продолжиме да го градиме она што овие 5-6 месеци го правевме.

Јас знам дека ви е тешко да прифатите некоја иницијатива од опозицијата. Ова е голема работа. Деловникот е голема работа. Нека биде ваш предлогот. Не мора да го прифатите како наш предлог. Меѓутоа, признајте дека на ова Собрание, на овој Парламент му треба нов Деловник. На овој Парламент му треба поинаков деловник. На овој Парламент или овој Парламент не треба да испраќа порака пред јавноста дека во иднина, во Република Македонија се гради едно правило секое парламентарно мнозинство да си донесува свој Правилник. Тоа не е добро. Затоа што еднаш воспоставената пракса веќе ќе стане правило на однесување и после во иднина не можете да спречите ниту едно паралементарно мнозинство да донесува свои правила на игра.

Почитуван г-дине претседателе,

Ве молам, денеска е денот кога ја имате подадено рака и сите овие изминати 6 месеци, подадената рака од опозицијата, да седнеме заеднички да направиме нешто добро. Да го направиме овој Парламент храм на демократијата, а не храм на срамот, каде што сите ние овде ќе седиме и ќе гласаме без да размислуваме што ни е понудено. Јас, често пати велам и да ни пропишете смртна

казна, парламентарното мнозинство нема да види и ќе си ја изгласа. Дури кога ќе почне да се извршува, тогаш ќе види што изгласало. Не читате. Затоа ви велам, секогаш, кога се донесуваат закони во Собранието, вклучително и Деловникот, затоа што има сила на закон треба да се ставите во позиција на опозиција. Оти, многу лесно се станува опозиција.

Ако навистина тој Деловник одговара и на опозицијата, тогаш е тој добар Деловник. А, очигледно е дека овој Деловник, не само што не одговара на опозицијата, често пати не ви одговара и вам, но инаетот е голем.

Или, простете, можеби политичкиот договор со коалициониот партнер се уште не е постигнат за да, како што велите, созрее времето за донесување на нов Деловник. Затоа што други аргументи немате.

Мислам дека со денешното гласање против потребата од донесување на измени на овој Деловник даваме неколку пораки: дека парламентарното мнозинство не сака политички дијалог во Собранието, дека Деловникот останува Деловник на парламентарното мнозинство а не на овој Парламент, дека Парламентот не е заинтересиран и не сака да придонесе кон пишување на позитивен извештај за оваа година за Европската унија, дека Деловникот е, како и се друго договор или механизам со што ќе се постигнува уште некакво барање, уште некаков договор во владината коалиција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Би сакал еден апел до пратениците, да се осврнеме на точките од дневниот ред, а помалу политички маркетинг.

Г-ѓа Стефановска Анета, реплика, повелете

**Анета Стефановска:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувана колешке,

И покрај вашата негативна енергија што ја истуривте на говорница на почетокот на денот и покрај сите тешки зборови што ги упативте за вашите колеги од позицијата, бидејќи ние излезе дека само молчиме, гласаме, што не е точно, бидејќи народот го гледа сето тоа. И покрај сите тешки зборови што ги упативте, јас ќе ве запрашам, обратно да ги поставиме работите.

Што значи за вас дијалог? Дали се што вие ќе кажете сте во право и тоа значи дијалог и дека вие, кога ќе кажете дека тоа треба да се направи, мора да се направи и ако не се направи во истиот момент, тогаш нема дијалог.

А, во исто време велите дека имате потпретседател во Собранието на Република Македонија, имате редовно координација со нашиот почитуван претседател на Собранието на Република Македонија, а од друга страна велите не сакаме дијалог. Зошто велите не сакаме дијалог, затоа што тоа не ви е по ваша волја? Ние кажавме аргументи вчера и факти, дека е премногу рано за промена на Деловникот. Ние кажавме точно која е вистината, дека сега не е моментот за таква работа и зошто не е моментот за таква работа. Заради сето тоа вие упативте такви зборови што не се долични.

Вие имавте добар имиџ. Јас ве почитувам, меѓутоа, вие го нарушивте вашиот имиџ во последно време со вашите настапи. И тие не се добри.

Јас пак ви велам добронамерно дека треба да си се вратите на стариот имиџ кога кажувате аргументи зошто нешто треба да биде вака или така.

Што се однесува до тоа, луѓето кои седат во првите клупи кај нас, па јас не знам кој седи кај вас во првите клупи. Кои се тие поважни кои седат во првите, кои седат во вторите, оти кај вас во клупите секојдневно се менуваат луѓето. Првиот ред се менува секојдневно. Едни кои седат во петтиот ред, утре ќе седат во првиот ред и обратно. И тоа не ви држи место.

Така што, кога зборувате за Меѓународната заедница треба да зборувате дека зад вас стојат група на граѓани кои ве гласале. И вие сте одговорни за Република Македонија. Затоа не е добро да ја повикувате Меѓународната заедница и да кажувате недобри зборови за Република Македонија и за Собранието од каде го печалиме лебот. Ние го јадеме лебот од тука. Така што не е добро таков имиџ да создавате за оваа установа. Не е добра пораката што ја пуштате. Во интерес на граѓаните што се зад вас и вие носите одговорност, не треба да искажувате така такви зборови. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика г-ѓа Иванова Цветанка, повелете

**Цветанка Иванова:** Нема сега да и одговорам на репликата, но само да и кажам на колешката Стефановска.

Не треба само да се јаде лебот од тука. Треба и да се заработи.

Не се потрудила многу да го заработи, освен со овие, овакви од време на време вакви реплики што ги дава, да не кажам какви.

Јас не сум загрижена како го оценува мојот настап колешката Стефановска за тоа што значи политички дијалог и дали ние учествуваме. Да, ние учествуваме затоа што сакавме навистина да градиме поинаков имиџ во ова Собрание. Сакаме и парламентарната опозиција да си ја понесе својата одговорност, својот дел од работата на Собранието, но очигледно е дека мнозинството сака опозицијата да ја користи само како декор. Очигледно е дека сака да ја искористи само да покаже пред Меѓународната заедница дека нешто се прави, а фактички ништо не се прави.

Самиот претседател вети, не чепкајте ги 10-те минути, ви ветувам измени на Деловникот. Што е сега, што се сменило? Дали се уште не е постигнат некаков договор помеѓу вашиот коалиционен партнер и вас, затоа што не е време се уште. . .

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика господинот Шамбевски Оливер, повелете.

**Шамбевски Оливер**: Благодарам господине претседателе.

Госпоѓа Иванова навистина очекував оваа дебата, уште во текот на вчерашниот ден кога ја отворивте, да биде прилично интересна бидејќи дебатираме и дискутираме за начинот на кој ова Собрание односно ние 120 луѓе треба да работиме ви интерес на нашите гласачи и правилата на игра со кои ние ќе функционирале и би продолжиле да фунмкционираме. Се надевав дека после предлогот што го дадовте ќе функционираме и дека ќе можеме нешто да подобриме, но навистина и мислам дека добра одлука сте донеле денес што само уште госпоѓата Шеќеринска ќе зборува, бидејќи во спротивно никако поинаку не може да се оцени вашиот настап како пратеничка група, по оваа точка, освен како многу ефтин маркетинг.

Вашиот овластен преставник, вчера во текот на неговите 15 минути, по однос на предлогот и по однос на решенијата кои вие ги нудите и очекувате да развиеме дебата во ова Собрание, не кажа буквално ништо. Имаше само цитирање на изјави, цитирање на тоа кој од нас што кажал итн. Еден збор немаше конкретно за Деловникот. Вие денеска 15 минути имавте навистина добар настап, имавте убав говор, ама ниту еден збор не кажавте за Деловникот. Ниту еден збор на кажавте за некоја одредба која што ја нудите за да ја подобриме работата. Еве, дај понудете јас ви кажувам можеме да дебатираме, а не би сакал ние да влеземе во предизборна дискусија сега со вас на една општа тема која што ја задавате. Така да зададете милион теми да дебатираме без никаков реален исход за подобрување на состојбите во Собранието. Јас верувам дека и на вас ви е идејата да ја подобриме работата и нас ни е тоа ама не на овој начин вака дијалог не се води. Излегувате кажувате десетина работи, вие и вашиот овластен предлагач кажува некои работи без ниту еднаш да спомне ништо конктретно за Деловникот и очекувате дебата, мислам навистина некако погрешен е пристапот конктретно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова**: Благодарам претседателе.

Му благодарам на господинот Шамбевски за репликата и за оценката на мојот настап.

Господине Шамбевски, три месеци се дадени кај претседателот, нашиот и ваш, забелешките на СДСМ по Деловникот. Три месеци се дадени и лежат во фиоката и бидејќи ништо не беше преземено моравме да превземеме чекор да поднесме предлог за дополнување на Деловникот. Предлог за изменување и дополонување на Деловникот го содржи сите забелешки сите предлози преточени во законско решение. Вие го имате Предлогот на Деловник освен ако не сте го прочитале или не сте сакале да го прочитате. Еве да ви кажам барем неколку ако не сте успеале да прочитате зошто. Да го преуредувате институтот на пратенички прашања, да ја вратиме изместената позиција на пратеникот во Собрание, да може еден пратеник да предизвика дебата во Собранието, а не 15 минути и да му се одзема уставната позиција на пратеникот, да не се донесуваат закони во скратена постапка каде е 95% од понудените до сега се донесени во таа фаза, за да не паѓаат н а Уставен суд каско што паѓаа законите, како круши, од ова парламентарното мнозинство.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Почитувана колешке внимателно ве сослушав и тоа што го правите вие навистина е работа на опозицијата и не очекувам епоинаку да постапуваме како опозиција, бидејќи и јас кога бев во опозиција постапував речиси исто како што вие постапувате. Вакви иницијативи кои го презеде СДСМ нормално е да очекуваат, но и од другуте опозицикси партии треба да очекуваме вакви иницијативи и тие се добродојдени. Политичкиот дијалог меѓу нас токму тука се одигрува, кога има вакви иницијативи или кога има закони од Владата, кои од ваша стрна се криткуваат. Ова е дијалогот кој треба и се прави овде во Собранието на Република Македонија. Но, зошто зедов збор да ви реплицирам?

Навистина не е конректно кон сите пратеници на ова Собрание да се рече дека само вие читате а други не читаат. Јас ќе ве уверам дека има многу аргументи во ова насока дека и пратениците од позицијата ги читаат законите.

Се поставува прашањето зошто не се случува пратеникот или пратениците од опозицијата да гласа за вас ако не го знаат тоа што сте предложиле или не знаат кој закон каква содржина има. Имено, затоа што ги читаат зџаконите не подржуваат иницијативи од опозицијата. Но, како и да е, навистина е навредливо да се каже за сите пратеници од позицијата дека не читаат закони. Пратениците кои читаат, кои добро ги знаат законите се пратеници кои судат политички зошто се предлага соодветниот закон и каков став трева да заземат.

Уште еднаш искрено би ве замолил , бидејќи мислам не од ваш интерес да имате ваков пристап и да речете дека пратениците не ги читаат законите, бидејќи и вие сте пратеник и сте дел од групата пратеници на ова Собрание. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова**: Му благодарам на господинот Алити што ми реплицира и сакам само да кажам дека, ако сум кажала дека сите од парламентарното мнозинство, тогаш се

извинувам. Значи поголем дел, што не се однесува за него и еден дел од нивната пратеничка група, затоа што навистина ги следат работите кои се случуваат и затоа што си имаат сопствена агенда. Меѓутоа да се вратам на Деловникот.

Дали господине Рафис Алити денес вие ќе гласате за потреба од измена и дополнувањена Деловникот? Вие кажавте не. Дали не се согласувате со ставот на вашата колешка Теута, изнесен во Дневник дека овој Деловник е донесен на шверцерски начин, а не доликувана шверцерски начин да се равоти во ова Собрание и треба да поправиме нешто, или пак сеуште, она што сте го изјваиле, не е постигнат договор дека додека не се случи да се договорите за употреба на албаснскиот јазик, за водење на пленарни седници, вие нема да гласате. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Следен за збор Станковиќ Емилијан, тој не е тука и го губи правото за збор.

Следен пријавен за збор е госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска**: Благодарам претседателе.

Сметам дека е добро што конечно посериозно ја отвораме темата за Деловникот на Собранието кој преставува основен документ за начинотна кој овде Ќе се однесуваме и Ќе работиме.

Сите досегашни коментари од страна на опозицијата упатени на сметка на новиот Деловник и начинот на кој беше донесен се сведуваат на едан обична реплика, модифициран, дека се уште е рано да судиме, дека треба да оставиме да видиме како ќе се одрази овој Деловник на работата на Собранието, а дури потоа да седнеме да разговАраме и да се договараме како треба да изгледа новиот Деловник кој ќе биде заеднички за сите. Не се согалсувам со тоа. Сметам дека е навистина е време да ја отвориме темата и да направиме Деловник кој ќе биде ефикасен и ефективен. Еве веќе после 5 месечно функционирање на Деловникот и еден месец функцинирањена глава 9 која се однесувана носење закони и друго акти, се покажа дека многу добро функционира само едно, а тоа е намерата да се замолчи опозицијата, да се раздводни работата во Собранието и да се изгубиме во лавиринтите на работните тела чии седници се добро испланирани, да не можат пратениците да присуствуваат заради пребукираност на истите. Неколку пати имавме примери кога само во рок од 2 часа беа закажани 8 седници на комисии. Тоа беше посебно изразено во време на носењето на буџетот кога во вистинска смисла на зборот се покажа апсурдноста на Деловникот, кога опозицијата беше растрчана по ходници за да ги брани своите амандмани по матичните тела и заинтересираните тела и Законодавно-правната комисија. Според мнозинството со овој Деловник се постигнала ефикасност во работењето на Собранието, со што ја не можам да се согласам. Не можам да се согласам дека ефикасноста значи исклучување. Напротив, ефикасноста значи почитување на добра процеудара која на крај ќе донесе квалитет. Само за една работа можам да се согласам со мнозинстовото, а тоа е дека станавме ефективни а не ефикасни во носење на лоши и брзоплети закони. И тоа е факт.

Сакам да ви посочам во овој момент, баш затоа што сакам да отворам дискусија, неколку апсурди решенија кој ги донесе овој Деловник.

Прв апсурд, воведовме условна општа расправа во ова Собрание. Тоа значи дека ако сакаме да имаме расправа во Собранието треба да имаме најмалку 15 пратеници во рок од 7 дена да се пријават дека сакаат да има општа расправа по еден закон, што веднаш ги исклучува пратениците кои доаѓаат од помалите политички партии. Сметам дека ова не треба да се решава така и добар е предлогот кој го има СДСМ, со овој предлог Деловник условноста воопшто да се исклучи. Уште поголем апсурд и е иземањето на општата расправа од скратената постапка, посебно имајќи предвид дека огромен процент од законите кои Владата му ги предалга на Собранието, ги предлага во скратена постапка без при тоа да има потреба да ни даде солидно образложение зошто предлага токму во скратена постапка да се носи еден закон. едноставно го прави тоа затоа и се може и затоа што има кој да ги изгласа тој предлог закон, така како што ќе реши Владата, во скратена постапка.

Со ова решение, тоа веќе го говорев во една прилика, Деловникот за прв пат во македонскио плурализам воведе две категории на пратеници. Едни кои имаат право да го изнесат своето мислење по одреден закон, макар посредно, преку претставник напратеничката група и друго пратеници кои не се членови на пратеничка група потполно се дискриминирани, одзмејќи им се правото да го изразат своето мислење во однос на одреден предлог закон, без разлика дали е тоа е посредно или непосредно. Затоа сметем дека член 157 од Деловникот, кој се однесува на оваа проблематика, треба да се исклучи и поготово законите кои се носат по скратена постапка, да има општа расправа затоа што овде многу често имаме примери како само еден збор менува многу во еден закон, а Владата многу често дефинира, ако треба помалку членови да се менуваат дека тоа е причина еден закон да се донесе по скратена постапка и уште повеЌе ако може воопШто да не се расправа за таа промена.

Втор апсурд е правењето пародија од пријавувањето на пратениците во првата минута. Тоа значи ако не можеш во првата минута да се пријавиш тоа значи немаш право на збор и работата ја сведовме на брзи прсти. Тоа е пародијата која ја направивме од Деловникот. Ова реШение само по себе зборува за несериозноста при носењето на законите со кои ние секојдневно го уредуваме животот на нашите граѓани и не би смеело целата работа да се сведе на брзоблетост

и ароганција. Затоа сметам дека тоа треба да биде исклучено и ми се допаѓа решението што во овој предлог Деловник е предложено,значи во текот на целата расправа пратениците да имаат можност да се пријават.

Трет апсурд е безпредметноста на второто читаењна пленарна седница. Да појаснам за граѓаните кои не гледаат, а кои не знаат многу често шти правиме. Имено второ читање на пленарна седница најчесто нема затоа Што најчесто амандманите на предлог законите се предлагаат од страна на опозицијата, а со самото тоа 99% од тие предлог амандмани се осудени на неуспех. Целата приказна започнува и завршува во работните тела, нормално од таму не произлегува дополнителен предлог, а тоа значи нема второ читање на пленарна седница. Значи така амандманската расправа на второто читање по сите амандмани кои претходно се поминати во работните тела е исклучена, што сметам дека не е во ред и амандманската расправа треба да се врати на пленарна седница во второ читање.

Четврт апсудр, носење на буџетот.

Ние имавме прилика да го донесеме првиот буџет во атмосфера на овој Деловник и тоа најобемниот и најскапиот бузет што Република Македонија го има донесено било кога до сега и тоа не било кога, во време на една светска криза, кога требаше да се покаже повеќе одговорност спрема граѓаните на Република Македонија. апсурдноста е пред се во рокот од три дена за расправа по буџетот и ноншалатноста при носењето на овој важен документ пред се иземајќи амандманската расправа од пленарната седница. За предложенмите амандмани одлучуваат мала група на пратеници во работните тела и тука судбината на амандманите и почнуваше и завршуваше. На тој начин расправата на пленарната седница, како што имавте прилика да видите, се сведе на репатиција и обична фарса, без можност за било какви корекции, без можност сите пратениц да одлучуваат по амандманите. Затоа сметам дека едно реШение за кое има простор да се разговара, во кое ќе го продолжиме рокот, треба сериозно да му се обрне внимание. Еден таков сериозен документ не може да се носи за толку краток рок и не може да се носи ако за амандманите расправа една тесна група на луѓе, а немаме право сите 120 луѓе во овој Парламент, да се исјасниме.

Петти апсудр, според мене е работата на Законодавно-правната комисија чиј член сум и јас. Законодавно-правната комисија како работно тело кое расправа по сите предложени закони и други акти кои се предлагаат во Собранието, во ваква концепција предложена или воопШто не дефинирана во Деловникот значи дека не може да ја оствари својата улога, а тоа е утврдување на уставноста и законитоста на предлог законите. Како резултат е зголемантаможност да отидат во процедура закони кои се неусогласени, затоа што концепцијата на работа на оваа комисија не може да даде таков резултат и се сведува на расправа кој наликува на расправите во матичните тела. Собранието може ефикасно да носи закони само ако од моментот на пристигнување на предлог законите тие предлози веќе не се владини туку предлог закони на ова Собрание. Тоа може да се постигне само ако предлозите влезат во здрава собраниска расправа, со силен филтер претходно од еден професионелне сектор, пандан на Секторот законодавство во Влада и нормално понатаму влез на овие закони во една цврста и добра процедура, за да можеме на крај прозивајќи не сите дека ние сме одговорни што се случува во ова Собрание навистина да застанаме зад тие решенија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавена госпоѓа Димевска Катерина, повелете.

**Катерина Димеска:** Благодарам претседателе.

Мојата реплика ќе ја почнам со она што всушност е наведено во Предлог измените кои ги имаме пред нас пооднос на Деловникот каде се вели дека цели на предложените измени на Деловникот е да се врати дигнитетот на Собранието на Република Македонија, да се постигне негово реноме и да се овозможи негово поквалитетно и поефикасно функционирање.

Значи, во целост го негирам ова што е произнесено овдека од следните причини. За враќање на дигнитетот на Собранието на Република Македонија, почитувани колеги, најмногу би придонеле ние како претставници легитимно избрани од граѓаните. Тогаш кога ќе престанеме да се квалификуваме на говорници од пратеници од прв ред, од втор ред и трет ред, сигурно дека ќе имаме повисоко реноме. Меѓутоа исто така морам да потенцирам дека за враќање на дигнитетот и ефикасноста на работењето на Собранието се преземаат сериозни чекори, како што е на пример електронското работење и функционирање на ова Собрание. Ние мораме да бидеме свесни дека со ова што се предлага за нашето понатамошно работење, ние ќе имаме можност максимално да бидеме вклучени и во читањето и во разгледувањето, се разбира и во предлагањето на амандмани, било каде и да сме. Дали сме во општините од каде доаѓаме или сме можеби тука во Собрание. Тоа е првата работа што сакав да ја потенцирам.

Втора работа што сакам да кажам конкретно околу некои ставови кои ги изнесе пратеничката во целост не се согласувам околу она што беше кажано дека со овој Деловник се овозможува замолчување на опозицијата од причина што во матичните тела на Собранието ние дебатираме, расправаме по амандманите, имаме ситуации кога за еден амандман се дискутира дури и по два часа. Тоа не значи замолчување на опозицијата, тоа значи демократско дебатирање и стручно дебатирање во соодветните матични работни тела.

Беше спомената исто така Законодавно правната комисија, бидејќи и јас сум член и многу често

сакам да присуствувам на оваа Комисија, кажа почитуваната колешка дека таму работата е сведена на материјална расправа и т.н. Морам да испратам една искрена порака за да тоа не биде така, почитувани претставници од парламентарната опозиција, расправите во таа Комисија нека се сведат на разгледување на уставноста на законот. Се случува пратениците од опозицијата и оние што не се стручни да дебатираат за стручноста на законот само колку да прават политички маркетинг и колку да печалат политички поени. Тоа не значи ефикасност, тоа не значи соодветно работење во таа матична комисија која ја води еден претседател кој екстремно стручно и професионално ја брка работата на оваа Комисија. Ви благодара,

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам колешке на репликата.

Јас не госпомнав дигнитетот, зборував за ефикасноста, но кога веќе вие го спомнавте, значи дигнитетот овде се гради и поединечно градејќи го поединечниот дигнитет на луѓето што значи дигнитет на целото Собрание.

Одземајќи му го правото на збор на дел од луѓето значи дека со овој Деловник не се почитува дигнитетот на пратениците.

Кога станува збор за ефикасноста јас ви кажав и сметам и понатаму дека ефикасноста не значи број на закони, тоа ефективно и се согласувам дека сме ефективни, но какви закони носиме? Ефикасноста значи врз основа на добри воспоставени правила, квалитетни закони.

Дали е замолчена опозицијата,па точно, замолчена е затоа што по одредени амандмани кои можат да дадат многу значајни решенија на предлог законите немаме право сите да се изјасниме. Плус тоа го правиме во комисии, нема распоред кога тие комисии одат, луѓето не можат да видат што се случува.

Кога станува збор за Законодавно-правната комисија ако таа Комисија не е дефинирано на кој начин ќе работи и која улога ќе ја има ако нема срж на законите, ако нема начин како практично Законодавно-правната комисија ќе дојде до својот резултат и тоа не е добро дефинирано, нормално дека не може да ја оствари својата улога и се се сведува на материјална расправа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Ова е втора дискусија денеска која лично мене ми претставува навреда. Едната дискусија е дека не ги читаме законите, втората дискусија е дека во делот каде колешката зборуваше за донесување на Буџетот дека ноншалантно работиме во рамките на буџетската комисија.

Точно е дека Деловникот донесе низа измени и од нас субјективно зависи колку тие измени ќе ги апсорбираме и колку ќе можеме да одговориме на новиот Деловник и неговите членови, меѓутоа колешке ве уверувам дека Комисијата за буџет навистина многу активно се подготвува. Во оваа пригода сакам да изразам навистина кон опозицијата мошне позитивно мое согледување, бидејќи таа Комисија ја води господинот Манасиевски. За време на буџетската дебата се говореше повеќе од десет дена, сите оние кои сакаа да кажат и да придонесат кон квалитетот на Буџетот имаа право да дискутираат воопшто временски неограничени. Овој пат можам само една опсервација да искажам, а тоа е дека ние политичките партии треба да имаме нов приод кон оваа работа, бидејќи Буџетот навистина е една сериозна стручна работа. Политичките партии треба да ги подготват пратениците кои сакаат да дискутираат по оваа материја било во поглед на амандманите, било во поглед на дискусиите.

Мое лично мислење е дека се води апсолутно квалитетна дебата во овој дел, во оваа пригода ќе кажам дека пратениците на СДСМ како опозиција навистина имаа одлични дебати за Буџетот, се разменија на ниво големи идеи во поглед и на енергетиката и мое мислење е дека сосема нов пристап треба да имаат сите политички партии кон оваа работа. Некои политички партии се подготвени за ваквиот нов начин на работа, некои помалку. Затоа ние треба што побргу да се адаптираме. Ноншалантноста навистина не одговара како термин на работата на матичните комисии и мислам дека граѓаните го имаат вопредвид тоа кога ги гледаат сите овие комисии на телевизија како пренос, имаше широка дебата, широки дискусии и надвор од Парламентот по повод низа амандмани кои беа презентирани. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Соња Мираковска, повелете.

**Соња Мираковска:** Ви благодарам колешке на вашата реплика, но сметам дека ќе се согласите со една работа.

Беа предложени над 200 амандмани. На голем дел од тие амандмани преку нив само опозицијата дебатираше, немаше ништо од другата страна, немаше дискусија или тоа беше многу ретко, не можете да кажете дека тоа се однесуваше на сите амандмани. Она што е проблем е проблем што само вие мала група решававте за амандманите. Таа амандманска расправа сметам дека треба да се врати овде на пленарна седница. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Продолжуваме понатаму.

Следен за збор е пријавена госпоѓа Танчева Тулиева Надица, но не е тука и го губи правото за збор.

Следен за збор е пријавена госпоѓа Станка Анастасова, не е тука го губи правото за збор.

Пријавена за збор е госпоѓа Весна Бендевска, не е тука, го губи правото на збор.

Господинот Никола Ќуркчиев е пријавен, не е тука го губи правото на збор.

За збор е пријавена и има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Колку ние се однесуваме и како се однесуваме кон една материја која треба да го уреди начинот на кој ние работиме во Собранието покажува и присуството во оваа сала. Ако не влезеше почитуваниот колега до седмиот ред немаше да има ниту по еден пратеник, значи вака вкупно вклучувајќи го до седмиот ред каде што седат пратениците од ВМРО-ДПМНЕ има барем по еден пратеник што значи вкупно 7 пратеници и тоа говори за заинтересираноста како и колку ние можеме да дебатираме околу некоја материја што не е важна само за нас, туку е важна и за граѓаните затоа што,покрај останатите работи, работата на пратеникот е јасно дефинирана и со Уставот на Република Македонија и со Деловникот дека ние сме тука пред се да ги следиме и работиме на законите, нудиме нивни измени, нудиме закони се со една единствена цел законите да можат полесно да се имплементираат и граѓаните да знаат какви закони носиме.

(Во 12,01 со седницата продолжи да раководи Светлана Јакимовска, потпретседател на Собранието).

За жал, почитувани колеги ќе почнам сосема накратко од моментот кога се нсоеше овој Деловник, за предисторијата како дојде говорев вчера во една реплика и не би се навраќала на тоа.

Кога се носеше овој Деловник во Собранието на Република Македонија јас тогаш се наоѓав во Италија. Бевме поканети претставници од земјите на Западен Балкан и морам да констатирам, со жалење, дека таму не беше присутна Хрватска која сметаат дека не и е местото таму, од останатите земји, за жал, за мојата земја слушнав многу лоши работи во групата во која ја рангираат дека сме многу далеку од Хрватска, што навистина е многу поразително.

Таму, покрај другото, слушнав односно прашав како тие го носат деловникот, ми рекоа дека и таму се носи со просто мнозинство, но никогаш, никогаш во нивната парламентарната демократија не е донесен без да се согласат сите пратеници од Парламентот или барем најголем број. Пред се не е колегијално и не е еснафски. Начинот на кој го донесовте не е колегијален и не е еснафски.

Сега, кога реагиравме на тоа, ЛДП даде предлог на координација да се достават забелешки до претседателот на Собранието и тоа го направивме. Точно е дека пратеничките групи не го запазија рокот кој беше договорен, но со одредено мало задоцнување ние ги доставивме, оние пратенички групи кои имаа забелешки ги доставија до претседателот и тие останаа таму да стојат. Најверојатно токму поради тоа пратеничката група на СДСМ достави предлог измени на Деловникот до Собранието затоа што, почитувани колеги, треба да признаеме дека се соочуваме со големи проблеми при реализацијата на овој Деловник.

Во голем дел нашите забелешки се поклопуваа со оние од СДСМ иако имаше некои различни ние на пример предлагавме Собранието да биде отворено, да можат и граѓани да присуствуваат, оние што сакаат и во живо да ја следат нашата дебата, предлагавме нешто што вам многу смешно ви изгледа од почит кон граѓаните да говориме со стоење, како што е во најголем број на парламенти со развиена демократија.

Предлагавме исто така за јакнење на демократските процеси да се воспостави пракса во Собранието една точка да биде по предлог на опозицијата на секоја седница и да можеме да дебатираме по таа точка, секако која е актуелна.

Сега да дојдам до оние измени кои ги предлага и СДСМ, кои се апсолутно логични и пречат во работата на Собранието.

Почитувани колеги пратеници не било време, јас навистина не знам кога ќе биде време за овој Деловник. Што пречи дали ќе биде донесен пред избори или по избори. Со што ќе го наруши изборниот процес? Ве молам, тоа се изговори кои не држат. Кажете не сакаме да измениме ништо во Деловникот, одлично ни е вака, ќе функционираме и понатаму така, ќе ја гушиме Република Македонија, демократијата во Република Македонија, ќе добиваме негативен извештај и ќе стоиме и тапкаме во место.

Почитувани колеги, работејќи на предлогот кој го имавме од ЛДП, погледнав многу деловници, покрај тоа бев вклучена во работата на работната група која ја претставуваа претставници и од парламентарното мнозинство и од опозицијата и во таа работна група одредени работи до некаде ги усогласивме, но, за жал, тие не најдоа место во овој набрзина донесен Деловник. Кажете ми каде во светот, почитувани коелги, ја има онаа прва минута. Не е проблемот за нас, проблемот е и за граѓаните. Еден пратеник, условно, барем оние што совесно се подготвуваат за седници ги читаат законите, за одреден закон работел 5-10 дена и сака да има дебата, доаѓа во таа прва минута од икс, икс, икса работи оправдани може да не е присутен и нема право да го искаже својот став, нема право да им се обрати на граѓаните, нема право да им укаже на граѓаните какви закони носиме. Можеби е добар па да го пофалиме, не секогаш дека е лош. Со кое право ни е одземено едно од основните уставни права и потоа, ве молам, уште и ако се пријави, ако успее во таа минута, случајно е некаде 15-ти, 16-ти на ред за дискусија, во меѓувреме има средба со некоја меѓународна делегација, се откажале 10-те пред него, тој повторно го губи правото на збор.

Почитувани колеги, така не функционира ниту еден парламент во светот, ниту еден. Јас ве повикувам, бидејќи сакате аргументи, најдете ми 4

парламенти, најдете ми два парламенти кои функционираат така, тогаш навистина ќе кажам дека сум во право. Нема.

Што се однесува до скратувањето на дискусиите, точно е, во најголем број парламенти има скратување на дискусиите. Како е тоа уредено дали е 10, 15 минути или е дадено групно време, па партиите да си го распоредуваат меѓу себе има и тоа, ние се согласивме, еве да не чепкаме во тоа, а колегите од СДСМ дале друго решение, но сепак има ограничување на дискусиите, ако тоа беше проблемот.

Сега да се навратиме на глава 9.

Почитувани колеги, главата 9 навистина е хаотично решение. Не можат пратениците да трчаат од една на друга комисија. Само пред некој ден не знаев навистина каде побрзо да образложувам амандмани и тоа различни во Комисијата за земјоделие имав еден амандман, во Законодавно-правната комисија друг амандман. Добро е што беа салите една спроти друга па можев да влегувам и излегувам, но не е пристојно, ќе признаете, пратениците да трчаат од едно до друго место. Потоа да не можат амандманите да видат бел ден, да не дојдат на собраниска дебата, да одлучуваат три четворица пратеници на комисиите, навистиан е недолично.

Еве денес пред да дојдам ја следев дебатата на хрватскито парламент. Дебитираа на истата тема за Законот за јавни патишта за кој јас имав поднесено амандман. На истата таа тема тие веќе се соочија со проблемот кога ги дале патиштата под концесија. Јас укажував на тоа дека не може така, но колку ме слушнаа? Ме слушнаа 4 до 5 пратеници присутни на таа Комисија. Можеби ќе успеев да убедам уште неколку колеги да го прифатат тоа дека не е добро граѓаните да плаќаат патарина онаму каде нема алтернативен пат, дека концесионерот ќе си ги полни своите џебови на сметка на граѓаните. За тоа, почитувани колеги, сакам да дебатираме овде, а не на Комисија. За жал, нашите амандмани завршуваат со гласање од неколку луѓе и тука е крајот на се.

Овие измени на Деловникот не се предложени за да се кочи парламентарното мнозинство, како што ја создадовте фамата, туку се предложени и треба да ги прифатиме за да може да функционира Парламентот онака како што е пропишано со Уставот на Република Македонија, да го вратиме дигнитетот на Собранието, да имаме ефикасен Парламент кој во голема мера ќе биде двигател на демократските процеси во нашата земја, а не парламент кој ќе ја гуши демократијата, да ја има уставната улога која ја добил, која што самиот овој Парламент ја изгласал со носењето на Уставот. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Катерина Димеска, повелете.

**Катерија Димеска:** Благодарам потпретседателке.

Во мал дел имам реплика, би сакала да потенцирам една работа, она што беше спомнато околу пријавувањето на пратениците во рок од една минута ценам дека ако еден пратеник одлучил да го брани законот и ако има сериозна намера да го брани, се разбира ние и покрај тоа што сме пратеници мораме да бидеме дисциплинирани и тоа ни е наша основна обврска, а не само право да мора да бидеме присутни и да се пријавиме во предвидениот рок. До колку го испуштиме тој рок, се разбира, одговорноста паѓа на тој што не стасал да се пријави.

По однос на она што беше искажано дека пратениците кога се расправа во собраниските комисии и шетаат од една на друга комисија, јас и во претходната реплика потенцирав, добро е ние да се сконцентрираме онаму каде можеме да бидеме најпродуктивни и материјалната расправа по одредени прашања на законите да ја водиме во матичните комисии.

Не може еден ист пратеник, подносител на амандман да го дискутира истото и на соодветната матична комисија, па да појде и на Законодавно-правната комисија, во материјалната расправа да го кажува тоа. Тука беше споменат и Законот за јавни патишта, јас бев сведок кога за тој амандман два часа се расправаше и во Комисијата за транспорт и врски, два часа се расправаше и во Законодавно-правната комисија. Не е исклучена можноста и правото на пратеникот да го брани својот амандман, меѓутоа мораме и ние пратениците да бидеме дисциплинирани, конкретни и концизни. Во таа насока ако работиме тогаш ќе имаме и ефикасност и ефективност. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Не знам почитувана колешке дали сакате да кажете дека сите други парламенти во светот се неодговорни, само вие сте најодговорниот пратеник. Па, ако јас не сум во овој Парламент, земете ги извештаите на МОСТ во 4 изминати циклуси, па ќе видите. Една минута ве мола, па во таа една минута во тој ден како ќе знам кога ќе дојде мојата точка на дневен ред. Можеби на човек му било лошо излегол една минута. Ве молам да бидете посериозни кога говорите за дигнитетот на колегите пратеници. Недопусливо е тоа.

А тоа дали трчаат пратениците од една до друга комисија, да кој што не работи ниту трча, ниту му е гајле каде ќе го брани амандманот, затоа што и нема всушност амандман. Ниту минута го интересира, ниту ништо. Ќе дојде тука, ќе си го стегне копчете, ќе си ја земе платата на први, за разлика од многу граѓани кои што сеуште немаат земено плата, ќе му заврши работното време.

Не почитувана колешке, тука сме пред се да работиме.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитувана потпретседателке.

Со посебно внимание ја слушав дискусијата на почитуваната Топузова Каревска, како и на претходните дискутанти колку да се уверам дека ова што го имаме денес на работните маси е сепак самостоен пред кампањски проект на СДСМ, кој што ни минимален консензус во опозицијата не постигна пред да стигне во собраниска процедура.

Тоа го заклучив од почитуваната колешка од ЛДП.

Мило ми е што се согласува дека новиот Деловник кој што го донесовме во јули месец, или пред пет месеци, ја воведува временската гилотиња, или ограничувањето на дискусиите и тоа го сметаат како добар знак дека сме на вистински пат. Кажете ми еден Парламент во светот во кој што постои неограничување на дискусиите односно во кои што Деловникот е во исто време и денгуба. Ние наместо Деловник имавме денгубник во минатиот мандат почитувана колешке.

Да се вратиме на Италија каде што сте биле додека го носевме Деловникот. Во 60 годишната демократија повеќе пати е менуван Деловникот. Последниот пат 1999 година.

Во Хрватскиот Сабор се води жестока дебата за промена на Деловникот околу актуелниот час, околу актуелниот премиерски саат. Значи, иако се пред нас, како што велите, во многу аспекти, Деловникот е жива материја и околу него се водат многу живи дебати и деновиве.

Кога сме кај вашите сестрински партии пред 5-6 дена во Српскиот Парламент ЛДП поднесе Предлог измени на Деловникот во кој што посебен аспект се носи на носењето на закони од европската регулатива со Предлог Деловник во кој што во просек еден европски закон се носи за еден и пол час. Јас ќе ве замолам погледнете го тој Предлог Деловник навистина можеме да научиме и од таму некои работи.

Околу тоа колку Деловникот чини, колку не чини вие сте човек од културата и знаете дека и за еден објект од културата или инструмент од културата да добие живот, да добие јавност, му треба одредено време. Деловникот е општествен, политички инструмент кој што живее само пет месеци во Парламентот. Кажете ми по што тоа заклучивте дека Деловникот е толку хендикепиран, или толку несовршен, не е идеален, во тоа можеме да се согласиме, но кога успеавте да ги детектирате сите овие мани за толку краток период во кој што поголем дел од одредбите во Деловникот сеуште не се заживеани. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика има госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван колега.

Прво како го почувствував? Почувствував свој грб затоа што работам и гледам дека наидувам на пречки, не можам да го реализирам она што сум го сработила. Ете така го почувствував. И малку било време. Јас знам дека времето вие во ВМРО-ДПМНЕ го мерите во векови од Букефал па до денес, меѓутоа ве молам како било малку време 5-6 месеци. Сосема доволно време да ги забележиме овие работи.

Рековте колега, во сите овие парламенти, ве цитирам, се води дебата, се води жестока дебата. Да, тоа е разликата и ние бараме да се води дебата за да донесеме еден Деловник по кој што ќе работиме. Но, вие сметавте дека не треба да се води дебата, дека треба да се донесе инкогнито и на препад се со една единствена цел да ја замолчите опозицијата. Така колега не ја замолчевте опозицијата, меѓутоа не сме ефикасни, не можеме да одговорите на она за што сме тука. Не можеме да ги оправдаме парите кои што ги земаме од граѓаните и она што го очекуваат од нас. Да знаат какви закони носиме, да знаат што ги очекува со тие закони, инаку живеат само во светот на рекламите. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Следен за збор е пријавен господинот Андреј Жерновски, бидејќи не е тука го губи правото на говор.

Следен за збор е пријавен господинот Чинговски Томе, бидејќи не е тука го губи правото на збор.

Следен за збор е пријавен господинот Марјанчо Николов, бидејќи не е присутен во салата го губи правото за збор.

Следен за збор е пријавен господинот Бесим Догани, бидејќи и тој не е присутен во салата го губи правото на збор.

Следен за збор е пријавен господинот Минчев Горан, бидејќи Горан Минчев не е присутен во салата го губи правото на говор.

За збор е пријавена госпоѓата Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Почитувана госпоѓо потпретседател, почитувани колеги,

Свртете се кон вашите колеги позади и обидете се да ги изброите присутните во салата. Ќе видите дека од парламентарното мнозинство нема, пред една минута немаше ни 15 пратеници, во сала во која не е уверуваат дека говориме за многу важна тема. Пред две минути бројот на пратеници од опозицијата беше поголем отколку бројот на пратеници кои го поддржуваат мнозинството. Еден дел заминаа само за да има оправдување потпретседателот на Собранието да го соопшти истото што го кажа и нашиот координатор. Дека кога видовме колку е беспредметна расправата им порачавме на нашите колеги пратеници да се откажат од дебатата. Е, па сега нека се свртат камерите и нека покажат за каков квалитетен и ефикасен

Парламент се залага парламентарното мнозинство предводено од ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Еден е само ако можам да видам, или две пратенички од ДУИ и од ВМРО-ДПМНЕ десетина пратеници. Сега верувам дека камерата нема да се сврти, ама македонските граѓани од време навреме се свртуваат и на третиот Собраниски канал и гледаат дека приказните кои што ги слушаат од вас изминативе денови и изминативе месеци дека се било по таман, само било проблем што Собранието наводно неефикасно работело, во превод тоа значи не гласало два закони во една секунда дека паѓа во вода.

Јас би сакала да проговорам за неколку работи за кои што мислам како прво дена не ни требаат аргументи. Што мислам дека е тоа.

Прво, на македонската јавност не и треба ниту еден единствен аргумент за да каже и да заклучи дека Собранието не функционира добро, или можеби се лажам. Зарем сметате дека нашето Собрание функционира така како што треба, зарем сметате дека собранискиот дом е навистина претставник на граѓаните и зарем навистина сметате дека мнозинството или сите пратеници реално, одговорно, дисциплинирано си ја вршат својата задача.

Погледнете што ви напишаа откако го донесовте новиот Деловник и се удривте ударнички на работа. Велеа, по лудата трка Собранието заринка. Заринка затоа што буквално тоа ни се случуваше. Наместо усвојување на закони кое што ќе дојде само како круна на добри дебати ние се претворивме во Гинисов рекордер. Кажете ми едно собрание, бидејќи баравте паралели, едно собрание кое за не цели две недели усвоило 174 закони. Кажете ми такво Собрание и јас ќе речам впекиг не сум во право, се повлекувам.

Кажете ми едно единствено собрание кое десет закони ги менува пет пати во текот на шест месеци. Десет закони по пет пати ни се враќаат во Собранието и секој пат министерот вели ова е последен пат, се колнам, ова е најдобриот закон, се колнам и пет пати ова парламентарно мнозинство ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ им верува, не ги чита законите, не прифаќа ниту еден амандман и се однесува како гласачка машина.

За жал почитувани колеги во Македонија со новиот Деловник ние воведовме временска гилотиња. Не воведовме дури ни законска регулаторна гилотиња како што ни ветуваше Владата. Секој ден се поголем и поголем е бројот на погрешни закони. Единствено што воведовте со новиот Деловник тоа е демократска гилотиња.

Демократијата со една одлука на мнозинство пратеници, благодарам не ни треба. Демократската гилотиња е нешто што овој собраниски состав мислев дека ќе сака да го промени.

Значи, прво нема дилеми дека Собранието лошо работи.

Второ, нема дилеми дека ова не е прифатлив Деловник. Дај Боже да донесеме нов Деловник и тој нема да биде идеален, ама ние не сме во потрага по идеалното, ние сме во потрага по пристојното. Ова е непристоен Деловник заради тоа што според кажувањата на сите кои нешто значат, демократската јавност, меѓународната јавност, експертите во Македонија овој Деловник има вродена мана. И, што сакате можете да говорите, можете да велите дека еден пратеник може да биде во еден момент на две места, и во Законодавно-правната комисија и во Комисијата за транспорт и врски, може да биде и на пленарна седница, да се пријавува со копче и да дебатира за својот амандман на друго место, што и да кажете тој факт не може да го порекнете. Вродената мана на овој Деловник е тоа што ова е единствениот Деловник во демократскиот свет кој е усвоен дури и без обид да се направи концензус со опозицијата. Ова е единствен Деловник на демократска, барем така сака сеуште да се дефинира Македонија држава во која тој демократски принцип не е почитуван со градење на консензус во Собранието.

Затоа ако веќе сакате да влечете паралели кој од каде му текне, вратете се во сите европски држави и погледнете дека Македонија е единствен таков случај.

Кога две амбасади во име на многу повеќе амбасади во Македонија ќе ви кажат дека носењето на Деловникот било разочарување, знаете ли што значи кога еден дипломат ќе ви каже дека разочарување нешто било. Тоа значи дека сте направиле кикс и гаф од невидени размери. И вие тие две соопштенија, едно од Американската амбасада, другото од канцеларијата на Европската унија, вие денеска со вашите дискусии, најверојатно и со вашето гласање ги кинете и велите на македонската власт не и е гајле ниту кое е мислењето на развиениот свет, ниту кое е мислењето на НАТО земјите членки, ниту кое е мислењето на евро земјите членки. Зошто, заради тоа што на крајот на краиштата не ви е ни гајле ни за интересите на граѓаните.

Ајде да се потсетиме што се случуваше изминатава година. Овде гледам барем петмина кои присуствуваа на состанокот на Националниот совет за европски интеграции ги имаше со комесарот Рен. Во март месец минатата година Оли Рен дојде и го донесе овој материјал (покажува материјал) еве го и во тој материјал кажа еден од условите Македонија да почне преговори е да донесе нов Деловник во концензус помеѓу власта и опозицијата. Мислите Оли Рен ги заборавил своите зборови? Мислите дека ако фрламе доволно прашина во очи овде дека прашината ќе стигне и до Брисел и дека нема да им текне дека условот кој го поставиле пред не цела година денес веќе никој не сака да го прифати, ниту да го спомене.

Во април месец, крајот на март, Владата ваша, изгласана од вас повторно беше дека излегува со акциски план и во тој акциски план вели ќе донесеме нов Деловник во консензус со

опозицијата. Каде е сега тој акциски план, и тој отиде ад акта заедно со нашите НАТО и европски напори?

Во меѓувреме претседателот на Собранието даде изјава дека згрешивме или дека парламентарното мнозинство згрешило и тоа падна во вода.

Во септември месец кога сеуште имаше време да добиеме подобар извештај од Европската комисија, Националниот совет сугерираше да почнат дискусии помеѓу власта и опозицијата за носење на нов Деловник.

Лично му пишав писмо на господинот Трајко Вељаноски како претседател, на кој сугерирав да почнат преговори околу носење на Деловник. Па, колку месеци треба за да стигне писмото од една во друга канцеларија во Собранието. Пет месеци не се доволни, за да денеска ги слушнав лицемерните коментари на некои пратеници дека не бил сега моментот. Па, кога е моментот колеги пратеници ...

(во салата влегуваат некои пратеници)

гледам добро е, се вративте во салата, кога е моментот? Кога и Европската унија ќе ни ја затвори вратата, како што ни ја затвори НАТО, или да чујам коментари опозицијата не не консултираше за предлогот. Па, пет месеци велиме ајде да седнеме да се договориме, вие пет месеци не сакате да слушнете.

Ако веќе зборуваме за ефикасноста на Собранието мора да го споменеме податокот 27 од платените пратеници во Собранието на Република Македонија или не отвориле уста од изборите наваму, или не поднеле ниту еден закон и ниту еден амандман. Тоа е дефиницијата за ефикасност? Тоа ли е дефиницијата како Собранието треба да работи?

Денеска сме овде во прва фаза и треба да дадеме одговор на многу едноставно прашање - дали во Собранието треба да бидат глави кои колку-толку мислат, или битно е само да имаме доволно прсти кои притискаат? Меѓутоа, податоците се поразителни колеги пратеници. Јас знам дека денеска многу повеќе други работи ве интересираат отколку работите кои ги мачат македонските граѓани, ама сакам да ви поставам едно многу едноставно прашање.

Дали мислите дека е случајно тоа што од изборите до денеска само еден министер за надворешни работи од членка на Европската унија дојде во Скопје. Дали мислите дека е случајно тоа што ниту еден министер од земјите постојани членки на Советот за безбедност дошол во Македонија. Тоа е пораката која што ни ја испраќаат меѓународната заедница и оние од кои што бараме поддршка. Денешното гласање ќе покаже дали тие предупредувања сме ги прифатиле или како по правило во Собранието играме игра на глуви.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен пријавен за збор е пријавен госпоѓа Лилјана Поповска, не е тука го губи правото на збор.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор констатирам дека општата расправа по Предлогот на Деловникот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот на Собранието на Република Македонија не е прифатлив и не може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со извештаите на Комисијата за деловнички и мандатно-имунитетни прашања и на Законодавно-правната комисија како и стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до предлагачите на Деловникот.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници. Од нив за предложениот заклучок гласаа 49 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и против гласаа 15 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 4 - Интерпелација за работата на министерот за финансии господинот Трајко Славески.**

Интерпелацијата Ви е доставена.

Ве известувам дека согласно член 49 став 1 од Деловникот на Собранието претресот по Интерпелацијата трае најмногу еден ден.

Согласно член 48 став 1 од Деловникот на Собранието еден од пратениците што ја поднеле интерпелацијата има право на седница на Собранието да ја образложи во траење од 20 минути.

Дали некој од подносителите сака да ја образложи Интерпелацијата.

Има збор господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитуван министер.

Дојде и точката која што се однесува на работата на министерот за финансии поднесена од страна на пратеничката група на СДСМ во форма на интерпелација.

Почитуван министер, долго време размислувавме дали да ја поднесеме оваа интерпелација долго време како пратеничка група размислувавме дали да ја поднесеме оваа интерпелација, господине министер, од едноставна причина затоа што секоја опозиција би посакала ваков министер за финансии. Колку подолго ја извршувате вашата функција, колку подолго предлагате проекти од Министерството за финансии кои што се неуспешни, верувајте поголем е интересот наш да

останете на таа функција. Меѓутоа, бидејќи како што вели народот ѓаволот ја однел шегата во последните ваши проекти, особено оној на кој што последните денови најмногу се зборува е експериментот бруто плата, кој стана очигледно дека доколку не ве предупредиме да не направите серизни грешки, вашата интенција и понатаму е да го уништувате македонското стопанство и граѓаните, ќе продолжи.

Затоа, решивме да ја поднесеме оваа интерпелација, иако сме свесни дека владеачкото мнозинство ќе ве поддржи и ќе ја отфрли интерпелацијата. Таквата нивна одлука одговорноста за понатамошните лоши, да не речам катастрофални состојби во финансиите на државата, кои што се рефлектираат во економијата, ќе ја сносат и колегите пратеници од владеачкото мнозинство.

Колеги пратеници, ве повикувам на сериозна дебата по однос на интерпелацијата. Ве повикувам да ги согледаме сите проекти кои што ги има поднесено Министерството за финансии до Собранието, а уште повеќе ве повикувам сериозно да ги разгледаме ефектите од истите. Ќе се потрудиме во нашите говори да укажеме да сериозните грешки и промашените проекти на Министерството за финансии. Се надевам дека ќе имате трпение да не сослушате, ќе имате доблест во вашите говори да не го сведите ова на политички маркетинг, туку на сериозна дебата едноставно да укажеме и да согледаме дека вака работата повеќе не оди, во работата на Министерството за финансии.

Директна причина и повод за поднесување на оваа интерпелација е Одлуката на Уставниот суд од 17.12.2008 година со к оја што се укинаа фискалните сметки тн., патриотски. Владата на Република Македонија непосредно пред вонредните парламентарни избори се реши на еден проект за измена на софтверот за изгледот на фискалните сметки да воведе лого на кое што ќе се види колку од вкупниот промет што го правеле граѓаните во трговијата се однесува на македонски производи. За да проектот го спроведат предвидоа и драконски казни кои што се движеа меѓу 4 и 5 илјади евра и сите трговски субјекти беа принудени да го наградат својот софтвер. Се изложија на трошоци од 50 до 200 евра, се изложија на гужви пред компаниите кои што беа овластени да вршат промена на софтверот и тоа во најголемите горештини за на крајот сето ова уставниот суд да го прогласи за незаконско. Од кога Уставниот суд ја донесе одлуката министерот за финансии се обиде во една своја изјава да не се сеќава што предложил на Собранието, па праша за кои патриотски фискални сметки зборувате. Господине министер, кога предлагавте некој закон и кога тој ќе биде неуспешен, бидејќи сте јавна личност треба да понесете и одговорност. Вие се обидовте вината да ја префлрите на Уставниот суд. Се обидовте да не сакате да разговарате за тоа дали ќе ги обештетите трговците. Ги олеснивте за 5,5 милиони евра пари кои тие чесно ги заработиле и намето да ги вложат во бизнисот за понатаму да го развиваат вие им ги земавте со тоа што ги натеравте да ги дадат за наградување на софтверот за фискалните сметки. И ден денес не излеговте како Влада и како Министерство да ја преземете одговорноста и да ги обештетите трговците. Уште полошо сега имате една состојба во која што одлуката е укината, софтверите и понатаму функционираат, а новите трговци кои ќе регистрираат фискални апарати немаат таква обврска. Дали е тоа рамноправен третман на пазарот. Дали им дозволувате на пазарните субјекти да се борат со пазарните законитости. Но, тоа е само еден од проектите кои што вие како Министерство за финансии и како Влада го предложивте, а се покажа неуспешен и Уставниот суд ви го укина. Откога вие сте министер за финансии сите ваши проекти се неуспешни. Последиците од вашите одлуки се штетни. Ќе ве потсетам само на некои.

Првата одлука што ја донесовте и за која што Владата многу се рекламираше е концептот на рамен данок. Ја претставивте како добра, како одлична идеја дека даноците се намалуваат. Но, кога стапи во сила и кога ја проширивте даночната основа по која што се зафаќа и кога фирмите пресметаа видоа дека ќе плаќаат повеќе данок и персонален и данок на добивка. Но, сеуште веруваат дека можеби Министерството за финансии и Владата сепак имаат добри намери да помогнат на стопанството и преку оваа одлука поминаа без многу коментари. Потоа, стасаа вашата одлука за фискализација на зелените пазари. Вие како министер предложивте во претходниот мандат на Собранието измена на Законот за регистрирање на готовинските плаќања со кои што наложивте да има фискализација на зелените пазари. И овој концепт го браневте овде во Собранието. Упорно ни докажувавте дека фискализација има, дека Македонија тоа треба да го направи, дека тоа е некоја обврска која што треба да ја пресемеме кога ќе влеземе во Европската унија. Ние како опозиција и тогаш ви укажувавме вакво нешто не може да спроведете. Поминаа изборите, се решивте да го спроведете вашиот проект. Излегоа луѓето кои што продаваат на пазарите на улица. Тогаш немавте доблест да ја признаете грешката. Од кога се зачестија протестите, од кога почнаа да ги бликираат институциите на системот рековте дека не е потребна фискализација на зелените пазари. Значи, овој проект господине министер, ви пропадна. Можевте и тогаш да најдете решение ако ја слушавте опозицијата и ако ги слушавте луѓето кои продаваат на зелените пазари. Но, вие од позиција на власт со драконски казни, што е пракса на вашата Влада на назад од кога е на власт само да се зголемуваат казните. Мислевте дека ќе успеете, но ви се случи народот и тоа оној народ кој веруваше во вас дека ќе им ги подобрите условите за живеење.

Би сакал да кажам неколку зборови за буџетската политика што ја водите. Од 2006 година од кога сте министер за финансии до 2009 година со последниот предлог на буџетот вие го зголемивте буџетот за 900 милиони евра, пари кои што се извлечени од стопанството. А, пари кои што ги трошите ненаменски за тековни расходи, за реклами, за партиски вработувања, едноставно се однесувате несериозно и неодговорно кон парите на граѓаните. Да ве прашам господине министер колку македонската економија порасна за овие три години. Колку порасна продуктивноста за да можете вие да извлечете толку пари од стопанството. Дали оваа политика е оправдана. Последниот извештај или коментар на ММФ е загрижувачки, поради вашата фискална недисциплина, поради вашето неодговорно трошење на парите на граѓаните вие Република Македонија ќе ја доведете пред банкрот. Ќе ја доведете во ситуација да не може да одговори на своите обврски. Зошто го велам ова? Кои се параметрите кои што денес ги имаме во економијата. Имаме дефицит на тековната сметка од над 800 милиони евра, кој што не е покриен. Имаме дефицит во трговската размена со странство од 2 милијарди 900 милиони евра, највисок во историјата на Република Македонија. Сите препорачуваат и домашните експерти и меѓународната јавност да штедите. Но, вие замислете си на крајот на секоја година 2007 потрошивте за една недела 50 милиони евра. Во 2008 година потрошивте 200 милиони евра на крајот на годината, без да дадете отчет, без да дадете одговор, без некој да ги почувствува ефектите од таквото ваше трошење. Знаете како резултираше тоа, со порастот на дефицитот. Вие со вашата фискална потрошувачка која што е недомаќинска, неодговорна, несериозна, придонесувате да има и инфлација во Република Македонија и да се зголемува дефицитот на тековната сметка. Затоа, за среќа ја имате Народната банка која што мораше да интервенира и да ги ограничи условите за кредитирање на банките. Тоа ќе биде на штета на граѓаните, бидејќи тешко ќе преживеат, ќе не можат да земаат полесно кредити, ќе биде на штета на стопанството, но верувајте ќе се постигне каква таква стабилност. И, како вие одговоривте на сето ова. Упорно како министер давате изјави дека тоа што се зборува не е точно, а бројките упорно ве демантираат. Упорно Македонија тоне надоле, се намалуваат девизните резерви, се зголемува надворешниот долг, предлагате буџет кој што не е реален. Макроекономските показатели на кои што го засновате буџетот не се остварливи. Порастот на бруто домашниот производ од 5,5% не можете да го остварите. Приходите, зголемувањето на приходите по основ на данок на додадена вредност, на персонален данок на доход од 14% не можете да го остварите и вие сега ќе не убедувате дека таквата буџетска политика е исправна. Ќе поминат изборите, ќе потрошите уште неколку милиони за кампањата повторно ненаменски и во брзо време ќе стаса ребалансот на буџетот. Јас искрено се надевам дека тој ребаланс ќе го предложи некој друг министер за финансии, бидејќи очигледно вие не можете да ги водите финансиите на оваа држава.

На крајот, бидејќи времето брзо изминува би сакал да позборувам за вашиот експеримент бруто плата. Успеавте господине министер, да ги надминете и претседателските избори, да ги надминете и сите други настани во Република Македонија, бидејќи проектот бруто плати беше на насловните страници 10 дена во Република Македонија. Меѓутоа, не беше позитивно, беше по негативно, затоа што софтверот не ви функционираше, затоа што не бевте подготвени како Министерство за финансии да го спроведете проектот. Ниту еднаш не се согласивте со тоа дека проектот мора да се одложи. Но, знаете што, гужвите можеби ќе поминат од аспект на функционирањето на софтверот, последиците кои што ќе ги предизвикате со концептот на бруто плати ќе бидат катастрофални за македонското стопанство. Знаете зошто? За 4 месеци голем дел од фирмите во Република Македонија ќе затворат, затоа што ќе не можат во рокот кој што им го предвидовте да исплатат плата. Затоа што, просечната плата ќе ја зголемите на над 30 и две три илјади денари и голем дел од фирмите ќе не можат и на минималната основица да плаќаат плати. И, тоа ќе биде најголемата грешка од вашиот концепт на бруто плати. Но, тогаш ако нас не не слушате, ќе ги слушате работниците кои што ќе ги изгубат своите работни места и кои што ќе дојдат пред вашето Мнистерство затоа што не зеле плата, или затоа што нивните газди ги избркале од работа, бидејќи не можат да ги исплатат платите. Да ве прашам господине министре, дали буџетските корисници сите доставија пресметка до 10-ти во месецот. Дали сите буџетски корисници ќе земат плата до 15-ти или Владата ќе плаќа затезна камата самата на себе. Вие наместо да земете да ги решите проблемите со софтверот излегувате три дена со вакви соопштенија во медиумите. До толку и толку часот биле поднесени толку и толку пресметки. До вчерашниот ден до 12,00 часот биле доставени 40.699, значи уште 20 илјади фирми не доставиле. Меѓутоа, и од овие што се доставени прифатени се 37 илјади, што значи повторно скоро половина од стопанските субјекти не успеале да достават пресметки навреме. И, вие сега, бидејќи ви е потребно заради големиот буџет ќе ги казнувате стопанските субјкети, ќе им пишувате затезна камата ако до 15-ти не исплатат плата и придонеси од 0,03% дневно ќе ги блокирате во нивната работа.

Господине министер, вие со вакви ваши проекти не сте повеќе достоен да ја вршите функцијата министер за финансии. Вие работите на штета на македонските граѓани и нерационално ги трошите нивните пари. Вие треба да имате доблест и сами да си заминете од вашата функција. Вие не покажавте достоинство ни спрема парламентот кога доаѓавте овде да ги браните вашите проекти.

Двапати ги навредувавте колегите пратеници. Затоа, мислам и колеги пратеници оваа интерпелација треба да се прифати, премиерот да ја прифати одговорноста која што Собранието ќе му ја изгласа на министерот за финансии и во брзо време да предложи нов министер за финансии. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас.

Согласно член 48 став 2 од Деловникот на Собранието министерот за финансии господинот Трајко Славески има право на седницата на Собранието да даде устен одговор на поставената интерпелација во траење од 20 минути.

Дали министерот за финансии, господинот Трајко Славески сака да даде устен одговор на поставената интерпелација.

Има збор министерот за финансии господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, јас го ценам секој демократски чин од најдемократската институција во Република Македонија, Македонскиот парламент и понизно пред вас така приоѓам на овие ваши забелешки за мојата работа во изминатиот период. Користејќи го деловничкото право кое ми го дозволува вашиот Деловник, многу ја ценам, ја почитувам можноста да се обратам овде пред вас и да дадам одговор на некои од забелешките. Ќе се задржам претежно на она што беше јадрото, сржта на интерпелацајата, а тоа се однесува на минатогодишната владина иницијатива за промена, за начинот на искажување на прометот со македонски производи на касовите сметки за сторна трансакција, таканаречени фискални сметки.

Почитувани, би било корисно за сите да се потсетиме со една мала ретроспектива на генералниот процес на фискализација во Република Македонија, со оглед на тоа што денешниот повод за мојата интерпелација, поднесена од пратеничката група на СДСМ е базично поврзан со тоа.

Имено, во 2000 година, значи пред 9 години, беше спроведена фискализација на правните субјекти, трговците во Република Македонија. Се работеше за значаен проект кое во тоа време беше предмет на постојана критика од истата партија која денес ја поднесува оваа интерпелација. Беше обид повторно за стандардизација на некои сегменти од платниот промет во Република Македонија, односно регистрација на готовинските плаќања и во тоа време некои земји и од окружувањето беа далеку отишле пред нас, а некои каскаа и подоцна го копираа нашето искуство односно успехот во тој процес. Но со спроведување на таа реформа се покажа дека Република Македонија, и покрај отпорите тогаш на СДСМ која што повторно беше во опозиција, значи се покажа дека Република Македонија може да биде пример за многу земји во регионот како се завршуваат тешките поглавја од транзицијата. Многу од тие земји потоа почнаа да ги користат нашите добри искуства. И тогаш како и денес за некои други реформи кои ги преземаме вашиот одговор беше и е силен и тоа го искажавте овде, но најверојатно по неколку години повторно ќе имаме прилика да погледнеме наназад и да одговориме на овие ваши забелешки, отпори, критики итн. Времето е она што најдобро ќе покаже кој бил во право.

Постојано ги манипулиравте граѓаните во Република Македонија своевремено дека со фискализација само сме сакале дополнително да ги оданочиме и дополнително да им го отежнеме животот. Всушност, тоа го тврдите за секоја покрупна реформа за која што вие немате храброст ниту да се зафатите, а камо ли да ја спроведите. Тоа не се случи. Напротив, времето покажа дека процесот на фискализација беше позитивна придобивка како за граѓаните и компаниите, така и за државата во целина. Да ве потсетам дека во тоа време вие или некои ваши сопартијци најавувавте дека кога ќе дојдете на власт ќе ја укинете фискализацијата, но тоа не го направивте, што сметам дека беше добар знак на разумност од ваша страна.

Почитувани, како земја со висока стапка на невработеност, владите во изминатиот период прибегнувале кон разни мерки, стандардни, нестандардни, комбинирани итн, за намалување на стапката на невработеност. Уште од 1999 година тогашната Влада го започна проектот вДа купуваме домашни производиг, што беше одлично прифатен од страна на граѓаните, бизнис заедницата и невладиниот сектор. Проектот придонесе за потикнување на домашната економија, како и за подигнување на свеста на граѓаните на Република Македонија за бенефициите од купување на домашни производи. Од тогаш почитувани колеги на секоја фискална сметка стои логото сонценце и пишува вда купуваме македонски производиг. Тоа сонценце е широко прифатено кај широката јавност и не му засмета никому, ниту на душегрижниците за нарушување на конкуренцијата во Република Македонија, еднаков пристап до пазарот, слобода на конкуренцијата, ниту на Брисел, ниту на нашиот јужен сосед.

Успешноста на тој проект беше мотив во 2008 година Владата на Република Македонија да предложи уште една мерка во оваа насока, при што го задолжи Министерството за финансии да спроведе активности со кои се дополни изгледот на фискалната сметка со информации за прометот кој е направен од македонски производи. Целта на оваа мерка беше купувачот да добие појасна слика за тоа колку финансиски средства потрошил на домашни производи, колку помогнал да биде зголемено производството во државата и колку помогнал да бидат креирани повеќе работни места. Се разбира, ваквата информација за купени домашни производи воопшто не претставуваше облигациски однос за граѓаните на нашата држава задолжително да

купуваат македонски производи, туку едноставно една информација која ќе им укаже колку средства трошат на домашни производи и со тоа да се влијае и врз нивната свест, во дадена ситуација кога можат да влијаат меѓу слични производи по квалтетна цена да се одлучат за домашно производство.

Од друга страна оваа мерка како своевидна порака требаше да влиае мотивациски кај домашните компании да ја зајакнат својата конкурентност преку зголемување на квалитетот на нивните производи, со што би придонеле уште повеќе да ги придобијат домашните потрошувачи. Се разбира дека ефектите од оваа мерка не очекувавме да се случат преку ноќ, затоа што навиките не се менуваат лесно, во пазарна економија потрошувачот се вели е кралот, но целта беше оваа мерка во комбинација со некои други алати за комуникација во еден догледен период да има позитивно влијание врз однесувањето на потрошувачите во насока на зголемена потрошувачка на домашни производи, што од своја страна ќе има позитивни ефекти врз домашната економија, намалување на увозот односно трговскиот дефицит итн.

Но, почитувани, Уставниот суд на Република Македонија по повод поднесената иницијатива за оценување на уставноста и законитоста, оваа мерка на седница одржана на 17 декември 2008 година, објавена во Службен весник на 25 декември 2008 година, донесе одлука со која укина одредени одредби од Правилникот со кој се воведе обврска за одделно прикажување на прометот со македонски производи и данокот кој отпаѓа на тој промет. Според Судот, неспорно е дека државата има уставно овластување да ја утврдува својата политика во сферата на економијата и даночната политика и за нивното спроведување да утврдува соодветни мерки кои треба да остварат баланс меѓу општите интереси на заедницата за прибирање на планирани приходи од даноци, но истовремено и мерки кои им ги гарантираат правата на субјектите на пазарот, рамноправноста на субјектите на пазарот во правно уредени пазарни односи.

Но, воведувањето, односно пропишувањето на прикажување на прометот на македонски прозиводи на фискалните сметки заедно со логото вДа купуваме македонски производиг, кое да повторам се аплицира на фискалната сметка од почетоците на фискализацијата до сега никому не попречила, според Судот претставувало државна мерка која го стимулира купувањето на домашните производи, а го дестимулира прометот со странските производи. Со таа мерка дошло до нарушување на принципот на слободата на пазарот и со истата, со оглед на државното инволвирање во уредувањето на пазарот на овој начин, кое според Судот е спротивно на член 55 од Уставот, не се обезбедувала рамноправна положба на субјектите на пазарот од причина за секој производ што се наоѓа во легален промет се применува односно се почитува принципот на рамноправност. Според наоѓањето на Судот многу е поважен принципот на рамноправност на пазарните субјекти, независно од потеклото на стоки што ги ставаат во промет, што со ова оспорено решение во подзаконскиот акт не било случај. Со укинатото решение се вршело фаворизирање на македонските производи за сметка на останатите производи на пазарот, со што всушност се вршело и дестимулирање на прометот со странски производи, а со тоа и нарушување на принципот на рамноправност на субјектите на пазарот, спротивно на една од темелните вредности како што смета Судот на уставниот поредок предвиден со член 8 став 1 алинеа 7 и слободата на пазарот и претприемништвото во член 55 од Уставот на Република Македонија.

Се разбира, нема да коментирам одлука на Устваниот суд, но ќе се запрашам зошто Уставниот суд, покрај укинувањето на одредбите од Правилникот со кој се воведе обврска за одделно прикажување на прометот од македонски производи и данокот кој отпаѓа на тој промет, а чие укинување беше побарано со поднесената иницијатива, значи зошто Уставниот суд по службена должност поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста и на изгледот на фискалното лого кое постои на фискалните сметки од 2001 година. Ќе запрашам зошто токму сега на Уставниот суд му попречи да стои логото сонценце, иако истото го има на сметките уште од 2001 година.

Почитувани, во период од неполни 10 месеци на важење на укинатите одредби, а согласно податоците со кои располага Управата за јавни приходи, од околу 65 илјади регистрирани фискални апарати во Република Македонија даночните обврзници извршија промена на софтверот кај околу 40 илјади и 200 фискални апарати. Состојбата би била многу поедноставна, брза и би чинела значително помалку за субјектите кои ја направија промената, а во голем број на случаи бесплатно со оглед на гарнцискиот период доколку се работеше само за корегирање на последната промена, со оглед на тоа што во тој случај постоеше можност за едноставно враќање на стариот софтвер кај фискалните апарати, со што на побезболен начин би се спровела судската одлкука.

Почитувани пратеници, навистина би ценел доколку вие ова го цените. Сакам да ве уверам дека евентуалните материјални ефекти кои што произлегуваат од одлуката на судот речиси исцело се должат на укинувањето на логото кое што на фискалните сметки датира уште од 2001 година. Ние направивме повеќе средби како Министерство за финансии со овластените производители и сервисери на фискалните апарати и тие во ова не уверија.

Но, со оглед на тоа што Уставниот суд, покрај укинувањето на одредбите на Правилникот, со што се воведе обврска за одделно прикажување

на прометот од македонски производи и данокот што отпаѓа на тој промет, Судот како неуставно го прогласи фискалното лого, дојде до потреба за изработка на целосно нов софтвер од страна на овластените дистрибутери на фискалната опрема што ќе треба да се имплементира кај сите даночни обврзници, без оглед дали ја направиле оспорената промена или не.

Несомнено е дека Одлуката на Уставниот суд, почитувани, ќе треба да се спроведе, односно ќе се спроведе во практиката.

Кај правните субјекти кои отпочнуваат нов бизнис или пак прават промена на фискалните апарати од различни причини или зголемување на нивниот број автоматски ќе се инсталира новиот софтвер во кој повеќе нема да се прикажува одвоено износот потрошен за македонски производи и нема да го има логото сонценце. Лично ако дозволите, јас сум малку сентиментален за ова што ќе треба да се направи.

Оттука, да одговорам на духот на интерпелацијата која се однесува на моето наводно однесување по донесената одлука на Уставниот суд. Не знам дали се мисли на неактивност итн, и да ве известам дека веднаш по објавувањето на одлуката на Устаниот суд во Службен весник на Република Македонија, Министерството за финансии со детална инфорамција се обрати до Владата на Република Македонија и Владата на Република Македонија во јануари ја разгледа таа информација и донесе заклучоци со кои, ќе ги прочитам вториот и третиот, все задолжува Министерството за финансии и Управата за јавни приходи да ги преземат сите активности со овластените производители на фискалната опрема да подготват нов софтвер за фискална сметка најдоцна до 31 март 2009 година, кој ќе биде во согласност со одлуката на Уставниот суд.

Промената на новиот софтвер кај даночните обврзници да се врши континуирано и тоа при редовното сервисирање на апаратите или при промена на фискалната меморијаг.

Почитувани, сакам да ве известам дека и по мое лично инсистирање новиот софтвер ќе биде подготвен многу порано од оваа дата која што ја определи Владата на Република Македонија. Повеќе сервисери во средбите што ги имавме ни укажаа односно не информираа дека за сите нивни клиенти за кои што има поставено и одржуваат софтвер за фискалните апарати, а имат склучено договори за сервисирање, тоа е дури обврска на корисниците на фискалните апарати да имаат еден вид на осигурување, да не ги плаќаат инцидентно трошоците, туку да можат бесплатно да ги користат услугите со една фиксна сума што ќе ја платат на почетокот на годината, значи во тие случаи дека тие ќе ја направат интервенцијата бесплатно.

На крајот, почитувани, дозволете да кажам неколку збора за моменталниот контекст во кој се наоѓа светската економија, а е поврзано со прашањето за кое дискутираме денес. Многу земји како што ви е познато некои и официјално најавуваат мерки со кои ќе го промовираат домашното производство со цел полесно да се соочат со предизвиците и тешкотиите кои произлегуваат од глобалната криза, со цел да спречат отпуштање на работници и да ги задржат домашните фирми во производствена кондиција, како и да ја намалат зависноста од увозот. Ова е и ќе биде предмет на дебата за меѓународните трговски релации на билатерално и мултилатерално ниво, но факт е дека кризата ги натера владите активно да размислуваат и да бараат начини како да го заштитат и поттикнат сопственото производство.

Почитувани, овој проект беше искрена намера на Владата на Република Македонија во комбинација на останати политики да промовира мерка која има позитивно влијание на поттикнување на домашното производство, поттикнување на извозот, намалување на дефицитот на надворешно трговскиот биланс и креирање повеќе работни места, преку мотивирање на граѓаните да купуваат домашни производи, но истовремено и иницирање проактивност од страна на домашните компании да ја зголемат конкурентноста и квалитетот и со тоа да ја оправдаат пошироката општествена подршка за поттикнување и развој на македонската економија. Очигледно некому воопшто не му одговара и не го цени ова што претставуваше намера на Владата на Република Македонија.

Почитувани пратеници, јас ќе употребам една библиска изрека. Едно се намерите, друго се ефектите, оттука ваше е да го дадете последниот збор.

Во библијата има една реченица која што вели дека и патот до пеколот е поплочен со најдобри намери. Значи оставам на вас тука да пресудите во врска со контекстот и во врска со тоа што беше изнесено.

Сега во овие 4-5 минути дозволете од она што го прибележав од излагањето на претставникот на пратеничката група на СДСМ да се осврнам на некои други аспекти, како што беше кажано, од моето работење. Нема да се осврнувам на личните дисквалификации, навреди, итн, затоа што мислам дека тоа може да го оставам за некоја друга пригода, не е тука место, како што не беше место и тука да бидат упатени такви дисквалификации, но нема да се впуштам како што реков во намерите и стилот, тоа е работа на стилот. Сепак, не можам, а да не изразам навистина негодување, несогласување, неколегијалност, непочитување кога некој се обвинува вза уништување на македонското стопанство и граѓаните, македонската економија итн,г. Ова се многу тешки квалификации. Ако Македонскиот парламент смета дека во моето досегашно работење како член на Влада на Република Македонија сум одговорен за такво нешто и ако има такво нешто, ве молам укажете ми затоа што вие подобро гледате од мене. Ние

кои сме внатре во работите можеби некои работи или не можеме или не сакаме да ги видиме. Ќе ви бидам благодарен за тоа.

Сите проекти на Министерството за финансии беа посочени како неуспешни, тоа е работа на личен став, повторно нема да го коментирам, судот на јавноста и пред се вашиот тука е суверен и тоа ќе го почитувам, но морам да искажам несогласување дека оние што беа посочени, на пример: зајакнување на фискалната дисциплина, зајакнувањето на дисциплината во платниот промет на Република Македонија, даночните реформи кои што се оценети како многу успешни и од меѓународни експерти и меѓународни институции, фактот што е во едно нестабилно окружување, фактот што кога земји членки на Европската унија паднаа на колена, Романија ја моли завчера Европската унија за помош од 6 милијарди евра, Република Македонија односно македонското стопанство со мерките на оваа Влада, некои спроведувани и преку Министерството за финансии успева, секако не без цена, во една од најтешките финансиски економски кризи на столетието, да обезбеди нужна виталност на македонската економија.

За буџетската политика, експанзивност, соодноc со бруто домашниот производ сме имале прилика во многу наврати тука да дискутираме, да разговараме. Факт е дека даночното оптоварување во Република Македонија е намалено.

Почитувани, јас нема да се обратам до господинот Николов, една работа треба да се разбере дека фирмите и претпријатијата не плаќаат даноци, луѓето плаќаат даноци. Ова е малку тешко да се разбере. Во пазарна економија фирмите имаат свои сопственици. Без разлика каков данок или за каков данок станува збор, во краен случај секој данок е насочен кон конкретна жива човекова личност. Корпорациите и фирмите кои се само една обвивка на тие односи што се воспоставуваат интерно и со надворешниот свет во правниот промет не плаќаат даноци. Даноците во Република Македонија се намалени и тоа е факт. Сега се намалени од 1 јануари придонесите. Како што беа оценети неуспешни или за неуспешни сите големи проекти за кои како што реков треба храброст, треба координација, треба преземање на ризик затоа што засегаат речиси до последниот граѓанин на Република Македонија, така се фрла со дрвја и камења, се плука по реформата наречена бруто плата.

Почитувани, заклучно со вчерашниот ден да ве известам дека над 51 илјада претпријатија во Република Македонија односно субјекти заради тоа што не се сите претпријатија, затоа што и болниците доставуваат пресметки за плати, доставиле пресметки и најголемиот дел од нив се одобрени. Значи во текот на денешниот ден десетици илјади претпријатија, врз основа на тоа, веќе ги исплаќаат платите, како што тоа го правеле во минатото, во изминатите неколку дена. Времето ќе покаже повторно кој бил во право, но сметам дека ова ќе биде една од најзначајните и најуспешните реформи во Република Македонија која што ќе среди многу односи и ќе помогне во или на патот на Република Македонија кон Европската унија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Отворам претрес согласно дадениот редослед на пратениците по пратенички групи и пратеници кои не се организирани во пратеничка група, а ќе учествуваат во претресот, му давам збор на пратеникот Јани Макрадули, повлете.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе, г-дине министер навистина нема да кажам ништо ново, ако кажам дека апсолутно, сум разочаран од вашиот одговор на интерпелацијата, бидејќи 6 и по минути зборувавте, ја читавте одлука на Уставниот суд и не објаснивте за причините што ве натерало да ја донесете таа мерка. Рековте дека тоа била владина иницијатива, значи ретерирате, не е иницијатива на Министерството за финансии и дека Собранието донело закон. Зборувавте за историја. Уште само не не потсетивте дали Хунзите го вовеле тој систем и вие сте го повториле. Се вадите на Владата, а кога ја воведувате мерката, се фалевте дека е ваша. Јас ќе зборувам исклучиво за патриотските каси, освен овие 30 секунди сега, бидејќи таков е законот, да го пријавам генералниот секретар на Собранието дека не го испочитувал Законот за исплата на плати и задолжително осигурување од придонеси и да преземете мерки, бидејќи пресметката на платата за пратениците не е точна и не е онака како што вие во закон сте ја донеле, да не бидам казнет со 1000 евра бидејќи не сум го пријавил работодавецот, го пријавувам г-динот Жарко Денковски како генерален секретар дека е грешно пресметана платата за сите пратеници во Собранието, по членот 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите, не е почитуван ставот 2. Затоа јас реков исклучиво ќе зборувам за фискалните патриотски сметки. Инаку, вие г-дине министер требаше да си заминете уште во ноември 2006 година, кога на пратеничкото прашање колку чини кампањата винвестирајте во Македонијаг, рековте цитирам: вне знам, тоа е кампања на Владатаг. Кога во една држава министерот за финансии не знае колку чини кампањата на Владата каде што тој е министер, а само вие го имате клучот од касата на граѓаните и парите што се собираат во Буџетот, не останува ништо друго отколку да се повлечете од таа функција. Но, останавте упорен и арогантен онаков каков што ви беше и настапот. Инаку, јас точно знам или ќе му посочам на колегата Марјанчо Николов, зошто вие на новинарското прашање што се случува со патриотските каси кажавте не знам кои се тие патриотски каси, затоа што ВМРО ДПМНЕ овие 2 и пол години и порано не донела ниту еден патриотски потез во Република Македонија. Не донела ниту еден патриотски потез од кој што граѓаните на Република Македонија живеат подобро. Бидејќи

не знаете да направите патриотски потез, нормално не знаете кои се тие патриотски каси и овие каси незаслужено го носат епитетот патриотски, бидејќи најмалку од се се патриотски. Удираат по џебот на граѓаните, а сега гледам дека ќе им земете по вашата изјава уште 5 милиони евра зошто ќе се менувало логото на фискалните каси. Оваа мерка што ја воведовте е нелогична и неевропска. Се обидовте тоа да го објаснувате со некоја кампања во Ирска. Ме радува што денеска за тоа не зборувате, бидејќи Европскиот суд на правдата ја поништи одлуката купувајте ирски производи. Она што е заедничко исто со Ирска што таму прометот на домашни производи за време на кампањата падна за 6%. Кај нас е ист случајот. Увозот е зголемен, како на храната, така и на облеката. Тоа е мерката. Тоа бевте вие должни да го зборувате денес, дека за жал, оштетени се граѓаните. Вие требаше денес да кажете јас не си одам, во ред, ама како на граѓаните ќе им вратите 6 милиони евра и плус индиректните трошоци што се подалекусежни како ќе им ги вратите.

Министерството за финансии, бидејќи тие ја воведоа оваа мерка велеа цитирам, на 27 јуни мерката е дел од кампањата за наше добро. Има цел да ја поттикне свеста кај луѓето да купуваат што повеќе македонски производи. Еве една фискална сметка. Паркинг услуга, промет од македонски производи нула. Чиј е паркингот. На некој странец? Или оваа сметка да ја видиме Дневник, Вест, Време, Битолско за варење, кравјо кисело Бучин, јогурт битолски, бел леб, промет вкупно 237, прометот од македонски 122. Кој производ овде не е македонски? Или свеста ја подигавте на тоа ниво што човек кога ќе отиде да купи хамбургер, бидејќи тој не знае какви се производите, кога ќе го добие производот и ја гледа сметката, гледа кашкавалот бил странски. Го вади кашкавалот од хамбургерот и вели слушај, дај ми македонски. Толку глупа мерка што не донела никаков ефект, туку доела само штета, може да донесе само непатриотска Влада, предводена од непатриотски како премер, така и министер за финансии. Имам уште една сметка ако сакате и оваа да ви ја дадам. Значи, никаков ефект. Вие кога одите да купувате производ кога отпосле на сметка ќе ги добиете кои се македонските, кои се странските производи, ги враќате? Или кога одите на бербер ќе ве потстриже и после во сметката ќе видите дека кремата што ја користел во подготовката на вашата добра фризура, како името на вашиот спот како што вие рековте го режиравте тогаш, ќе речете ау, сте користеле шамон од странско производство, вратете се назад па додајте ми ја фризурата од почеток. Или најголемата глупост што ги натеравте со ваше соопштение исто дека и странските импортери на автомобили мора да воведат фискална патриотска каса. И сега замислете претставништвото од Мерцедес или некое друго се јавува во централата и вели ми требаат 200 евра дополителен трошок. Зошто? Па вели да мораме да кажеме кои се домашни производи. И приво тој од централата ќе рече овој со 200 евра на ситно нешто ска да ме ували. Како на некои во Европа ќе му објасните дека за Мерцедес тој треба да објасни кој дел од мерцедесот е со македонски производи. Мислам дека оваа мерка ниту постигна ефект, само збогативте луѓе кои што потоа беа нормално, дел од владините поддржувачи за време на кампањата кои што ве поддржаа и финансиски. Денеска вие рековте дека сами сте одлучиле со овластените дистрибутери цитирам, да го направат софтверот. Кои се тоа овластени дистрибутери? Што се случи со оние што пропаднаа и дали го исполнуваат законскиот услов да бидат онолку колку што во законот се предвидува. И нормално, ќе му ги дадете на единствениот што остана да го прави софтверот. Ниту тендер, ниту распишувате постапка, туку се јавувате на партискиот поддржувач. Слушај, направи еден софтвер до 31 март, уште едно 5 милиони евра ќе им земеме на луѓето. И после, патот до пеколот бил поплочен со добри намери. Па половина Македонија е во пеколот од мерките. 14 илјади луѓе не одат на работа, бидејќи вие добро се справувате со светската економска криза. Вие не гледате дека има редици, дека има незадоволство. Сител ли гледате, што гледате? Не гледате дека се случуваат проблеми во Република Македонија, млекото дека се истура по улици? И вие сега ќе частите нова компанија со 5 милиони евра, а ве премолија луѓето 3 милиони евра за млекопроизводителите да дадете, вие само ќотек им дадовте. И после, зборуваме за безпатриотски каси од пендреците на Гордана Јанкулоска. Вие денеска почитуван г-дине министре мораше да одговорите како и кога ќе им вратите 5 милиони евра на сите фирми кои што ги натеравте да вградат нешто што не е ниту европско, се коси со европските директиви, ниту е логично, бидејќи ефектот е нула. Тоа е вашата задача. Немате доблест да понесете политичка одговорност, тоа останува да го цени јавноста. Тоа го побара од вас Здружението на потрошувачи, го побара од вас Транспарентност Македонија да ја понесете политичката одговорност. Вие тоа не сакате да го направите. Ама она што е побитно да им ги вратите на вашиот бербер, на вашата бакалница парите што ги дале за ваков непатриотски, непромислен со нула ефект потез. И се надевам дека пратениците на ВМРО ДПМНЕ ќе се потсетат дека министерот Славески кажа и нешто друго. Јас не знам за патриотските каси, Собранието го донесе законот. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** За реплика е пријавен министерот за финансии г-динот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе, јас станав за збор само од нешто што сум научил дека отсутни од салата не треба да се напаѓаат, дека важат некои други правила, но можеби важи обратното дека отсутните треба да се бранат. Јас станав во одбрана на г-динот Жарко Денковски, кој што заради непознавање на законите кои што

ги носи овој Парламент беше јавно повикан да понесе одговорност, односно беше јавно пријавен, затоа што пријавите и да се пријави се поднесуваат на друг начин.

Значи, почитувани, за јавноста да кажам, затоа што постојано СДСМ и самиот директно и индиректно преку хушкање и поттикнување на други злоупотреби, се со цел да наштети на реформите шири дезинформации. Значи, овде дознавме сега преку г-динот Јани Макрадули, јас не го знаев тој податок, затоа што не можам да знам за сите буџетски корисници дека буџетскиот корисник Собрание на Република Македонија преку Генералниот секретар доставило во рокот пресметка и со тоа си ја исполнило законската обврска. Почитуван г-дине Макрадули, секој вработен според законот е должен да го пријави работодавачот, доколку не му е обезбеден доказ за платени придонеси за задолжително социјално осигурување. Според Законот за работни односи и тоа не е никаква новина, платите во Република Македонија треба да се исплатат до 15-ти во месецот. Претходно беше спомнато во една друга дискусија дека наводно сега со оваа мерка, многу фирми ќе биле доведени во опасност да престанат со своето работење. За што зборуваме ние овде почитувани пратеници? Јас навистина не се чуствувам пријатно кога слушам дека пратениците поттикнуваат на непочитување на законите. Години со ред, во Република Македонија во Законот за раотни односи постои одредба дека работодавачите се должни платите да ги исплатат до 15-ти јануари. Ние за да дадеме малку повеќе простор во првата верзија на Законот, предложивме дека тоа може да биде до крајот на месецот. Но реагираше, или реагираа синдикатите. И по барање на синдикатите повторно ја поставивме датата 15-ти во месецот како дата според која што според законите во Република Македонија, оној што се нафатил со водење на бизнис, треба да ги подмири своите обврски кон тие што му даваат услуги од работниот однос. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам. За контра реплика се јави г-динот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули:** Министре ако некој ги почитува законите и се бори, тоа сме ние од опозицијата. Прекршочни одредби неправилно ја подготви пресметката и уплатата на придонесите. Има ли таква одредба? За таа зборувам министре. Еве закон член 1, став 2, начинот како се добива новата бруто од нето од декември. Еве ја исплатата на платите што ни е дадена од декември за јануар. Јас ви кажувам таа е погрешна. Не дали е до 15-ти. Кој ви кажа тоа? И согласно закон, во кој што треба ако е погрешно пресметана, придонесите, да се пријави согласно законот. Какво скукушкање, какви бакрачи. Гледајте дека некој не го почитува законот вие што сте го предложиле. Јас за тоа зборувам. Начинот на пресметка како се доаѓа до бруто платата.

**Трајко Вељаноски:** Следен за збор по однос на интерпелацијата е г-динот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги, ние денес овде зборуваме за интерпелација на министерот, д-р Трајко Славеси. Јас не можам да разберам зошто е покрената една ваква интерпелација против министерот кој спроведе еден голем број успешни реформи во изминатите 2 и пол години. Реформи кои во времето на владеењето на СДСМ немаше храброст ни да ги помисли, да ги предложи, а не да ги спроведе. Ги има толку мнгу што 10 минути не се доволни. Јас ќе пробам да спомнам само некои од нив. Очекувам дека ќе имаме можност да ги чуеме во денешното излагање сите тие кои што се спомнати. Еден од најглавните е јавниот долг на Република Македонија за периодот од министерувањето на почитуваиот министер. Во периодот од 2006 до 2008 година се забележува намалување на јавниот долг на Република Македонија. Во тој период јавниот долг е намален за 161,45 милиони евра, што во однос на бруто домашниот производ претставува пад за над 11% поени, односно од 39,9 % во декември 2006, јавниот долг се намалува на 28 од бруто домашниот производ до крајот на 2008 година. Ова намалување на јавниот долг е воглавно резултат на низата спроведени операции за предвремен откуп на долг што Министерството за финансии го изврши во текот на 2007 година. Се реализираше откуп на долг во вкупен износ од 245 милиони евра, а предмет на откуп беа долговите кон Парискиот клуб од 77 милиони евра, Меѓународниот монетарен фонд од 32,8 милиони евра, Меѓународната банка за обнова и развој во износ од 96 милиони евра, Европската инвестициона банка во износ од 6,82 милиони евра, обврзницата за санација на Стопанска банка во износ од 21 милион и обврзницата издадена за покривање на загубата на Народната банка во износ од 716 милиони денари односно преку 11 милиони евра. Целта поради која се премина кон активно управување со јавниот долг беше заради искористување на депозитите на Владата на Република Македонија за кои во тоа време се добиваше годишна камата од само 0,7%. Преку операциите на предвремен отку се изврши отлаќање на долгот од Буџетот на Република Македонија за што требаше да се плати кон кредиторите каматен трошок кој за некои достигнуваше и повеќ од 9,5% на годишно ниво. И, како резултат на реализираните операции на предвремен откуп на долгот се оствариja каматни заштеди во Буџетот на Република Македонија за 2007 година, како и за Буџетот за следните години од преку 51 милион евра. Тоа се средства кои Република Македонија наместо да ги одвојува во Буџетот за плаќање на камати, денес ги пренаменува за реализација на капитални инвестиции.

Втор елемент кој што треба да го спомнеме е моделот на данок на добивка. Знаеме дека со оваа мерка се ослободени дополнителни

ликвидни средства за компаниите кои се неопходни за понатамошни инвестиции. Тоа е еден успешен Естонски модел што се дава можност постојните инвеститори во овие кризни времиња бараат најдобри можни начини, можни услови да го алоцираат својот капитал во овие тешки услови.

Третиот, можеби најбитниот момент кој што го воведе овој министер е бруто платата за која што би се задржал најповеќе во моето излагање. Со цел намалување на даночното оптоварување и намалување на административниот товар на претпријатијата односно во насока на создавање на транспарентен систем со лесно препознатливи трошоци за работна сила, Владата отпочна една од најсуштинските реформи на системот која било кога е спроведена во Република Македонија. Таа реформа ја координираше министерот Славески. Како што знаеме имплементацијата на оваа реформа започна при крајот на минатата година со донесувањето на сетот закони од страна на ова Собрание, а практичната реализација веќе тече од почетокот на оваа година. Таа се состои од целосно хармонизирање на основицата за плаќање на придонеси, намалување на минималната основица за плаќање на социјални придонеси од 65 на 50%, намалување на стапките на социјалните придонеси од 32 на 27% и понатаму до 22% во 2011 година. Воведување на концепт на исплата на бруто плата на работниците и интегрирана наплата на придонесите за социјално осигурување и персоналниот данок на доход во Управата за јавни приходи.

Со усогласувањето и интегрирањето на основиците, преслетките и наплатата на социјалните придонеси ќе се олесни административниот товар врз претпријатијата, со тоа што пресметката нема да се врши на различна основа за различни придонеси како што беше досега. Со оваа мерка ќе се создаде добра основа за поажурно следење и поедноставно контролирање на плаќањето на придонесите од страна на надлежните институции и рамноправна конкуренција помеѓу економските субјекти. Намалувањето на минималната основица од која што се плаќаат придоенсите ќе обезбеди прогресивност на системот за оданочување и ќе придонесе за намалување на платниот јаз особено кај пониските нивоа на плати. Пониската минимална основица до одреден степен ќе влијае стимулативно врз работодавачите да ги пријавуваат како вработени и социјално да ги осигуруваат работниците, а посебно во гранките кои што се со ниски плати. Со промената на пресметката и концептот на исплата на плата, обврзник на плаќање на придонесите за задолжително социјално осигурување станува работникот, а работодавачот ќе ги уплатува придонесите во име и за сметка на работникот. Работниците ќе имаат целосен увид во тоа дали е исполнета нивната обврска и ќе имаат поголем интерес да вршат притисок врз работодавачот за да ги уплатува придонесите што до сега не беше редовна појава. Платените придонеси ќе бидат прикажани на заверена писмена пресметка за плата за секој работник. Како што кажав претходно се работи за една од насложените и најсеопфатни реформи кои било кога се спроведени во Република Македонија, реформа за која е потребна силна политичка храброст, но и знаење за да биде спроведена, нешто што до сега вие почитувани опозиционери додека бевте на власт го немавте ни едното, ни другото. Затоа не случајно Македонија е меѓу последните земји од регионот која ја спроведува оваа реформа. За разлика од вас ние имаме пред нас човек кој што вие го оцрнувате, кој имаше храброст и покрај сите ризици да ја преземе одговорноста и да го отпочне спроведувањето на оваа суштинска реформа со која Република Македонија ќе стане функционална пазарна економија. Но, по обичај секогаш кога се работи за некој прогрес во државата, вие со сите сили на секој начин се обидувате тоа да го спречите. И покрај тоа што се знаеше дека на почетокот ќе има одредени тешкотии, она што и вие пред малку го спомнувавте, како што впрочем е со сите значајни промени во кои се вклучени многу субјекти со подметнување и шпекулации пласирани и подметнати во јавноста по секоја цена сакате да ја спречите и да ја срушите оваа реформа.

Како наводен експерт за информатички технологии претходниот дискутант изјавува дека

Требало некој одреден тест период од не знам колку месеци за да се коригираат одредени грешки во софтверот, иако е познато дека тоа може да се провери само во пракса, дека воведувањето на било кој нов, а особено сложен софтверски систем може да се случи единствено во реалноста и притоа да се отстранат одредени недостатоци. Тоа се прави секојдневно и за тоа сме сведоци дека институциите се максимално ангажирани. Се друго е сеење само магла од наводни експерти кои заради стравот од неуспех никогаш во животот не спровеле нешто во реалноста.

Почитувани колеги, ќе успее и оваа реформа како што успеаа воведувањето на ДДВ, реформата на платниот систем, воведувањето на трансакциските сметки, промоцијата на безготовинското плаќање, намалените даноци и ред други реформи кои ги спроведува ВМРО ДПМНЕ кога е на власт, а чии придобивки ги уживаат сите граѓани на Република Македонија. Затоа почитувани колеги сметам дека со поднесувањето на интерпелацијата на министерот Славески и покрај тоа што го користите ваШето демократско деловничко право, вие правите една огромна грешка. Сакате да отстраните човек кој е чесен, работлив и кој направи значајни реформи во Министерството за финансии. За спроведување на ваквите реформи потребни се знаење, посветеност, беспрекорна работа и политичка храброст, односно сето она кое ви недостасуваше на вас додека вие бевте на власт. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика е јавен господинот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов**: Благодарам.

На колегата Ратко Димитровски ќе му реплицирам само околу бруто платата. Рековте дека треба да се достави заверена пресметка. Ајде проверете во пресметката што ја добивте дали е заверена од Собранието? Значи, не се почитува законот. Реформата беше најавена како поефикасно, подобро и полесно за сите. Дали е поефикасно? Не. Дали е полесно? Десет дена не може да профункционира системот.

И сега околу она што велите подобро. Вие упорно велите, правиме реформи, правиме реформи, но ние велиме, од тие реформи треба да има ефекти. Знаете кои први ги почувствуваа ефектите од реформите? Трговците поединци, уметниците и адвокатите. Им ја зголемивте основицата и придонесите за над 50%. Трговците поединци сега плаќаат од 3.500 до 4.000 илјади денари повеќе придонеси. Знаете ли кои се тие? Тие се што држат по една тезга за да преживеат. За уметниците и за адвокатите определивте по две просечни плати. На која основа го утврди Министерството тоа? А ги ослободи оние што земаат над 4 просечни плати од давачки. И вие сега ќе ни кажувате дека ќе било полесно. И она што е најлошо господине Ратко Димитровски, ова е почеток на реформата. За 3 месеци просечната плата знаете колку ќе биде? За 20% повеќе и колку ќе се зголемат давачките. И така и помагате на македонската економија? Каде ќе ги најдат работодавците парите? И она што е ставено до 15-ти да се платат платите и придонесите, инаку ќе се задолжат фирмите. Има претпријатија што добиваат дознаки после 15-ти. Сега министерот се обиде да се извади тука, да ни кажува, многу се грижел за работниците. Па ако се грижевте за работниците, немаше да донесете таков Закон за работни односи. Едноставно не сакаме да зборуваме дека вие се обидувате нешто да направите. Зборуваме за ефектите. До сега ги нема, или се негативни и треба некој да понесе одговорност. А добрите намери, секој има добри намери. Но, треба да има и доблест кога тие добри намери ќе се преточат во лоши ефекти да си ја поднесе одговорноста, ништо повеќе.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Ратко Димитровски.

**Ратко Димитровски**: Благодарам претседателе.

Мислам дека еднострано ги гледаме работите и заради тоа токму тука е концептот на разликите помеѓу ВМРО ДПМНЕ и СДСМ.

Јас во моето излагање кажав дека со оваа реформа се намалуваат основиците на повеќето од вработените во Република Македонија, особено кај оние со ниски лични примања. Едната работа која што вие не ја кажавте во својата реплика.

Вториот момент кој што исто така е кажан во законските одредби дека само за првата година, значи само за оваа година социјалните придонеси се намалуваат од 32% на 27%. Тоа се факти и тоа е вистината. Ако некој до сега имал начин да не ги плаќа од 10 до 15 не ги исплатува платите, тоа е третата работа која што е обврзана за секој вработен во Република Македонија. Да видиме дали ќе успеете и овој начин да го негирате, односно и тоа да го кажете како негативна работа во овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Радмила Шеќеринска, повелете.

**Радмила Шеќеринска**: Благодарам.

За политиките треба и мора да се разликуваме и тоа не е ништо страшно. за фактите очекував дека нема да се разликуваме, бидејќи фактите би требало да доаѓаат од страна на релевантни институции. И затоа ме чуди колега пратеник, што дури и во една пишана дискусија тврдевте работи кои што не се точни. И сакам да ве прашам, дали кварталните извештаи на Народна банка на Република Македонија не се точни? И дали не е точен податокот дека надворешниот долг на Македонија денеска, односно се извинувам на крајот на 2008 година последниот расположив податок изнесува 559 милиони евра, а во моментот кога ја земавте власта шести месец 2006 година изнесуваше 233 милиони, или ќе тврдите денеска на собраниската седница дека 559 е помалку од 233. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави господинот Ратко Димитровски, повелете.

**Ратко Димитровски**: Благодарам претседателе.

Очигледно е дека се разликуваме во приодот на работите, односно во она што го искажуваме. Јас напоменав дека во овој период е намален јавниот долг од 161 милион евра. Значи, од оние средства кои што ги издвојувавме од буџетот како задолжителна резерва на Владата и за кои плаќавме камати од преку 9%, ние тие средства ги издвоивме за да можеме да ги употребиме за капитални инвестиции. Така што за сосема различни концепти зборуваме, почитувана колешке.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редоследот следен за збор е госпоѓа Радмила Шеќеринска, повелете.

**Радмила Шеќеринска**: Благодарам господине претседател.

Патем речено господине пратеник бројките не можеме да ги смениме кога не ни се допаѓаат. И тие покажуваат дека тезата која ја влечевте во првиот дел од вашата дискусија не е точна. Сакам да дискутирам за интерпелацијата на министерот и сакам да се осврнам на неколку точки кои што и до сега беа споменати.

Сакам да кажам навистина господине министер дека сум разочарана и не очекувам и не очекував да добиеме образложение, или одговор на интерпелацијата каква што ја добивме. Навистина

сметам дека ваквото отсуство на елементарна пристојност министерот за финансии да се занимава со вистинските финансиски проблеми и на граѓаните и на државата, не е во ред. И ќе кажам зошто тоа го велам. Само за потсетување, Македонија денеска не е засегната само од проблемот наречен патриотски сметки и од концептот бруто плата кој лошо се реализира. Македонија денеска е зафатена со сериозна финансиско економска криза која не е само увезена од надвор. И сметам дека е непримерно што македонската Влада на тие теми не разговарам сериозно ниту со Парламентот , ниту со оние кои што се најмногу засегнати. Само за потсетување господине министер вие бевте единствениот во Македонија кој кажа дека нема место за паника минатата година и дури уште повеќе не утешивте дека ваквите кризи можат да бидат добредојдени за економии како македонската. Тоа беше во октомври, ноември месец 2008 година. Денеска секој економски показател кој не ви оди на рака, вие го правдате со економската криза. Велите, треба да бидеме среќни ако не отидеме во рецесија, велите треба да бидеме среќни ако економскиот раст не е нула. Или вашиот повисоко рангиран колега вицепремиерот Ставрески вели дека треба лото ливче да уплатиме. Можеби ќе биде порастот 5, можеби ќе биде 3, можеби ќе биде 1 %.

Почитуван господине министер, мислам дека податоците за македонската економија не само од јануари месец 2009 година веќе се загрижувачки. Во 2008 година просечната стапка на инфлација изнесуваше 8,3 %. И вие и тогаш се потрудивте да кажете дека тоа е резулатат на тренд што го зафатил целиот свет. А притоа не кажавте дека инфлацијата во евро зоната изнесува 1 %, 1,5%. Европската унија или набавува храна и енергија од некоја друга планета, или Македонија нешто лошо работи. Инфлацијата најповеќе ги удри нормално тие кои што се најпогодени, насиромашни чија што цела плата оди на задоволување само на основните потреби. Инфлацијата и во првиот, па и во вториот дел од 2008 година е проблем кој веќе го зема својот данок кај најзагрозените слоеви во македонското општество. Меѓутоа проблемите не застануваат само тука. Бруто инвестициите од информациите кои што се официјални, сега читам достапни сеуште на интернет, бруто инвестициите имаат значително намален придонес, забавен раст на инвестициска активност. Вие сите важни гранки преработувачка индустрија, производство на основни метали, тутунска, металопреработувачка индустрија, индустрија за облека во сите имате пад на индистриското производство. На годишна основа од септември навака секој месец имате забавување на економската активност. Економската криза во октомври уште вие не ја признававте дека постои. Значи уште во 2008 година почнаа ркулците да излегуваат на површина од сериозната македонска економска криза. И наместо да се занимавате со тоа вие презедовте според мене и по моја дефиниција таканаречени типични ВМРО-овски ударнички акции кој немаат никаква врска со реформи. И затоа сакам на тие две прашања да се осврнам малку повеќе.

Првото е она што вие го нарекувате патриотски сметки, јас ќе кажам зошто таквата фомулација апсолутно не ја прифаќам. Патриотските сметки според ваша дефиниција ги воведовте за да граѓаните малку повеќе внимание обрнуваат на македонското производство и за да кога ќе влезат во продавница место да купат еден производ од бугарско, српско, англиско-британско производство да купат македонски. Се случи проблем. Голем дел од нас ве послушаа, купувавме Сведмилк, видовме дека парите не оделе кај оние кои што го произведуваат млекото, не знаеме уште во чии џебови завршиле. Меѓутоа ајде да видиме дали таа реформа, како што вие ја нарекувате, даде барем еден резултат. Одлуката на Уставниот суд мене ми е јасна и јас за разлика од вас навистина нема да ја коментирам. Уставниот суд си го постави прашањето дали е ова во согласност со Уставот.Не, не е. Овде некој прво треба да побара одговорност и во Собранието од службите и од оние кои што во Законодавно-правната комисија велат во согласност е со Уставот да побара одговорност зошто тоа не било точно. Треба некој во Владата да понесе одговорност ако кажал дека ова е во согласност со Уставот. Меѓутоа еве во моментов мислам дека тоа е помалку важно. Ако Уставниот суд вели дека не е законски, ајде вие како економист кажете дали е економски оправдано. Сега ќе ви прочитам уште еден официјален податок. На кумулативна основа во периодот јануари-ноември 2008 година дефицитот во трговската размена се зголеми за 53,3% на годишна основа, при што увозот растеше повеќе од извозот. Е сега почитуван министер, навистина сметам дека е срамота што се криете зад правни читања на одлуката на Уставниот суд. Демек не биле во право заради тоа што го укинале едното, ама не го укинале другото.

Почитуван министер, една од вашите најкрупни и најскапи реформи падна во корпа. Единствениот проблем е што вие не ја плаќате цената сега за сега, туку ја плаќаат граѓаните. И продолжува праксата да се јуначите, ама на туѓ грб.

Почитуван министер, во вакви услови на страна законските прашања вие треба да понесете одговорност заради тоа што вашиот проект не помина на економскиот тест. Вие велевте: ќе инвестираат граЃаните, ќе инвестираат фирмите ама ефектот ќе биде повеќе македонски производи ќе се купуваат. А ние гледаме единствениот ефект е повеќе странски производи да се увезуваат. И сметам дека само за ова прашање требаше јавно да ја признаете својата одговорност.

Зошто сметам дека не е коректно ова да го нарекуваме, овој проект патриотски сметки? Затоа што зад патриотските сметки не стоеа патриотски интереси. Дали знаете господине министер, јас ја

немам информацијата, вие ќе ми помогнете, дали знаете софтверот кој што е изработен за фискалните апарати за в Купувајте македонски производиг , дали е македонски производ, или е бугарски? Според информациите кои беа присутни во јавноста и кои дојдоа до мене, се работи за туѓ странски увезен софтвер. Како очекувате граѓаните да велат: Ќе даваме по 50, или по 100 евра за да подржуваме македонски производи, а софтверот кој вие им го наметнувате да го користат, бидејќи има само неколку фирми кои го продаваат, тој да не е македонски, или македонските софтверски фирми не се доволно патриотски за вас. Она што го споменавте вие е точно. Многу влади низ светот денеска се борат да го зголемат сопственото производство и да го зголемат и зачуваат секое работно место.

Господине министре, тие тоа го прават не со промоција на македонски или туѓи производи. Тие тоа го прават со пари. Ќе ги видиш каде се парите таму се интересите. Ако вие сте навистина сте заинтересирани за зачувување на македонските работни места и зачувување на македонските бизниси, сакав да видам Буџетот да ја отсликува таа реалност. Македонија е единствената држава во светот која во Буџетот не интервенираше за да даде дополнително на македонските фирми. Единствена фирма која денеска добива пари, за да отвори или зачува работни места е само Џонсон Контрол. Зошто таа можност не им ја давате на неколку сектори кои што се нај потресени, нај удрени, нај загрозени од македонската и од светската криза. Е тоа е патриотска политика, а не е патриотска политика некој друг да ги дава парите. Вие споменавте дека не се оданочуваат фирми, туку се оданочуваат луѓе. Ама господине министре важи и другото, а тоа е дека кога се плаќаат софтвери не се богатат фирмите, туку повторно се богатат некои луѓе. И сакам денеска да ми дадете уште еден конкретен одговор, дали е точно дека некои од овие фирми учествуваа и во финансирање на вашата партија. Дали е точно дека подарокот кој што го добија од 5, 6 или повеќе милиони евра, всушност завршува и во патртиските каси. Се до тогаш патриотските сметки, ќе станат антимакедонски сметки.

За концептот за бруто плата заради времето нема да говорам, меѓутоа само едно ќе кажам. Господине министре никој не ја спори реформата. Овде ја спориме неспособноста, реформата да се изведе така како што треба без гужвите, без турканиците и без економската цена која ја плаќаат фирмите и вработените.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е јавен министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Има методологија на економската анализа, тоа се учи од средни училишта, факултети и т.н. Секако дека не треба човек да биде професионален економист, треба да биде коректен кога користи погрешна методологија со цел да докаже нешто што сака да го докаже, во случајот сега со наводно неефективноста на мерките за зголемување на домашното производство или намалување на увозот споредена со растечкиот трговски дефицит. Овие мерки не се насочени кон купување македонски производи кои што не се произведуваат во Република Македонија. Република Македонија не ги произведува трите најголеми ставки од увозот, не произведува сопствена сурова нафта,не произведува автомобили, не произведува репроматеријали за металопреработувачкиот комплекс и т.м., не произведува електрична енергија која делумно доаѓа од увоз.

Во врска со повторно селективното истакнвување на податоци во врска со домашната инфлација и инфлацијата во евро зоните и т.н., зарем сеуште во февруари 2009 година вие порекнувате дека ние се справивме со инфлацијата како општо раст на цените, а се справивме, колку што можевме, и со последиците од инфлацијата по оние кои беа нај ранливи во моментот, нај загрозени. Да ве потсетам, спроведовме или воведовме, применивме вонредни социјални мерки за помош на десетина илјади семејства на социјална помош со најниски износи на социјалната помош, воведовме или ги зголемивме субвенциите на земјоделските производители за течни горива, со неколку мерки им помогнавме на домашните транспортери, вклучително намалување н апатарини, намалување на трошоци за регистрација и т.н. и не само што ја нема инфлацијата туку максимално беа ублажени ефектите од инфлацијата која знаеме како дојде и како си отиде од Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Господине министер ароганцијата не е добро покритие кога фактите ве дементираат и мислам дека со самиот почеток на вашата реплика покажавте дека позицијата која ја имате ви се тресе, не мислам на министер за финансии, зборувам за некој одговорен за финансиите во Република Македонија. Неодбранливо е тоа што го тврдите дека трговскиот дефицит односно дека ние повеќе увезуваме отколку што извезуваме заради нафтата, репроматеријалите и енергијата. Не треба да се биде економист. Треба да се биде разумен и рационален човек и да се знае дека нафта сме увезувале и во 2007 година, сме увезувале и репроматеријали, сме увезувале, заправо помалку електрична енергија заради тоа што немаше таков бизнис и таков сектор кој стои зад нив. Трговскито дефицит расте заради тоа што македонската конкурентност опаѓа и тоа ви го кажува секој меѓународен извештај, ама вие меѓународните извештаи до пола ги читате. Тоа што ви одговара го сечете и го плаќате како реклама. Тоа што не ви одговара, премолчувате и го заборавате.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Владимир Ѓирчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Јас би почнал од таму каде што заврши колешката Шекеринска, а во делот на трговскиот дефицит.

Зарем можете да спорите со тоа дека во 2007 година просечна цена на нафтата беше 50-60 долари, а во текот на 2008 година имавме ситуација каде што цената дојде до 147 долари по барел. Значи не е исто во текот на 2007 година или 2006 година да се увезува нафта по цена од 50-60 долари, а во 2008 година нормално да имаме следствено зголемување на дефицитот затоа што истата таа цена се зголемила најмногу во изминатото десетолетие. По истата логика, нормално оваа година ќе имаме помалку дефицит затоа што сега за сега цената е околу 40 долари по барел. Но, сето тоа е многу помалку од 1992, 1993, 1994, 1995, 1997 година кога цената по барел беше 9 или 10 долари, максимум до 12 долари и кога во Македонија имавме цена на нафтата која беше по 30 денари. Ќе ве потсетам, во тие години Македонија извезуваше нафта, Македонија беше без малку како Саудиска Арабија, а во Македонија немаме наоѓалишта на нафта. Така што, веројатно кога зборувате за финансии, за нафташи, за увоз на нафта, композиции и слично, мислите на периодот на нафтеното ембарго и кога разно разни Штериовци и други ја направија криминалната приватизација во Република Македонија.

Уште неколку податоци кои се однесвуаат на БДП и на економските состојби.

Никој во Република Македонија не демантира дека состојбите се тешки, дека состојбите во македонската економија навистина се проблематични и е во период на предизвици. Но, исто така никој не може да демантира дека македонската економија, споредено со сите овие 17 години, во моментот најбрзо расте. Дали е тоа толку брзо колку што сите посакуваме или пак колку што би осетиле граѓаните директно, не. Но, ако ги споредиме сите ваши политики ќе дојдеме до заклучокот дека ние имавме раст на БДП од 2%, 3%, а растот од 3,8% се претставуваше како историски огромни. За разлика од тогаш, за време на оваа Влада растот на БСП е 5%, 5,2% или 5,5%.

Исто така, ако споредите за наредниот период ќе видите дкеа западноевропските економиии ќе имаме рецесија, во економииите на Централна и Источна Европа ќе имаме нулта раст оваа година односно стагнација додека во Република Македонија ќе имаме каков таков раст од 3% во време на најголема светска економска криза, од депресијата од 30-тите години. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска**: Нема потреба од нервоза, колега, ако работите се вака како што велите, ама веднаш самиот се демантирате. Еве Штопишуваат официјалните податоци.

Во ноември 2008 година кога цената на нафтата беше под нивото кое го затекнавте во 2006 година, беше некаде под 60 долари, многу пониско од 80-те долари кога дојдовте на власт и тогаш како е можно трговскиот дефицит повторно да рсте. Како е можно повторно ние помалку да продаваме, а повеќе да купуваме. Приказните завршија. Времето на шарени лаги заврши и вие сеуште тоа не го сфаќате. Нафтата падна а македонската економија сеуште тоне. Бројот на невработени се зголемува и уште врв на сето тоа натоваривте една реформа која не ја спроведувате како што треба. Погледнете што се случува во УЈП и не треба да бидете пратеник за да сфатите дкеа реформата падна на првиот чекор.

Почитувани колеги еве што кажа минситерот на една седница на Комисијата. Целосно сме подготвени и нема да има никакви застои. Отидете во УЈП и погледнете колку мали се застоите.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Тука ја прекинувам седницата и продолжуваме во 15,00 часот.

Пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Рафис Алити:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да продолжиме со седницата.

За збор е пријавен и има збор пратеникот Томе Чинговски, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Ова е еден од доказите дека не требаше да побараме ние интерпелација за министерот, туку тој требаше да поднесе оставка. Неговото несериозно однесување на денешнава седница, со задоцнување од 11 минути доаѓа на седницата на која е поднесена интерпелација на министерот за финансии, меѓутоа, што е, тука е, таков ни е министерот за финансии, така можеме да го разбереме, така сериозно ја сфатил работата и така сериозно се однесува и со Парламентот.

Кога би имале одговорна Влада и кога би имале во Парламентот народни избраници а не мнозинство кое е диригирано од власта, наместо да биде обратно односно како што треба, како што е редот, тогаш навистина не ќе имаше потреба од ваква точка на дневен ред и расправа по поднесената интерпелација. Не затоа што министерот за финансии не ја заслужува интерпелацијата, но не ќе расправавме и немаше потреба од интерпелација затоа што целата јавност очекуваше дека споменатиот министер после сите промашувања, гафови и самобендисаност во однос на колегите од владиниот кабинет, сам ќе си поднесеше оставка.

Доаѓајќи денес ваму за седница, неговите драги пријатели од Охрид и од охридско ми кажаа дека денес најверојатно ќе си поднесе самиот оставка, меѓутоа, не се случи за жал тоа. Но како што Македонија - да, ќе ги поздравам министре, ваши пријатели кажаа дека ќе си поднесете оставка, не очекувале од вас толку несериозно однесување, како што не очекував ни јас, ни колегите пратеници. Но како што Македонија нема среќа во изборот на соодветен компетентен и одговорен министер за финансии, така и ние не ја имаме таа среќа која би ја споделиле и граѓаните на Република Македонија. Да имаме доблест министер кој ќе умее сам да се повлече од функцијата. Не навлегувам во мотивите како споменатиот министер, познат по своите теоретски познавања кој во научната јавност меѓу неговите колеги се повеќе оспорувани одошто подржувани дошол на чело на едно од виталните министерства. Исклучиво како партиски кадровик. Можеби и тоа не е толку голема грешка на мандаторот, актуелен премиер. Тоа би го рекол доколку министерот Ставрески во своето досегашно работење настојуваше да ја оправда дадената доверба и да го обели образот на својот шеф со добри резултати во финансиската сфера. Но грешката е обострана и од самиот министер и од неговиот шеф. Двајцата се однесуваат како да не се случува ништо, а во стварност тонеме сите. Кога би имал трошка храброст и одговорност, кога веќе нема доблест да си поднесе оставка заради својата неспособност, министерот за финансии наместо смешните и дилетански изјави од пред неколку месеци, светската финансиска криза ќе ја одмине Република Македонија - замислете си, ќе ја одмине Република Македонија! Требаше да излезе пред јавноста и да си признае дека тој учел само да диригира како се делат парите, како да се полни државната каса на сметка на граѓаните, како да се режира и прикажува потемкинови села, богата држава - сиромав народ. Ама не учел или не знае да се справува со криза. Тоа несомнено би му го простил секој добронамерен граѓанин под оправдување дека човекот е министер за да распределува средства за јакнење на полицијата, а не само да ветува инвестиции во економијата и во земјоделството, но не е и поткован министер за да понуди решенија за моменталната криза.

Наспроти сето тоа, наспроти очекувањата на секој добронамерен граѓанин дека актуелната влада културно и безболно се решила под условите на министерот кавгаџија - морам да го кажам ова кавгаџија, затоа што сведоци сме и ние пратениците, а и пошироката македонска јавност како на матичната Комисијата за финансирање и буџет од самата седница го избрка неговиот колега, министерот за земјоделство. Покрај тоа се кара и со пратеници, се заканува, се кара со пратеници во кулоарите. А на крајот, згора на се, ги лаже своите сограѓани. Тесен пат е министре, им обеќавте во март месец минатата година дека ќе ја завршите Железничка улица, на која и вие живеете, имате и куќа таму, сега го пролонгирате сето тоа за март 2009 година. И тоа ќе го видиме. Тоа граѓаните не го заборавaат. И затоа ве поздравија преку мене.

Дотичниот министер оди до крај со својата самобендисаност, илузорност, па упорно и без сериозна подготовка и првични проверки го спроведува концептот бруто плата. Неговата лична нетрпеливост кон секој друг што ја кажува вистината и само вистината е толку изразена, што дотичниот министер прави карневалска забава, забава од уверувањето дека концептот се спроведува и ќе се запазеле роковите, а не сака да ги види состојбите дека на ден пред истекот на законскиот рок од 600 илјади вработени јануарската плата можеле да ја подигнат само 130 илјади. И наместо да се помири со тоа дека во оваа реформа односно во проектот бруто плата се влезе потполно неспремно и со многу импровизации, министерот го засмејува унесреќениот народ со тоа дека и во социјализмот не се земало плата на први, не мора и сега. Значи ова е ваша изјава, не е моја изјава.

Жално е господа и несватливо за нашите граѓани како може некој да биде толку слеп и упорен, па наместо да ја одложи промената додека се направат нужните сериозни подготовки, тој тера и натаму инает со спроведување на она што се виде дека не му е времето.

Почитувани колеги, несериозното и недораснатото сфаќање на последиците од светската финансиска криза по нашата земја од страната на актуелниот министер за финансии, како и промашеноста на неговиот проект бруто плата, се само врвови на сантата мраз што го влече споменатиот министер кон нужна оставка. Само за потсетување да наведам дека неговото дело беа нервозите и турбуленциите кај земјоделците и ситните трговци за воведување на фискални сметки на зелените пазари. Негова беше заложбата за патриотски сметки, која Уставниот суд ја поништи. Од тие патриотски сметки се нанесе огромна парична штета на голем број трговци. 55 илјади трговци беа натерани да купуваат нови софтвери. Владата за таа цел, за тие кои не ќе ги набават, се закани со драконски казни кои се движеа од две илјади до три илјади евра. Надградбата на софтверите на фискалните апарати чинеше од 50 до 200 евра или околу 5,5 милиони евра. Покрај тоа, трошокот на трговците не беше само надградување на софтверот, туку да ве потсетам огромен дел од фирмите мораа да ја надградуваат и меморијата на фискалните апарати.

Второ, директен удар на македонската трговија, наместо да ги мотивираме граѓаните да купуваат на тој начин македонски производи, ние немавме никаков успех во сето тоа. Статистичките податоци покажуваат дека ниту за 1% не се зголеми продажбата на македонските производи. Напротив, за многу проценти и опадна. На ваков начин се попречија и странските инвестиции. Замислете си, во група на трговци кои беа обврзани фискални каси за македонски производи

влегоа и импортерите на автомобили. Замислете си, продавачите на Мерцедес, Тојота и на други светски брендови мораа да набавуваат патриотски каси, а што од сето тоа? Како ќе им докажеме на граѓаните и како ќе извлечевте вие од тие патриотски сметки дека некој македонски дел најверојатно е вграден во тие делови, во тие возила.

Поради краткото време, конечно господа пратеници, треба ли заради хировите и комплексите на еден човек седнат во министерска фотелја, да ја дочекаме судбината на еден Исланд.

Затоа, господине министер, добро беше, доблесно беше да си поднесете оставка, а не да ја чекатa интерпелацијата. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас господине Чинговски.

За реплика се јави пратеникот Крсто Мукоски, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега Чинговски, морам да ви одговорам. Во вашето излагање од десет минути не дадовте ниту една причина, ниту еден аргумент со кој барем малку ќе не убедите да размислуваме за вашиот денешен предлог за интерпелација на министерот за финансии господинот Трајко Славески.

Конкретно како член на Комисијата за финансирање и буџет, сакам да се задржам само на еден мал сегмент од вашата дискусија, односно да се задражам на вашите груби квалификации и клевети за однесувањето на министерот за финансии, господинот Трајко Славески и да ја потсетам македонската јавност дека во тој период на работењето на Комисијата за финансирање и буџет, во кој што период за жал вие претседателствувавте со таа Комисија во отсуство на претседателот господинот Јован Манасијевски, направивте груби кршења на Деловникот за работа на ова Собрание, ги дисквалификувавте учесниците во тие дебати и членовите на таа Комисија и целосно ја дискредитиравте работата на Комисијата за финансирање и буџет. Зошто? Заради тоа што имавте направено едно сценарио, сценарио кое што можеби беше добро напишано, ама режијата што ја изведовте и глумата, поточно вие како главен актер во таа режија, воопшто не ја изведовте како што треба. Уште еднаш на македонската јавнос и стана јасно дека со вашето однесување на таа Комисија сакате само да покажете дека Деловникот за работа не функционира во ова Собрание, дека сакате да ги дискредитирате добрата волја на предлагачот на Буџетот министерот за финансии и добрата волја на ресорните министри кои присуствуваа на таа дебата, на таа амандманска дебата на комисиите. Мислам дека тоа беше еден од најголемите неуспеси и вие заслужувате заради тоа ваше однесување да бидете сменет од потпретседател на Комисијата за финансирање и буџет. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави пратеникот Чинговски Томе, повелете.

**Томе Чинговски:** Благодарам потпретседателе.

Прво, една забелешка до вас затоа што ова не беше реплика, беше укажување на колегата Мукоски. Не знам што сакаше да каже со својата реплика, но морам да го потсетам дека тогаш на амандманските расправи не дискутиравме за добрите намери на министерот, туку разговаравме и дебатиравме по амандманите кои беа ставени на дневен ред. Веројатно не бил добро сконцентриран и не внимавал што се работеше на таа Комисија и затоа вака протестирал. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор е пријавена пратеничката Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе.

Почитуван господине министер, почитувани колеги пратеници,

Денес имаме на дневен ред интерпелација за министерот за финансии господинот Трајко Славески. Кога се зборува за интерпелација обично тоа се упатува кон некој што на висока позиција или крадел, правел бељи на штета на државата или направил големи политички штети. Во таков случај обично помислата паѓа на човек кој што е неодговорен, несериозен, кој што е без морален кредибилитет, без човечки интегритет и кој што е способен за такви работи, корумпиран, нечесен итн, или понекогаш во такви случаи кога се работи за интерпелација на човек поради вакви причини, помислуваме на човек кој што е послушник на некои високи политички инсталации или структури. Ако го погледнеме денешниот причинител за оваа интерпелација, господинот Трајко Славески кој што е министер за финансии на Владата на Република Македонија, едноставно не може да се вклопи онаа слика што би ја очекувале за некој, за кого се поведува интерпелација со она што го имаме.

Господинот Трајко Славески, ќе ми дозволите да кажам, го познавам многу одамна, од почетокот на плурализмот и го знам како еден извонредно чесен и доблесен човек, човек со свој човечки интегритет, достоинство, понатаму човек кој мисли со своја глава и кој што не се плаши да го брани својот став и во ситуации кога останува сам. Но ако тој верува во тој став, ако смета дека е правилен, тој го брани до последниот момент додека има шанси и другите да ги убеди во тоа. Имаме човек кој што апсолутно не може да се подведе под некоја од оние особини кои се очекуваат за човек кој што заслужува да биде сменет од министер со интерпелација поради некои големи гревови кон државата. Од друга страна, се спомнуваат неговите инсистирања и инсистирања на свој став - да, свој став и тоа е за

пофалба, јас тоа лично максимално го почитувам, тоа е една од особините која најмногу ја ценам кај него. Меѓутоа, министерот Славески исто така секогаш е спремен да прифати аргументи, да ги сослуша и доколку му изгледаат издржани да ги прифати и да постапи според нив. Да не заборавиме дека министерот Трајко Славески е министер за финансии кој што досега прифатил најголем број амандмани и од своето владеачко мнозинство и од опозицијата. Во Парламентот сум повеќе години и јас не помнам некој министер за финансии да усвоил толкав голем број амандмани од опозицијата. Тоа е доблест, тоа е отвореност и тоа е прифаќање и почитување на аргументите.

Понатаму, што се однесува до конкретната причина, мотив за поднесување на оваа интерпелација, би сакала да кажам неколку зборови. Се товари за грешката со т.н. патриотски каси. Најпрвин да го кажам мојот став. Мислам дека идејата за патриотски каси е извонредно добра. Патриотски каси имаат многу земји во Европа, меѓу нив е и она економско чудо како што го викаат, тоа е Ирска. Ние сите се повикуваме во многу случаи дека треба да го следиме истиот економски модел. Еве, Владата, во овој случај и Министерството за финансии сакаат да го следат тој модел и мислам дека тоа е одлична идеја за да може да се следат податоците за набавка и продажба на стока која што е со потекло од Македонија и која што е со потекло надвор од Македонија и тоа е добро за следење на податоците во економијата во една земја. Меѓутоа, излезе дека на Уставен суд таа одлука наиде на забелешки и таа одлука не го помина судот на Уставниот суд. Овде не сме во ситуација и не треба да бидеме во ситуација да го коментираме мислењето на Уставниот суд и неговите одлуки. Тоа е институција која што треба да се почитува и тука не сум компетентна тоа да го дебатирам. Но кога зборуваме за нечија одговорност или грешка, пред се грешката би ја ставила во делот на законодавството кое што требало да укаже дека може да постои одредена неусклađеност со уставните одредби, иако ваква лаички за мене е навистина големо изненадување една ваква одлука и едно вакво мислење. Морам и тоа да го кажам. Од законодавството се оние кои ги прегледуваат сите законски текстови, сите одлуки на Владата и кои што треба на стручен начин да ги коментираат и да укажат доколку некоја одредба не е во склад со уставот. Овде јас не можам да видам директна вина на министерот за финансии. Тој постапил согласно со својата логика и економска и човечка и знаејќи дека вакви модели се сосема легитимни секаде во светот. Со оглед на тоа дека Македонија е земја каде што сеуште се гради системот во сите сфери, можно е да имаме неусогласености и недоследности во различни сфери, ќе треба што поскоро да ги отстраниме.

Би сакала да укажам уште на неколку моменти кои што мислам дека би биле битни да се кажат, кога веќе зборуваме за оценка на работата на господинот Трајко Славески. Тој е човек кој што фанатично работи за доброто на Македонија. Јас барем така го доживувам. Тоа се гледа секогаш кога е во позиција тоа да го одработи. Покрај тоа што е извонредно едуциран и со високи дипломи и признанија од надворешни земји, меѓу кои и од Универзитетот Беркли во САД, господинот Славески навистина се посветува на она што го работи.

Да не заборавиме дека тој беше министер за развој во 1999 до 2002 година кога се спроведе процесот за денационализација, една извонредно тешка и сложена реформа во финансиската сфера. Тој заедно со господинот Никола Груевски, кој тогаш беше министер за финансии, ја спроведоа таа реформа и тоа е една од најуспешните реформи, сложени реформи било кога спроведени во Република Македонија. Еве сме веќе пред крај да се реализира во целост за осум години од како започна во 2008 година.

Понатаму, да не заборавиме дека како минситер за развој во тој период заедно со тогашниот министер за финансии, повторно морам да го спомнам господинот Груевски, обезбедија за прв пат бруто домашниот производ да достигне над 4%. Тоа беше за прв пат во Македонија да се случи. Го спомнувам ова затоа што Министерството за развој во тоа време беше центарот каде се креираше макроекономската политика на една држава, а господинот Славески беше на чело на тоа министерство од 1999 година.

Значи сега како министер за финансии каде севкупната макроекономска политика тука се креира, повторно е тој кој успеа да направи најголем дострел на ЦДП што било кога било во Македонија и да ги постигнеме оние 6%. Тоа се бројки што кажуваат сами за себе, за одговорноста, за компетентноста со која се врши оваа функција и тоа се податоци кои сметам дека треба да се ценат.

Што се однесува до една севкупна наобразба и однос што го има како министер, мислам дека на најдостоен начин не претставува и благодарение на тоа и на меѓународен план се направија значајни напредоци во овој период.

Само да ве потсетам, јавниот долг на Република Македонија во огромна мерка се намали, се отплати, а при сето тоа повторно успеавме да имаме буџетски раст, успеавме да имаме средства, пари, кои се употребија во јавниот сектор, во јавните инвестиции кои со години беа на нула. Сето тоа покажува на умешно работење, на чесно и на одговорно работење.

Јас навистина ни случајно не би можела денеска да гласам за интерпелација на министерот Трајко Славески. Значи, јас апсолуто ќе ја отфрлам интерпелацијата и сметам дека треба да продолжи и понатаму да ја работи таа работа во интерес на Република Македонија.

Некаде некои потези ќе завршат брилјантно како претходните што ги спомнав, некаде може да се провлече одредена недореченост или одреден

ненајдобар потег, меѓутоа, тоа не е ни од далеку причина за интерпелација.

Во секој случај поддршка за неговата натамошна работа и отфрлање на интерпелацијата од моја страна. Ви благодарам.

**РафизАлити:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавена госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувана колешке, очекував дека ќе подготвите подобри одговори на поднесената интерпелација, за жал, вие 4 минути и 26 секунди од вашите 10 минути ги потрошивте за да напрвите еден психолошки профил на министерот за финансии.

Сметам дека човек како што вие го дефиниравте доблесен не се чувствува баш пријатно 4 минути и 26 секунди да биде фален како личност, а не за работата која ја работи. За жал, тоа го слушнавме, а колку парламентарното мнозинство го почитува министерот за финансии говори салата. Ако кога дебатиравме за Деловникот од првите седум реда имаше 7 пратеници, сега во првите 7 реда има 4 пратеници вклучувајќи ве и вас која најверојатно после дискусијата ќе ја напуштите оваа сала, како што постојано правите.

Токму поради тоа сметам дека кога треба искрено и чесно да се застане зад работата на одреден министер, треба да се излезе со аргументи.

Единствено што проговоривте беше за патриотските фискални каси споредувајќи ги со ирското чудо, но на крај не сте дочитале до крај затоа што и Ирска ги укина тие патриотски каси кои не ги дадоа посакуваните резултати од тоа ирско чудо.

Затоа почитувана колешке, мислам дека е доблесно овој пат од ваша страна кога ќе саката да застанете искрено и чесно во одбрана на било кој министер, доколку за неговата работа имате аргументи, да се подготвите и тоа да го кажете пред Собранието, пред пратениците. Инаку, ваков говор и ваков настап, мислам дека не оди во корист на самиот министер на кој е поднесена интерпелацијата, туку напротив може да се дефинира само со еден единствен поим хипокризија од ваша страна. Благодарам.

**Рафиз Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика пратеникот Лилјана Поповска, повелете.

**Лилјана Поповска:** Благодарам потпретседателе,

Колешке Топузова Каревска, не треба да се секирате за мене, јас сосема искрено и чесно застанувам зад работата на господинот министер Трајко Славески и кажав повеќе аргументи не само во врска со патриотските каси, туку и во врска со намалувањето на јавниот долг, во врска со реализацијата и довршувањето на денационализацијата како процес во врска со меѓународното претставување на Македонија пред финансиските сфери, на што се должи успешноста на проектот за користење на ИПА фондовите.

Може уште многу, многу работи да се зборува, меѓутоа, тие работи колешке ги имаме во нашите извештаи, ги знае јавноста, доволно е само да се потсети на неколку моменти кои останале во сеќавање.

Психолошкиот профил е извонредно важен затоа што сите ние сме овде политичари, меѓутоа, пред се, и луѓе. Преку своите човечки особини ние можеме да бидеме добри или лоши политичари, чесни или нечесни. И, психолошкиот профил беше извонредно важен. Ви благодарам.

**Рафиз Алити:** Благодарам.

За збор е пријавен пратеникот Јован Манасијевски.

Бидејќи пратеникот не е во сала, го губи правото на збор.

Има збор пратеникот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитуван министер,

Непосреден повод за денешната интерпелација е крајно неодговорниот однос на министерот за финансии по Одлуката на Уставниот суд за поништување на патриотската фискализација на касите на трговците низ Република Македонија и бегањето на одговорноста од воведувањето на истите.

Но, ова е само еден мал пример, од голем број на одлуки кои во континуитет ги донесе Владата на Република Македонија, а ви потврди Собранието на Република Македонија или парламентарното мнозинство иако во изминатиот период имаше серија на укажувања и од страна на експерти и од страна на опозицијата дека тие предлог закони, предлог одлуки доколку бидат оспорени пред Уставниот суд ќе паднат, парламентарното мнозинство не собра храброст ниту сила да се спротивстави и да каже еден аргумент против за истите да не бидат изгласани за да на крајот на краиштата граѓаните на Република Македонија не трпат штети односно не трпат директна штета од ваквите одлуки.

Со Одлуката дека патриотските фискални каси се неуставни, Уставниот суд ги укина одредбите од Правилникот на Министерството за финансии што ги обврзува корисниците да користат фискални каси кои купените македонски производи ги регистрираат како одвоено од странските. Денеска го слушнавме министерот за финансии како се оградува од одговорноста и вели дека тоа е одговорност на Владата на Република Македонија и одговорност на парламентарното мнозинство како да Уставниот суд не го укина правилникот на Министерството за финансии, туку го укина правилникот или некој си правилник на пример на Министерството за здравство.

Според оваа одлука сакале или не Владата ќе мора на околуу 55 илјади трговци да им врати најмалку 5,5 милиони евра затоа што под закана со казни во висина од 4 до 5 илјади евра ги

натера да купат нови софтвери. Иако оваа одлука стапу во сила односно излезе во Службен весник на 25 декември минатата година и во неа е наведено дека од неа произлегува правно дејство од денот на објавувањето, па се до денес истата не е спроведена.

Сега го поставуваме прашањето, ако тогаш на трговците им се заканувавте со драконски казни од 4 до 5 илјади евра, зошто сега не им се заканите повторно да ги сменат софтверите. Но, ќе почекаме да видиме Министерството за финансии што ќе измисли во наредниот период и како оваа екскурзија ќе ја продаде повторно во јавноста. Тогаш велевте додека официјално не се добие одлуката на Уставниот суд нема да ја коментирате, но навистина не можете да избегате од фактот или да ја амортизирате и релативизирате оваа одлука на Уставниот суд, бидејќи таа е конечна и извршна.

Уставните судии одлучија дека издвојувањето на македонските од странските производи создава нееднаквост помеѓу стопанските субјекти на пазарот и ја нарушува слободата на пазарот и предприемништвото кои се гарантирани со Уставот. Но, тоа за вас ништо не значеше. Пред одлуката на Уставниот суд, тогаш опозицијата, експертите, стопанствениците, сопствениците на маркетите имаа речиси ист став, а тоа е ставот дека ваквата одлука е против уставна, но тие укажувања за Владата ништо не значеа.

Исто така во оваа одредба или оваа одредба што ја донесовте не е во согласност со уставното начело на слобода на пазарот и претприемништвото односно за еднаквоста на сите стопански субјекти на пазарот. Правилникот на Министерството за финансии кој е укинат, вие знаете дека не е во согласност ни со Законот за регистрирање на готовинското плаќање, бидејќи во него не е предвидено дека при прометот производите треба да се класифицираат според потеклото. Ваквите фискални сметки немаат основа ни во Законот за ратификација на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија и Европската унија потпишани во 2001 година. Со таа Спогодба се уредува слободното движење на стоките помеѓу земјите потписнички. Вие сето ова го знаевте и упорно го пласиравте проектот од само за вас познати причини на штета на граѓаните на Република Македонија. Тука се поставува прашањето кои се се мотивите кои ве носеа или ви беа идеа водилка во целиот процес за да денес ги доведеме и трговците, но и граѓаните на Република Македонија во оваа ситуација во која се. Дали тие причини се од финансиски карактер, бидејќи како што се говори во јавноста само две фирми се овластени да можат да ги сервисираат овие фискални сметки или дека еден од газдите на една од фирмите е близок роднина на премиерот.

Надградбата на патриотскиот софтвер на фискалните апарати која чинеше од 50 до 200 евра, си ја платија трговците и оние што се занимаваат со услужна дејност. Патриотската фискална сметка мораа да ја имаат и берберите, и фризерите, и психолозите и моите колеги стоматолози иако нивната услуга е исклучиво домашна.

Додека траеше расправата ми пратија една фискална сметка, можам да ви ја покажам да ја видите каде се тврди дека домашен, а не знам каков ќе биде производ или домашна услуга е радикс реликте или фрактура или вадење на заб. И тогаш и сега си го поставував истото прашање со која логика тргнавте да ги фискализирате или ваквиот софтвер да го вградите кај луѓето во здравството односно кај стоматолозите. Но, тоа за вас ништо не значеше.

Правните експрти тогаш ве предупредија дека ако оваа одлука падне на Уставен суд, Владата ќе мора да ги носи или да ја плати одштетата на трговците. Тогаш владините претставници даваа изјави дека доколу тоа се случи евентуалните последици што ќе произлезат од судската одлука одноно од одлуката на Уставниот суд ќе бидат обврзувачки и Владата ќе ги сноси последиците. Но, до ден денес тоа не го видовме.

Управата за јавни приходи никогаш до сега не ни кажа колку трговци ги надградиле фискалните каси со тн., софтвер ниту излегоа со бројка колку од нив се казнети за непочитување на законската обврска. Според некои пресметки државата за одстранување на оваа неуставна мерка ќе треба да плати по 100 евра за една фискална каса или околлу 5,5 милиони евра.

Кога сме веќе кај Управата за јавни приходи која е толку ревносна во извршувањето на својата работа, која е надлежна за контрола на фискализацијата, сега не ги контролира трговците и не знаеме дали ја почитуваат одлуката на Уставниот суд. Тие велат ние чекаме наредба од Министерството за финансии не можеме ништо да коментираме, сите одговори за патриотските сметки, за почитувањето на одлуката барајте ги во Министерството за финансии. Денес слушнавме дека и вие не сте виновен за тоа и дека за тоа биле виновни Владата и Парламентот. Сега се поставува прашањето кој ќе ја преземе обврската или одговорноста за сето ова што се случи со овој проект или ќе се повтори она истото што ни се случи со Шведската млекара, па како што пред некоја седница на Собрание изјави почитуваниот премиер дека кога се отворала Шведската млекара иако даваше изјава дека ниеден литар млеко во Република Македонија повеќе нема да остане неоткупено, иако ги повикуваше фармерите да земаат кредити да го прошират својот сточен фонд итн., слушнавме тој вели, видете, јас таму бев само за да ја сечм лентата, како што сум бил на многу други приредби и сето тоа го правев само од таа причина.

Значи, релативизирањето на проблемите и избегнувањето од одговорноста, мислам на политичката од сето тоа што сте го правиле во изминатиот период не можете и нема никаква

шанса да ги убедите трговците дека сето ова што ни се случи за тоа не сте виновни вие, туку самите тие заради тоа што си ја почитувале одлуката која вие, согласно високите казни, им ја наметнавте.

На крај, со ваквиот начин на работа вие направивте неколку штети како парична штета за многу трговци, зададовте директен удар на македонската трговија и направивте буџетска штета од најмалку 6 милиони евра кои на крајот на краиштата треба да ги плаќаат граѓаните од Буџетот на Република Македонија.

Затоа почитуван министер бараме политичка одговорност од вас, заради вашето деструктивно однесување, заради вашето лошо однесување во Парламентот, во Владата и надвор од институциите.

Треба да понесете одговорност затоа што никогаш не знаевте и не ни кажавте колку чинат кампањите за рекламирање на Владата на Република Македонија или заради тоа што никогаш немавте точен одговор или јасен одговор за сите незгодни прашања кои се поврзани со финансирањето или кои се поврзани со финансиите во Република Македонија.

Вие во Владата се однесувате како да сте странец, а не човек кој ги има парите под себе. Благодарам.

**Рафиз Алити:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот министер за финансии Трајко Славески, а потоа пратеникот Крсто Мукоски.

Има реплика министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам потпретседателе

Само да го информирам почитуваниот пратеник дека нема само два, туку има 6 овластени производители и сервисери на фискални апарати кои имаат склучено договори со Министерството за финансии, а тие договори датираат од пред неколку години.

Последното што го кажа господинт Петковски, во врска со моето наводно однесување во Парламентот, Владата и надвор од институциите, наводно несоодветно, недолично итн., за Владата и Парламентот да оставиме другите тоа го кажуваат, јас би побарал само еден пример од господинот Менде Петковски за моето недолично однесување надвор од институциите.

**Рафиз Алити:** Благодарам.

Контра реплика пратеникот Менде Диневски.

**Менде Диневски:** Дефинитивно почитуван министер не следите што се случува на седницата на Собранието на Република Македонија, нека му е лесна земјата на починатиот новинар Менде Петковски. Тоа е првата работа.

Втората работа почитуван министер кога говорев за фискалните апарати тие што имаат потпишано договори мислев на двете кои со најголем процент се застапени, а првата од нив еден од газдите е близок роднина на премиерот на Република Македонија.

Уште една работа, ако вие не се срамите за тоа како се однесувавте и во Парламентот, како се однесувавте со вашите изјави надвор од Парламентот, како се однесувавте спрема вашите колеги министри на Комисијата за финансирање и буџет, навистина не можам да ви помогнам. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен господинот Крсто Мукоски, повелете.

**Крсте Муковски:** Би сакал накратко да му реплицирам на мојот почитуван колега Менде Диневски за изнесеното мислење за поводот или причината за поднесување на денешната интеррелација, а тоа е воведувањето на патриотските фискални сметки

Јас ќе констатирам само две работи.

Прво, во 2001 година кога се воведе мотото или мерката кога се влијаеше врз нашите потрошувачи вкупувајте македонски производиг за од прилика една година продажбата на македонски производи се зголеми некаде за 20%. Во таа насока ја гледам оваа мерка или оваа одлука што ја предложи Министерство за финансии нормално во содејство со Владата на Република Македонија пред се заради поттикнување на македонското производство, заради влијаење на свеста кај купувачите да купуваат македонски производи со што ќе ја поттикнат македонската економија и заради придавање на важност и добра проценка на вредностите и квалитетот на нашите производи со што тие би станале поконкурентни на пазарот. Уставниот суд донесе одлука со која што ја укина оваа одредба и таа е конечна и извршна. Меѓутоа со мое длабоко убедување сакам да кажам дека јас лично не се согласувам со таа одлука на Уставниот суд, зошто ќе кажам. Значи, причините заради која беше укината оваа одлука од Уставниот суд беа дека е против уставна, дека се влијае на купувачите, дека се ставаат во нерамноправна положба чинителите на пазарот и дека се форсираат македонските производители пред странските производители. Морам да кажам дека оваа мерка имаше пред се карактер на пропагандна порака која што восебе не содржеше никакво правно влијани врз купувачите или некакви правни санкции ако тие не се придржуваат на таа порака. И тука не гледам ништо лошо во тој дел меѓутоа Уставниот суд ја укина и таа одлука е извршна. Дефинитивно, но тоа не е причина и повод денес да бараме оставка на министерот за финасии господинот Трајко Славески. Не знам дали почитуваниот колега се согласува со овие мои констатации. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

Контра реплика пратеникот Менде Диневски, повелете.

**Менде Диневски:** Почитуван колега, не се согласувам со вас од две причини.

Прво, не се согласувам со вас и немам исто размислување со вас бидејќи јас не сакам да ги коментирам одлуките на Уставниот суд. Вие се обидовте и ги коментиравте истите.

Понатаму, прашавте кои се мотивите зошто денес ја поднесовме интерпелацијата за министерот за финансии Трајко Славески. Па сигурно мислам дека имавте доволно време да ја прочитате истата и во неа и на широко и на долго е дадено образложение зошто токму сега ја бараме оваа интерпелација за работата на министерот за финансии и буџет и како една или неколку од причините што ги наведовме, јас ќе ги повторам.

Прво, нансена е огромна парична штета на многу трговци, било директно или индиректно заради директниот удар на македонската трговија, заради попречување на странските инвестиции за направената буџетска дупка од најмалку 6 милиони евра. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и колеги пратеници.

Денешната точка на дневен ред за која што сакам да земам збор е еден институт демократски кој што подразбира отворени мислења, отворени дискусии, размена на аргументите за да можеме барем приближно да се согласиме околу тоа дали работите се добри или не се добри. Сето тоа на крај ќе резултира со нашето изјаснување односно со нашата посветеност кон тоа што се прави или не. сметам дека е сосема нормално во секој па и во нашиот Парламент да има разлики во мислењата, да има разлики како во иделошките предизвици така и разлики во тоа како и што треба да се направи за нештата да бидат остварени. Она за што треба да се залага секоја Влада, па и нашата избрана Влада од ова мнозинство е да спроведе програма или ветување кои што се дадени пред изборите. Јас сум длабоко убеден дека не само министерот Славески кој што беше и креатор на изборната програма посебно во делот на финасиите, туку и сите други министри од Владата се должни доследно да ја спроведуваат оваа програма. Впрочем на тоа се обврзани не само заради политичката припадност туку и заради она што значи доверба од граѓаните, вербата која што беше изразена преку 63-те пратеника кои што ги добија оваа коалиција. Мислам дека повторените односно предвремените парламентарни избори за неполни две години беа правиот тест за она што значи економски правец на развој на Република Македонија и посебно како се спроведува од страна на Владата и министрите вклучувајќи го и министерот Славески. Верувам колеги пратеници од опозицијата кои што ја поднесовте оваа интерпелација дека сте длабоко свесни дека изборите од 2008 година покажаа една цврста определба за тоа каде и како треба да се движи Република Македонија, меѓутоа откри и уште една работа, а тоа во делот на политички или идеолошки причини, разликите помеѓу нас како владеачко мнозинство и вас како опозиција. Посветеноста на реформите, посветеноста на она што значи исполнување на наши обврски на нашиот пат кон Европската унија подразбира и превземање некогаш и на непопуларни чекори бидејќи реформите во принцип се непопуларни чекори, ако не за целата популација тогаш за некоја целна група која што можеби во некој даден момент и не може да согледа кои се предностите од тие реформи. Мене ми е јасно дека е многу лесно од оваа говорница под превезот на интерпелацијата секој од колегите да се обрати на некоја целна група и да се обиде да предизвика револт моментален револт околу состојбите кои што произлегуваат од разните законски решенија, од подзаконските акти, од начинот на спроведување и практицирање на власта, бидејќи една од најголемите маки на оваа држава беше даночната енвазија, беше непринципиелното работење на државните институции, беше тенденциозното спроведување на закните и едноставно граѓаните односно сите оние кои што се животно поврзани со економијата беа наведувани на погрешен пат и дека Владата секој пат ќе прави нешто што одговара само на граѓаните одејќи по линија на помал отпор.

Меѓутоа, посветеноста на оваа Влада на реформите, како и на министерот Славески е неспорна и тој нивни правец јас го поздравувам посебно затоа што валоризација на овој пат дојде и од оценките на Европската комисија. Европската комисија посебно ги поздрави мерките на Владата во делот на економијата и тоа е нешто што треба да не храбри дека сме на правиот пат без оглед колку тој пат изгледа тежок или непопуларен.

Резултатите убеден сум дека ќе бидат за сите граѓани на Република Македонија, за економијата, за стопанството на Република Македонија, а она што значи дневно-политички маркетинг е нешто што поминува од ден за ден.

Да се вратам на конкретната тема, ако сакаме да прошириме дали Министерството на чело со почитуваниот министер, господинот Трајко Славески работи како што треба или не, јас ќе се обидам само таксативно во интерес на времето да набројам некои од проектите во кој што имаше крајно позитивно резултати, меѓутоа на почеток да нема дилеми ќе го спомнам проектот за патриотските фискални сметки, кој што беше свесен обид да се помогне на македонското стопанство. Да се помогне на сите македонски производители, да се помогне на трговците, да се дојде до ситуација кога македонските производи ќе бидат можеби за чекор, мал чекор, но многу голем и важен за македонското стопанство понапред.

Она што значи одлука на Уставниот суд не би можел ниту смеам да го коментирам, затоа што одлуките на судот не се коментираат, меѓутоа ќе ја поздравам желбата на министерот Славески

преку тој потез да направи еден чекор повеќе или поблиску до оние европски држави кои што тоа го направија. Сведоци сме дека во повеќе европски држави ваков проект се спроведе, таму немаше никаков отпор ниту од тамошните судски инстанци, ниту од политичката јавност, едноставно се дојде до констатацијата дека тој чекор е нужен, потребен и заради интерес на државата тоа се спроведе.

Бидејќи времето е кратко би сакал набрзина да наведам некои од проектите на Министерството за финансии, кои што сосема разбирливо не беа никогаш оправдувани од опозицијата, ниту во форма на законски предлози, ниту на чинот на гласање, ниту во нивното спроведување, меѓутоа без оглед на првичните негативни коментари сепак ефектот беше позитивен и сепак работата беше правилно валоризирана.

Проектот за самовработување 4,8 милиони евра се поделија на невработени граѓани кои што со сопствениот бизнис отворија над 1600 нови работни места. Проект што за прв пат се спроведе.

Пораст на платите во јавниот сектор за дополнителни 10%, што воедно придоесе за раста на просечната плата во јавниот и приватниот сектор за 9,5%.

Индустриско производство, со пораст за 15,7%.

Регулаторната гилотина, поедноставени се 39 закони, 14 подзаконски акти укинати се 349 правилници и други акти. Работа која што бара многу посветеност, многу труд и крајниот ефект е сепак создавање на една поприфатлива бизнис атмосфера за секој кој што се обидува да отвори или пак има сопстевен бизнис и со кој што бирократски пречки до пред кратко време имаше неразбирлив отпор, а многу пати тој отпор беше толку голем што едноставно не можеше да се помине.

Усвоен закон за намалување на придонесите за пензиско, здравствени и социјално осигурување за една третина од периодот од 2009 до 2011 година.

Укинат придонес за здравствено осигурување во првите 18 месеци од вработувањето на млади лица до 27 години.

Прометот во трговијата на мало е зголемен на 10,3% во 2008 година.

Во овие 10,3% зголемување изминатата година можеби со еден промил, меѓутоа има удел и она што беше оспорено од Уставниот суд, она што е денеска тема во негативен контекст, а тоа е проектот за патриотските фискални сметки.

Девизните резерви достигнаа ниво од 1,5 милијарди евра.

Јавниот долг во 2008 година е намален за 133 милиони евра.

Почеток на проектот бруто плата, за кои што повторно наидуваме на отпор, меѓутоа јас сум убеден дека за многу кратко време реализацијата на овој проект ќе биде трајно позитивна.

Очигледно не ќе можам да се осврнам посуштински, меѓутоа сакам само да напоменам уште еден проект на Министерството кое го раководи министерот Славески, а тоа е денационализацијата.

Во 2000-та година започна да се спроведува процесот на денационализација. Процес кој што во изминатите 8 години резултираше со поднесување на отприлика 30-тина илјади барања за денационализација. Во времето кога во првиот мандат на ВМРО-ДПМНЕ започна успешната реализација на овие барања за жал, дојде еден период од 4 години каде што беше буквално запрен процесот на денационализација. Изразено со бројки тоа беше некаде околу 2000 барања годишно во просек.

Сега повторно дојдовме до 85% на решени барања, што значи дека проектот денационализација во потполност или скоро во потполност ќе заврши.

Она што на крај ќе го кажам и ќе завршам, господа пратеници од опозицијата, ние сме најзаинтересирани да се спроведува реформата, бидејќи само така ќе можеме пред граѓаните да го побараме и третиот последователен мандат и на секоја нервоза од вас први ќе реагираме.

Сега за сега работите се во ред.

**Рафис Алити:** За реплика е пријавена пратеникот Флора Кадриу и Андреј Жерновски.

Има збор пратеникот Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Ви благодарам почитуван колега.

Многу е јасно дека министерот Трајко Славески се разбира дека ќе го браните од оваа говорница на Собранието на Република Македонија затоа што сте претставник на мнозинството и многу јасно дека вие ќе се трудите сето тоа да го направите со ваши аргументи и факти. Меѓутоа, дозволете ми со мои аргументи и мои факти како контра аргуметни да укажам на фактот дека ДПА ја подржува иницијативата и интерпелацајата на министерот Славески доставена од страна на СДСМ, и тоа токму заради голем број работи кои што се имаат случено при што господинот Трајко Славески нема покажано ни малку сенс за разбирање кон нас. Станува збор за распределбата на Буџетот, но исто така и за Буџетот за 2009 година кога имавме амандмани кои што укажуваат на еден скромен број, затоа што имавме кажано дека ќе бидеме конструктивна опозиција. Е па токму затоа доставивме само амандмани кои што се базирани и кои што имаат цврста основа за да можат да бидат прифатени, реални за денешната ситуација, меѓутоа господиниот Славески тука не виде засходно да не разбере, ниту пак да прифати ниту еден можен амандман од страна на ДПА.

Поаѓајќи од сето ова, поаѓајќи од фактот и за вработувањето во јавната администрација кога секогаш се наидува на проблем токму од министерот за финасиии за одобрување на вработување на овие кадри кои што се претставници, кои што се дел од алабнската

етничка заедница, значи поаѓајќи од сето ова сметаме дека интерпелацијата навистина е пожелна и дека министерот не ја врши својата должност онака како што треба кон сите граѓани на Република Македонија без разлика на нивната етничка национална и религиозна основа. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави пратеникот Горан Петров.

**Горан Петров:** Благодарам потпретседателе.

Онака како што јас ја разбрав почитуваната колешка изнесе аргументи за кои што можеме да дебатираме, меѓутоа во овој момент тие аргументи не се однесуваа на она што е предмет на интерпелацијата. Колегите од СДСМ наведуваат сосема други причини заради кои што сметаат дека интерпелацијата треба да биде прифатена.

Во интерес на демократската дебата јас би сакал да полемизирам со почитуваната колешка, меѓутоа денеска на дневен ред имаме интерпелација со сосема други причини од оние што таа ги наведе. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика е пријавен пратеникот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Благодарам потпретседателе.

Она што го кажа колегата на кој што му реплицирам е за тоа што како стратегија на ВМРО-ДПМНЕ пратениците денес ја кажуваат, а тоа е едно реплицирање апсолутно на одлуката на Уставниот суд.

Почитувани колега, вие ја употребивте следната реченица, рековте дека за вас и ВМРО-ДПМНЕ одлуките на Уставниот суд не се коментираат. Тоа е точно, тоа е добро, меѓутоа не се секирајте јас ќе ве потсетам, прво претседателот на Владата на Република Македонија излезе со следните ставови за оваа одлука. Кажа дека таа е политичка одлука на Уставниот суд. Кажа дека на Уставниот суд влијаела опозицијата и поединци таканаречени лидери на опозицијата.

Трето, дека Уставниот суд нема сенс, осет за овој реформски проект на Владата. И тогаш, како што знаете вие, и подобро од мене, бидејќи претседателот на ВМРО-ДПМНЕ соопшти дека такво нешто се случувало во Ирска.

Подоцна, излезе и портпаролот на ВМРО-ДПМНЕ каде што истите ставови, истите напади врз Уствaниот суд ги искажа со тоа што кажа дека оваа одлука е од политичка природа. Денеска вие и вашите колеги кажувате дека одуките на Уставниот суд не треба да се коментираат. Дозволете да прогнозирам нешто.

Денеска Уставниот суд, како што слушнавте од медиумите поведе иницијатива за преиспитување на уставноста на воведувањето на веронауката, иницијатива на ЛДП. Јас тврдам денеска дека повторно ВМРО-ДПМНЕ, токму премиерот излезе повторно со политички ставови и остро ќе ја нападне улогата на Уставниот суд, политичката одлука на Уставниот суд, како то во Република Македонија еден таков грандиозен проект во образованието наречен веронаука доживува крај, како што доживеаа најголемиот број од т.н. реформски потфати на оваа Влада, а тоа е едноставно падна таа одлука на Уставниот суд.

Значи, моето прашање е кој ја зборува вистинат? Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и претседателот на Владата на Република Македонија, или вие односно пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.
Лично јас го поздравувам вокабуларот на пратениците, на колегите кои што велат дека не треба да се коментираат одлуките на Уставниот суд. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика се јави пратеникот Горан Петров, повелете.

**Горан Петров:** Почитуван колега, еве ќе се обидам малку да внесам и поведар дух. Повторувам одлуките на судските инстанци не се коментираат, исто и за претседателите на партиите. Меѓутоа, сакам да ви кажам една работа и тоа го реков дека ова претставува еден благороден обид да се помогне на македонската економија и на македонската трговија во крајна линија.

Она на што вие ме асоциравте е следново. Повеќе пати од страна на лидерите на опозицијата, баш од врвните луѓе е потенцирана потребата, Владата на Република Македонија да презема реформски чекори и да носи одговорност за тоа што го прави. Јас сум убеден дека денешнава расправа е во таа насока, преземен е еден реформски чекор во интерес на македонското стопанство и она што се последици се вашите дискусии и никој не рече дека тоа не е така, меѓутоа идеата беше благородна и во интерес на Република Македонија. Благодарам

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор е пријавен пратеникот Бесим Догани, бидејќи пратеникот не е моментално во салата го губи правото на збор.

Збор има пратеникот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателе

Почитувани колеги пратеници, почитувани колеги од парламентарното мнозинство, иако сте малку, во мал број присутни во салата.

Кога ја поднесовме интерпелацијата за работата на министерот Славески тогаш во тој момент потребата од поднесување на оваа интерпелација беше фијаското кое што го доживеа тој проект со тн.патриотски фискални каси. Како граѓанин, а не како пратеник ќе бев навистина среќен ако ова беше единствениот гаф на актуелниот министер за финансии во неговата работа. Но, за жал, во овој момент има и еден куп други причини за кои што денес дебатираме за интерпелацијата, а всушност треба да дебатираме за напуштање на

функцијата од страна на министерот за финансии веднаш и сега.

Да почнеме од почеток, самата одлука да се воведат вакви патриотски фискални каси или пак сметки беше многу спорна уште на самиот почеток за која што СДСМ односно комплетната опозиција навреме предупредуваше. Во неа, морате да признаете г-дине Славески, дека ни вие сами не верувавте во било каква економска логика или пак економска оправданост. Но, како и за се друго што го прави оваа ненародна власт Славески, Груевски и целата владина свита или тајфа решија оваа небулозна, би ја нарекол глупава идеја да ја спроведат ама буквално по секоја цена. А, цената г-да пратеници, беше голема и за жал не ја платија тие, а многу набрзо ќе ја платат, туку ја платија граѓаните на Република Македонија. Цехот за овој неуспешен експеримент на власта, како и за сите други игри што ги смислуваа, секогаш кога е ВМРО ДПМНЕ е на власт секогаш паѓал и ќе паѓа на товар на граѓаните. На оваа свита не им беше гајле што народот не е од вчера и дека тој многу добро знае што се македонски производи, дека тоа не треба воопшто да го пишува на тн. Фискални патриотски сметки. Да не спомени туваме колку трагикомично беше што овие патриотски сметки требаше да ги издаваат дури и оние трговци кои што со големо чудење го прифатија овој проект кој што воопшто не продаваат македонски производи.

Сакам да ве прашам г-дине Славески, г-дине министре, по која логика ги обврзавте овие трговци да издаваат фискални патриотски сметки. Исто така, уште посмешно отидовте до таму што ги натеравте да издаваат патриотски сметки и оние кои што вршат услужни дејности, како што се фризерски дуќани или пак здравствени ординации.

Уште поголем проблем е што г-динот Славески одби да прифати било каква одговорност откако Уставниот суд ја донесе одлуката за патриотската фискализација на трговците. Судот ја прогласи оваа одлука на Владата како неуставна, бидејќи смета дека со тоа се ставаат во нерамноправна положба компаниите кои што продаваат странски производи, што е спротивно на Уставот. Затоа, однесувањето на министерот Славески е крајно недолично, бидејќи тој е најповикан, а гледаме дека нема намера да ја поправи работата која што самиот си ја закашка. Ниту е коректно, ниту е дозволиво да се премолчи огромната финансиска штета што ја претрпеа трговците во земјата. Само и само благодарние на одлуката на овој министер што седи овде и кој нема намера нешто да направи.

Сега, малку околу бројките, иако ни е кратко времето околу овој фискален патриотски проект на Владата и на министерот Славески што околу 55 илјади трговци беа принудени да купат нови софтвери односно да се изложат на еден трошок од 50 до 200 евра, а некои имале дополнителни трошоци околу техничката инсталација на овој проект. За да биде иронијата поголема оние кои не успеаа во роковите кои што ги наведе Владата беа принудени и некои од нив тоа го направија на глоба како што има пракса оваа Влада секогаш да прави во висина од 3 илјади евра. Значи, малку беше тоа што се одземаа парите, па плус и дополнителна глоба.

Да констатира дека овој проект беше доста промашен уште пред да се спроведе и нанесе навистина многу штета на трговците и на граѓаните на Република Македонија. Единствени кои имаа ќар се неколкуте фирми кои што го изведуваа овој проект.

Оваа приказна не завршува тука, затоа што по донесената одлука на Уставниот суд фискалните каси ќе мора повторно да се вратат во првобитната состојба односно сега ќе бидат нови софтверски промени. Се уште не знаеме после долго време од одлуката на Уставниот суд како тоа ќе се направи. Министерот молчи. Дава некои изјави колку да појде времето, наводно во законскиот рок тоа ќе го направел, меѓутоа ќе видиме, тука сме.

На крајот и да се обештетат трговците, а најверојатно тоа ќе биде повторно од нивниот џеб, меѓутоа еве да претпоставиме дека оваа Влада која што нема, ама ќе покаже доблест да ги врати од буџетските пари преку 6 милиони евра дадени за оваа намена од џебот на граѓаните, повторно тоа ќе бидат ненаменски искористени средства од Буџетот на Република Македонија за глупоста која што ја направи оваа Влада односно ненаменски потроши 6 милиони евра и тоа се повторно приходи во Буџетот на Република Македонија од сите граѓани, а ќе бидат вратени на една групација на граѓани. Е, денеска г-дине Славески сме тука да ве потсетиме дека одговорноста за овој квазипатриотски излез ќе ја чини државата односно граѓаните на Република Македонија 6 милиони евра. Бидејќи Трајко Славески е прв човек во ресорот на финансии односно на државната каса, затоа и неговите останати грешки ќе бидат пресметани прецизно во евра, нема бегање. Изгледа дека тука навистина лежи причината каде што ние како пратеници, но и целата јавност упорно барајќи не може да добие било каква информација за потрошените пари за небулозни реклами и пропаганда од страна на власта. Или пак, овие потрошени пари служат само за купување на медиумите, служат само за градење и само за градење на рејтингот на Никола Груевски, односно за вашиот пастир, како што милува да го каже некој, а сигурно тоа не го правите за доброто на граѓаните. Времето е кратко, не ни дозволува наеднаш да се наведе се што прави оваа Влада, воедно и министерот за финансии. Најверојатно дека сето она кое што се прави ќе има долгорочни последици врз државата, врз граѓаните.

Само кратко ќе ги наведам како пример, последниот еклатантен пример за најобемниот Буџет во Република Македонија кој што го предложи овој министер и беше усвоен од страна на Собранието односно од парламентарното

мнозинство, за кој што пак предупредувавме дека ќе биде подложен на ребаланс, а свесни сме дека тоа набрзо ќе се случи. Меѓутоа, имавте потреба сега да ги лажете граѓаните за наводни приекти во Буџетот за кој што сте свесни дека нема да се случат, а ребалансот ќе го правите после изборите. При ваквата состојба и покрај сите предупредувања кои што ги имавме, Владата реши да донесе еден недомакински, неразвоен буџет, буџет кој што ќе создава многу проблеми, буџет кој што е многу различен од сите земји кои што ни се во опкружување.

На крајот да го споменам и концептот за воведување на бруто плата и сакам да ве запрашам г-дине министре како смеевте да се впуштите во реализација на еден ваков проект кога се покажа дека ни од далеку не сте подготвени да почнете, а камоли да го спроведувате. Се случи и сведоци сме еден крах на сето она што го зацртавте и од тој крах целата држава ќе треба да се опоравува. Најавивте една реформа која што ќе ги подобри реформите, а создадовте само проблеми и за работниците и за работодавците. Ова што го наведов е навистина само еден мал дел од работата на оваа власт и од работата на министерот за финансии, последиците ги гледаме секој ден, допрва не очекуваат, а ќе ги спомнам и недоличните однесувања на министерот за финансии, каде што прв пат во историјата на ова Собрание доживеавме да се заканува на опозицијата односно на претставник, на пратеник од опозицијата, за неговиот недоличен однос кон ММФ, а посебно она што укажува за каков човек се работи и недоличниот однос кон својот колега пратеник односно министер кој што беше избркан од собраниска расправа. Поради сето ова се надевам дека министерот Славески барем сега ќе покаже доблест, ќе покаже дека знае што е морална одговорност и ќе ја напушти функцијата. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За реплика пријавени се министерот за финансии Трајко Славески, пратениците Димевска Катерина и Дулиќ Благородна.

Реплика има министерот за финансии Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.Јас малку се збунив после финалето, крешендото во оваа дискусија на г-динот Горан Минчев. Мислам дека се наоѓаме во институција каде што се мери силината на зборот, а не се мери волуменот на тонот како се искажани зборовите и во еден момент помислив дека можеби некој верува дека ако нешто кажеш погласно, побезобразно со тоа го засилуваш аргументот, ама не ќе е да е така. Барем тоа е она што јас го знам од културата на говорот, пренесувањето на мислите, комуникациите итн. Реформата за воведување на бруто плата велите дека доживеала крах. Г-дине Минчев и над 50 илјади претпријатија и други субјекти во Република Македонија, заклучно со вчерашниот ден си ја исполнија законската обврска и најголемиот број од нив имаат коректни пресметки и веќе банките наголемо ги примаат налозите и исплаќаат плата на вработените во Република Македонија.

Убавината, една од нив на оваа реформа е што на крајот на секој работен ден кога ќе се средат сметките во банките итн. знаеме колку се исплатени плати, на колку работници, колку од тоа е чиста плата за работниците, колку е уплатено дента во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, колку во Фондот за здравствено осигурување. Тоа никогаш не сме го имале, а ќе видите самиот што се ќе се открие со ова што го направивме и можеби на некои од вас ќе ви биде потребно неколку години да сватите што се случило во моментот кога вие сте фрлале со дрвја и камења. За 10 дена од поднесувањето на сметките обработени се 50 илјади поднесоци. Јас кажав уште пред неколку дена уште на 5, 4-ти итн. февруари дека институциите Управата за јавни приходи и другите носители на оваа реформа ги чекаа работодавачите, а не беше обратно. Значи, со максимално залагање, со прекувремена работа, работа во викенд што продолжува денес и утре и во петок да се овозможи онаму каде што имало потреба од некои корекции сите работодавачи во Република Македонија кои треба да исплатат плата ќе си ја завршат својата обврска на еден регуларен, елегантен начин, на едно место, со еден образец, на начин со кој што ќе ги ослободиме банките од една наметната претходна функција тие да проверуваат дали биле платени или неплатени придонеси. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика е пријавен пратеникот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателе.

Г-дине министере, очигледно предолго сте забаракадирани во удобната министерска фотелја. Излезете малку и видете ја надвор каква е реалноста. Немојте да се служите повторно со истото орудије, со реклами и со лажење, а посебно не со лажење по собраниската говорница. Зборувате за 50 илјади фирми, каде е другата половина. Заборавивте дека рокот беше до 10-ти. Завртете се малку и одете на факултетот на кој што предавате и видете го расположението на професорите. Прашајте ги дали примиле плата не за јануари, за декември. Прашајте дали е исплатена во државната администрација хранарината. Затоа, немјоте да кажувате нешто во кое што и самиот не верувате.

Околу силината на зборовите, вие ли сте истиот министер кој го напаѓавте пратеникот од опозицијата и му кажувавте дека ќе гори во пеколот, истиот ли е тој министер.

**Рафис Алити:** За реплика се пријави пратеникот Катерина Димевска, повелете.

**Катерина Димевска:** Благодарам почитуван потпретседател, колеги пратеници, почитуван министер.

Ќе го искажам моето лично мислење по однос на дискусијата на колегата, иако во она што го кажа всушност се повторуваше со сите останати колеги. Лично ценам дека сепак и оваа интерпелација како точка на дневен ред повеќе би рекла има една политичка мотивација отколку реално согледување дека се работи за неправилно работење на министерот за финансии. Од тоа сакам да го искажам моето размислување.

Вие зборувавте, почитуван колега, за фискалните патриотски каси, зборувавте бруто платата, меѓутоа не сакавте и можеби не сакавте да спомнете работи и проекти кои што овој министер ги направи, а кои што имаат позитивно влијание, а јас ќе ве потсетам на некои од тие. Во оваа прилика би сакала да истакнам уште еден од успешните примери кој е доменот на работа на Министерството за финансии, а кој е неопходен за завршување на транзицијата во Република Македонија. Имено, се работи за денационализацијата која во 2000-та година започна да се спроведува процес на денационализација, процес кој вие г-да, опозиционери воопшто немавте храборст да го започнете односно немавте храброст да исправите една голема неправда која што всушност ја направија вашите претходници. На оваа сфера и во овој домен и напредокот кој што е направен е огромен. Имено, од мај 2000 година откога започна да се спровеудва Законот за денационализација до крајот на декември 2007 година до кога според законот можеа да се поднесуваат барањата за денационализација во управна постапка односно во комисиите за денационализација беа поднесени вкупно 300.744 барања. Од септември 2000та година до 31 декември 2007 година бројот на решенијата изнесуваше 16.503, така што за решавање останаа околу 14 илјади предмети. Во текот на 2008 година под водство и координација на министерот Славески решени се вкупно 8.785 предмети со што вкупниот број на решените предмети изнесува 25.288 односно 83% од сите барања.

Би сакала да спомнам во контекс на она што го кажавте околу бруто платата, се работи за еден храбар политички потег, а воедно и намера на министерот кој што вие всушност немавте намера, а и не сакавте да го разгледувате како проект, затоа почитувани колеги од опозицијата Република Македонија е последна земја од регионот која што ја спроведува оваа реформа. Не би сакала сега тука да го одземам времето, меѓутоа листата на проекти и реформи, активности кои Министерството за финансии ги има направено е многу голема и од тие причини ценам дека министерот Трајко Славески одлично си ја врши својата работа и ја заслужува нашата доверба односно да гласаме против оваа ваша поднесена интерпелација. Ви благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За контра реплика се пријави пратеникот Горан Минчев, повелете.

**Горан Минчев:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обидам да бидам многу краток. Воопшто ова не го сваќам како реплика, туку жалам што колешката воопшто не е пријавена за дискусија на оние дискутанти кои што се во врска со интерпелацијата на министерот за финансии, г-динот Славески.

Почитувана колешке, ве жалам што моравте да го прочитате тоа што ви е налог од партијата. Меѓутоа, некој е потребен и за тоа.Очигледно, дека не ве сметаат во интелектуалното крило на ВМРО ДПМНЕ, што излегува на оваа говорница и кажува со дискусија, а не во однос на реплики.

Околу патриотски фискални сметки и околу бруто платата, аргументите се повеќе од јасни. Прошетајте малку, одете во УЈП, прошетајте меѓу трговците, излезете од Парламентот, разговарајте со нив, ќе ги видите шететите што се нанесени во врска со овие проекти.

Затоа ве замолувам, друг пат бидете аргументитрани во врска со она што го говорам, а немојте само она што ви е напишано и морате да го направите да го фалите министерот Славески.

**Рафис Алити:** Благодарам господине Минчев.

За реплика, пратеникот Благородна Дулиќ, повелете.

**Благородна Дулиќ:** Почитувани колеги,

Кога падна Одлуката на Уставниот суд, колегата Макрадули рече - иста одлука била донесена од Уставниот суд на Ирска. Јас се запрепастив, меѓутоа тој после самиот се исправи дека в Купувајте ирског , било забрането од Европскиот суд за прадва во Луксембург и мене ми олесна.

Иста таква концепција, како нашата е преземена од Хрватска, од Англија. Во Англија не може да се внесе друг производ освен оној што Англичаните не го произведуваат. А, свесни сте дека Америка забрани увоз на челик и други производи што се потребни за нивната индистрија за производство на коли.

Во таква полжба, читајќи ја Одлуката на Уставниот суд констатирав дека самоиницијативно, без иницијатива од надвор, нашиот Уставен суд донесе одлука каква што донесе. Па, си поставувам прашање, овие други држави немаат ли уставни судови? Само ние имаме Уставен суд кој е толку поборец за владеење на правото и почитување на законите и меѓународните договори? И, браво за нашиот Уставен суд.

Меѓутоа, не ни се случува само тоа почитувани колеги. Кога се поднесе тужбата во Хаг, Претседателот на државата излезе и праша имаме ли формални докази за да ја браниме тужбата? Па потоа самиот се надмина на интервјуто во А1 телевизија, даде аргументи и контра аргументи за нас.

Пошумувањето колеги..

(реакции од место)

**Рафис Алити**: Е, па, за Уставниот суд.

Продолжете.

(реакции од место)

**Благородна Дулиќ:** За синдромот зборувам на Македонците.

Пошумувањето било добро, ама кој се обогатил, беше поставено прашање, од садниците.

А, по однос на Манчевски, спотот, се изнесе мислење дека во некоја држава децата бегале и се криеле во скутовите на своите мајки.

Колеги и Букефал, коњот го спомнавте. Букефализам. Така ќе одиме во Европа?! Браво.

(дофрлање од место)

**Рафис Алити**: Благодарам времето ви истече.

**Благородна Дулиќ:** Е тоа, ние нема да одиме на Букефал, на коњ, туку на магариња.

Во функција е и оваа седница на тоа.

**Рафис Алити**: За контра реплика, пратеникот Горан Минчев, повелете.

Воедно, ги молам пратениците за ред.

**Горан Минчев**: Благодарам потпретседателе.

Убаво е што понекогаш ќе излезе колешката Дулиќ па ќе не насмее така сите, како што таа умее тоа да го направи. Ви честитам.

Бедно и јадно е што еден преставник, во моментов пратеник кој доаѓа од судството кажува и коментира одлуки на Уставен суд и вели дали има уставни судови и во другите земји. Прочитајте ги коментарите во колона она што го прават другите земји, односно во конкретниот случај Хрватска, ќе видите дека исто нешто ќе се случи и таму.

Околу изјавите на Претседателот Црвенковски, што не е тема на днешната расправа, очигледно млогу ве болат. И треба да ве болат. Жалам што е така. Благодарам.

**Рафис Алити:** Благодарам и јас.

За збор е пријавена пратеникот Соња Гелова Стојанова.

Има збор пратеникот.

**Соња Гелова Стојанова**: Ви благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседател на Собранието на Република Македонија, почитуван министре, колеги праеници,

Во овие 18 години македонски плурализам ниту една влада не го одмина собранискиот механизам интерпелација. Работата на повеќе минитри, аргументирано и неаргументирано, беше ставена на оценка пред пратениците во ова Собрание.И во тоа нема ништо спорно. Правото на интерпелација е загарантирано.

Но, ќе се согласите дека не ретко, особено од подносителите на денешната интерпелација, беше и за жал еве и денеска се покажува дека се користи за политички маркетинг и напади врз власта, без при тоа да се има објективен однос и поглед на вистината и аргументите.

Фактите говорат дека ниту министерот Славески, ниту било кој член од ова Влада се огрешиле спрема словото на законот, а со самото тоа и деншната расправа станува беспредметна. Се плашам дека и оваа седница, поучена од искустовото од минатото, ќе се претвори во обвинувања без аргуметни и политички маркетинг за опозицијата, која што во најмала рака може да се оцени како некоректна, особено ако се има предвид фактот дека се наоѓаме во предизборен период, каде не ретко граѓаните, не по нивна вина, стануваат заробеници на политичките амбиции и желбата за политичката пропаганда на СДС.

За ова најдобро говори сознанието дека до сега СДСМ не слушнавме ниту еден сериозен аргумент за поднесување на оваа интерпелација.

Самиот мотив за воведување на таканарежените патриотски фискални е воден од потребите за зголемување на домашното производство, растот на доамшната економија, а со тоа и пораст на животниот стандард на македоснките граѓани е воден токму од тоа. Впрочем патриотските фискални сметки се исти како останатите, со таа разлика што првите се со назнака дека граѓаните купуваат македонски производи.

Едно од обвинувањата на опозицијата за овој концепт на фискални сметки е тоа дека тие биле против интересите на малото стопанство и економските субјекти во државата. Ова е несфатливо и неиздржано, од причина што токму овој концепт на фискални сметки ја има спротивната цел, а тоа е поттикнување на домашнот производство, неговата стумулација, а со тоа и пораст на општит БДП во државата.

Во оваа можност сакам да напонам дек и големите светски економии излезот од глобалната економска криза го гледаат токму во поттикнувањето на домашното производство. Ви усливи кога нашата држава се соочува со последиците од кризата, еден од начините за справување со истата е поттикнување на домашното производство. Концептот домашни фискални сметки токму го поттикнува домашното производсвто.

Не би сакала да ја коментирам Одлуката на Уставниот суд, но навистина ми е несфатливо ако при тоа се знаат искуствата од странство каде беше воведена истата реформа. Концептот на патриотски фискални сметки го има прифатено Република Ирска, членка на Европската унија, позната во светот по своите успеси, токму во овој концепт.

За волја на вистината, слична реформа во моментов се спроведува и во најмоќната економија во светот, САД. Останува отворено прашањето зошто истата реформа е уставна во овие држави, а е противуставна во Република Македонија?

Се разбира дека треба да се има и волја и да се сфати сериозноста на реформите што мораме да ги реализираме но по тој пат ќе има и грешки. Но,

тука не треба да застанеме, бидејќи подршката на грашаните е најважниот показател за исравните политики на Владата на Република Македонија.

Аргументирано ќе укажам зошто не треба да се прифати интерпелацијата на министерот Трајко Славески. Односно ќе се осврнам на некои од проектите и реформите што тој успешно ги води во Министерството за финансии.

Вопсоставување на децентрализиран систем на управување и Сектор на централно финансирање и склучување на договори, како неопходни структури за ИПА.

Во изминатите 2,5 години беше направен значителен прогрес во поглед на подготовката на националната админстрација за децентрализирано управување со ИПА помошта од Европската унија. Односно, воспоставувањето на потребните структури и правната рамка, како и именување на соодветните надлежни авторитети.

Завршувањето на овие активности, од страна на државната администрација во Република Македонија е неопходен услов за добивање акредитација од страна на Европската комисија, што всушност претставува пренесување на дел од надлежностите од страна на Европската комисија на Република Македонија.

Во текот на изминатата година беше воспоставена ИПА структура во Република Македонија, односно беа формирани така наречени опретивни структури во ИПА компонента, односно согласно барањата од регулативата на Европската комисија за спроведување на ИПА помошта.

Во сите реформи и сите ресорни министертства институции кориснички на проекти финансирани од ИПА беа воспоставени структури што ќе бидат одговорно за програмирање и управување со ИПА проектите во нивните институции. Министерството за финансии континуирано го следи процесот на зајакнување на капацитите на овие структури, при тоа обезбедувајќи целосна подршка во поглед на обезбедување на потребните насоки за навремено и квалитетно завршување на активностите што претставуваат предуслов за добивање на акредитација.

Исто така, Министерството за финансии, во соработка со другите ресорни министерства и институции, кориснички на проекти, финансирани од ИПА ја подготви целокупната документација за ефиксно и ефективно управување со ИПА помошта. Имено, беа изработени прирачниц за внатрешни постапки за сите институции, вклучувајќи го и Министерството за финансии.

Министерството за финансии изминатиот месец го заврши процесот на Национална акредитација на ИПА структурите во Република Македонија и ги поднесе акредитационите пакети за првата и третата компонента од ИПА до Европската комисија при што треба да се истакне дека во рамките на овие две компоненто се лоцирани околу 75% од вкупните средства од ИПА помошта за Република Македонија.

Почитувани, оваа прилика ќе ја искористам во кратки црти да кажам нешто и за една реформа што ја спроведе Министерството за финансии на чело со министерот Трајко Славески, реформа за која што на почетокот не биравте средства како да ја оцрните. Тоа е реформатата за рамниот данок.

Од први јануари 2007 година Македонија стана единаесетата еевропска земја после Естонија, Русија, Унгарија, Србија, Украина, Литванија, Летонија, Грузија, Романија и Словачка која го воведе рамниот персонелен данок на доход и данок на профит. На први јануари 2008 година Република Чешка исто така го воведе концептот на рамен данок.

Моделот на рамен данок економистите од источните земји го сметаат за најдобар начин да се поттикне економијата привлекувајќи ги странските инвеститори со едноставни даночни системи и ниски даночни стапки. Затоа се случи воведување на рамниот данок во Република Македонија со што се обезбедува поефикасен даночен систем со транспаретни, едноствани и ниски даноци како еден од предусловите за зголемување на конкуретноста на домашните правни субјекти преку намалување на трошоците на работењето, потоа привлекување на странски директни инвестиции, економски прогрес и намалување на стапката на невработеност.

Со спроведената реформа, што се состои од воведување на рамен данок и намалување на законските даночни стапки, Република Македонија стана земја со најниска стапка на данокот на добивка и персоналниот данок на доход во регионот и пошироко. Имено, со реформата се напушти прогресивното оданочување на персоналниот данок со стапки од 15, 18 и 24 % и се воведе рамна стапка од 12% за 2007 година која во 2008 година изнесува 10%. Слично, законската стапка на данокот на профит беше намалена од претходните 15% на 12 % во 2007 година и 10% започнувајќи од 01.01. 2008 година.

Како што беше претходното споменато, целта беше да се поедностави даночниот систем и да се поттикнат ефектите на страна на понудата, а оттука да се намали даночната евазија.

Воведувањето на рамниот данок на персонален доход и на добивка беше придружено со проектирани фискални загуби во 2007 година. Така во 2006 година приходите од персоналниот данок на доход и данок на добивка изнесуваат 21,7% од вкупните даночни приходи, додека пак ова учество во 2007 година беше иницирано и проектирано на 18,3%.

Но, одличната даночна реформа, пидружена со интензивирана економска активност и подобрена даночна контрола, придонесоа наместо проектираните негативни фискални импликации да се оствари натфлање на приходите. Проектираното учество на приходите од персоналниот данок на доход во вкупните даночни приходи за 2007 година изнесуваше 12,2%, а реализацијата беше 12,9%.

Почитувани, листата на проекти и реформски активности кое Министерството за финансии ги оствари минатите 3 години е голема. Во интерес на времето ќе престанам, но ќе додадам едно нешто, господа опозиционери.

Кога се работи, некогаш може и да се погреши. Кога се прават бројни проекти може некој и ќе падне и на Уставен суд без, во оваа прилика, да преудицирам зошто тоа се случило, па дали имало одредено политичко влијание и слично, вие најдобро си го знаете. Но едно е сигурно, за време на вашето владеење не падна ниту еден проект на Уставен суд и тоа од една едноставна причина, а тоа дека во ваше време немаше проекти и реформи, па немаше ни што да падне. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец**: Благодарам претседателе.

Многу интересни дискусии има во ова Собрание денеска, што напишани, што диригирани, што психолошки итн., се со една цел интерпелација на работата на министерот за финансии Трајко Славески.

Јас нема да се однесувам како на пишаниот документ на претходната колешка, која тврди дека нема што да падне. Стално има нешто што да падне, најдобро е да падне Владата и тоа ќе биде спас за Република Македонија.

Ниту пак ќе имам дискусија во стилот на Лилјана Поповска која, во манир на добра проводаџика, малтене го нудеше за зет негде министерот Трајко Славески со неговите особини. Јас...

( Дофрлање од место)

Па никогаш не касно. Гледате Бучковски сега има четврт син, според тоа никогаш не е касно.

Сакам да кажам дека мојот став до министерот Трајко Славеска, како личност, не е негативен, меѓутоа тоа не значи дека не треба да има интерпелација и тоа не значи дека министерот Трајко Славески не греши и тоа не значи дека нема погрешни потези на Владата. Напротив, тие се многу големи, колку што е голема и епохална и нивната реформа.

Граѓаните сега се во фаза на ќутење господине Цветко, а после тоа следи другата фаза, после ќутењето. Тоа го знаат сите политичари кои се занимавале со политика.

Зошто се бара оставка, односно интерпелација на министерот за финансии? Една работа е јасна и прагматична. Барем за мене и мојот став е дека министерот за финансии треба лично да си даде оставка затоа што не е успешен во напредокот на земјата. Секоја реформа, се што се прави има цел да ја унапреди државата и да го подигне животниот стандард и приликите во земјата.

После неполни три години на функционирање господинот Трајко Славески успеа Република Македонија да ја донесе на последното место во Европа. Моментално, Република Македонија е лидер, како што сака да каже оваа Влада стално за Република Македонија, меѓутоа на последното место во Европа. Имаме најнизок стандард, имаме најниска бруто плата, имаме све најниско, не само во околината, воопшто во Европа.

Е сега, за да се стигне до таму, до оваа состојба стварно е потребно умеење како да го изведете тоа, со крупни реформи, кои што гледаме дека се од некритичен однос.

Македонија е сега последанта земја, Албанија не претекна со просечна плата од 250 евра. А колку ќе биде со проектот бруто плата кој што видовме дкеа се сведе на бруто распад плата, допрво ќе видиме.

Имаше овде изјави од минситерот и други дека опозицијата била против реформата на бруто палта. Не била опозицијата против реформата на бруто плата. Напротив, министре, опозицијата се бунеше за влегување во авантурата на техничка неспремност на реализација на проектот бруто плата и тоа е забелешката. Меѓутоа, мене што ме загрижува е тоа што се прикрива, не се само оние слики кои ги гледаме на телевизија за редовите, мачните расправи, одбивањето на списоците и т.н. туку нешто што друго се крие, тоа треба да го знаат граѓаните на оваа земја што се крие. Се крие нешто што државата овој пат ќе ви земе повеќе пари од џебот отколку што сте мислеле дека ќе ви земе. Што сакам да кажам? Дека во апсолутна вредност, ако сте земале 100 евра до сега, со плаќање на сите придонеси сега нема да бидат 100 евра, ќе бидат помалку. Не знам колку, ами сами ќе си пресметате и ќе видите кога ќе успеете да го протуркате списокот и да ја земете бруто платата. Зошто ова го зборувам? Затоа што и покрај сугестијата континуирано која што ја имаме дека платата кога ќе се зема има намалени давачки во апсолутна вредност тие се зголемуваат, затоа што се зголемува основицата на која се пресметуваат. И ако ги земеме платите меѓу 10 илјади и 20 илјади денари, што се најбројните плати во Македонија, ќе видите колку практично пари ќе ви земаат. Друго, зошто тој е најкритичниот буџет. На граѓаните уште еднаш ќе им препорачам од оваа говорница, како штопорачав и тогаш дека за да се наполни овој Буџет и Владата да ги троши парите на граѓаните ќе им се земе се. За уши ќе ги влечат и ќе ги превртуваат да им испаднат и последните денари од џебот, само Владата да го наполни Буџетот и покрај тоа нема да успее да го наполни.

Трета работа, тоа е некритичниот однос према реалните проблеми и недоследност во реагирањето, односно една недораснатост на согледување на проблемите. Не е можно, професорот по економија Трајко Славески , кој што воедно е и министер, значи има најизворни информации во моментот на кризата, јас како доктор по медицина зборувам дека први на удар, тоа е некаде октомври месец, кога зборувавме ќе бидат металурзите и текстилните работници во Македонија, тој да дава изјава дека Македонија е во предност за рецесијата во светот која се

случува. Тоа зборува за една некритичност и проекцијата на една таква некритичност за мене значи дек аи во други слични ситуации нема реално согледување на проблемите и одговорот е неадекватен, што подразбира дека Република Македонија  влегува во спирала должничка која штона крај ќе ја доведе во банкрот. Јас ве убедувам дека господине министре ние ќе доживееме фијаско, до колку се продолжи со оваа политика што вие ја водите, меѓутоа, проблемот ќе биде што вие на крајто ќе бидете одговорен и за корупција. Затоа што следниот бенџмарк што го поставува Европската унија пред нас е корупцијата на медиумите. Вие сте тој, кој со 14-15 милиони кампањи ги корумпирате медиумите и тоа ќе излезе на виделина. И за ова ќе има процес, кој процес ќе биде процес на корупција, затоа што тоа прашање ќе мора кога тогаш да се разреши. Одговорноста на целата Влада и на сите, ќе ја префрлат на вас. За жал, на вас, меѓутоа вие треба тоа да го знаете и да си ја сносите одговорноста во тој поглед.

Трета работа е зборувавте овде дека инфлацијата застанала на 8 и нешто и дека е со вашите мерки господине министре, вие немавте ни една мерка противинфлациона. Ни една. Инфлацијата застана затоа што трендот во светот и опкружувањето влегува во рецесија. Затоа инфлацијата застана, не затоа што вие нешто сте направиле. Ни една мерка не сте направиле. И она што би имал уште порака на оние кои слушаат, тоа е до гувернерот на Народна банка да издржи да не се стопат девизните резерви кои веќе се топат, затоа што милијарда ипол останаа или нештопомалку кои се девизните заштедеи на граѓаните. И ако тие се истопат, тоа ќе значи дека се топат и последните заштедеи на граѓаните. И тоа ќе биде уште поопасна работа која може да се случи. И ве молам, друг пат господине министре не потпишувајте средства и финансии за кампањи од типот вти си Македонијаг, затоа што  ако сте ти Македонија, овде не зборувам за вие, јас не сум таа Македонија која што ти сакаш јас да бидам. Јас сакам да бидам сосема друга Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има госпоѓа Стефановска Анета, повелете.

**Анета Стефановска:** Благодарам почитуван претседателе и колеги пратеници.

Јас ќе реплицирам на овој говор, запамтувајќи од овој говор само една реченица. Точно е колега дека политичарите што се занимаваат со политика знаат да направат точна оценка за состојбите вод ржавата. Ама шетачите по сите партии како вас, кои не знаат дури ни каде припаѓаат, гледаме дека не знаат ни што сакаат. Јас навистина не знам вие што сакате и најверојатно веќе нема партија во која веќе не сте отишле во Република Македонија, па ќе одите и во  Неа Демократија , во Грција.

**Трајко Вељаноски:** Ве молам колешке имаме соодветна дебата.

**Анета Стефановска:** И како може човек како вас со такви особини некој да го слуша и во него да верува. Се чудам само каде е гордоста и достоинството кои се најважни особини што еден човек треба да ги поседува, а вие воопшто не ги поседувате. Се чудам, кога вие како некогашен член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ вака дискутирате против својата држава, против вашите колеги и кој е тој што може во вас да поверува нешто и вас да ве слуша. Кој  од граѓаните на Република Македонија ќе поверува во вас. Какви карактерни особини се вашите. Срам да ви е што вие воопшто се јавувате на говорница. Се чудам како имате доблест и храброст и сила да излезете на говорница и да зборувате за еден чесен човек како што е нашиот министер Трајко Славески. Алал да ви е, браво.

**Трајко Вељаноски:** За контра реплика се јави господинот Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Прва работа да кажам од вакви реплики од типот на госпоѓа Анета Стефановска не знам човек дали да коментира, меѓутоа, ќе коментирам нешто друго. И Влатко Ѓорчев овде и сите други госпоѓа Анета, сите вие овде одевте на аџилак во Хаг кај Љубе, па го избркавте. Му ставивте нож во грб, па не е ни претседателски кандидат на ВМРО-ДПМНЕ, туку го одбравте еден кандидат за кој поради преткампањата не сакам ни да зборувам, а нека зборува за вашата партија она што вие го правите. Моите идеи и мојот концепт ќе го прифатат луѓето кои знаат на кој начин треба да се функционира.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има Мираковска Соња, повелете.

**Соња Мираковска:** Благодарам господин претседателе, колега Оровчанец сакам да се дополнам на вашето искажување дека овде беше спомнато дека опозицијата е против бруто плата и по трет пат да повторам дека тоа не е вистина. Поготово не е, а министерот добро се сеќава пред непол месец дена, или еве нека е месец дена, НСДП поднесе закон со кој баравме концептот бруто плата  кој е наша идеа, бидејќи бевме пред половина година во коалиција, вие таа идеа од нас ја зедовте. Единствено во програмата на НСДП, концептот бруто плата стои како проект. Но баравме од вас тоа да се направи многу поразумно. Да не ги направиме потресите кои овие денови ги доживуваат и работодавачите и работниците. Значи, баравме еден понормален начин на имплементирање на тој систем бруто плата, затоа што точно тоа го предвидувавме дека ќе се случи, што овие денови се случи. Значи, една блокада и страв меѓу луѓето. Затоа, по безброј пати ќе ви повторам мораме да размислуваме ние овде во Собранието, секогаш на крај ние сме виновни дали станува збор за патриотски сметки, за кои не се сеќава министерот, или станува збор за бруто плата која е донесена избрзано како реформа. Ние сме виновни овде во овој законодавен дом и мораме малку посериозно да размислуваме околу

одговорноста, откога некој закон ќе се донесе. Нашата одговорност е за тоа како ќе се имплементира, како ќе се реализира идеата, која многу лесно ја ставаме на хартија и многу лесно овде ја изгласуваме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен пријавен за збор беше господинот Абедин Зумбери, не е тука. Го губи правото за збор.

Следен за збор е госпоѓа Владанка Авировиќ, повелете.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Во текот на денешната дискусија воглавно неколку пункта беа посочени од страна на опозицијата што се главни за смена на министерот за финансии, а тоа воглавно се следните: патриотските сметки, онака како што јас до сега забележав, рамниот данок, односно фискализацијата воопшто, самата буџетска политика, која што се спроведува во овој период, и бруто плата. Значи тоа се 4 главни пункта на кои што беше концентрирана целата дискусија и овде би сакала да кажам мое согледување од економски аспект.

Прво, за патриотските сметки беше доста кажано и од коелгите. Само ова ќе го кажам. Деновиве се води на светско ниво една полемика бидејќи САД кажаа: вКризата во нашата држава може да се надмине, само ако имаме патриотизам и ако користитме домашни производиг. Целиот светски тренд се одвива воглавно на користење на домашни ресурси. Оваа политика во светот е сега толку многу присутна, што треба и ние да се запрашаме дали е во ред да срповедуваме низа на заштитни механизми од типот на популарно кажани патриотски сметки, купувајте домашни производи и слични такви наши дејства кои што ги преземавме. Моето размислување оди и во тоа што веднаш се јавија останатите земји кои што кажаа дека и Америка е членка на Светската трговска организација и таа не смее тоа да го каже. Треба да има либерален пазар и сите производи да се продаваат на пазарот под подеднакви услови. Тука застана Германија, Франција и ред останати. Меѓутоа, бидете убедени дека Америка ќе си ја спроведе својата политика, за што јас честитам.

Мојот апел е на нашите граѓани: вкупувајте македонски производиг. Тоа е добро за земјата. Секое зачувување на нашиот денар е корист за нашата економија. И тука ќе застанам во поглед на тоа прашање. Доста се експлоатираше доста се кажа про и контра. Мислам дека моето чувство во овој момент превагнува да се купуваат домашни производи. Да се даде стимул секој граѓанин да придонесе кога ќе влезе во продавница да ги купува нашите производи. Тоа е непосредна и директна заштита од граѓаните кон државата.

Во поглед на рамниот данок ќе кажам дека уште во 2006 година оваа длабока реформа што почна да се спроведува и да се нивелираат даноците, да се дојде во 2008 година до 10%, има многу примарни и секундарни ефекти, пред се, позитивни. Зошто ќе кажам тоа. Затоа што рамниот данок донесе прво до намалување на даноците. Не е точно дека нема позитивни ефекти. Ако имаме данок од 15% и се рпенесе на 10%, логиката е чиста. Она што е секнударно многу важно, а тоа е дека се создава поволна бизнис клима. Нашите претприемачи, нашите фирми имаат ослободување на просторот. Со тие средства, со кои што се намалува данокот, се намалува и цената на нивниот производ. Може да одлучат да примат нови работници, или да ја намалат цената на својот производ, во зависност од моменталната нивна коњуктура и нивната приспособеност кон домашен пазар, кон извоз и т.н. Значи, таа е многу важна мерка која што е од секундарен ефект.

Третата многу важна мерка е многу важен ефект што го постигна рамниот данок е тоа што се зголемија инвестициите од надвор. Ние со соодветни реклами, како сакате речете ги, меѓутоа, тоа се за мене соодветни известувања како према домашната јавност, така и према странската јавност. Дали имаме ние соодветен максимален ефект, тоа е друго прашање. Меѓутоа, пораката се испрати во светот. Преку институции, преку различни форми на известување ние преку оваа втора реформа донесовме инвестиции кај нас. Мислам дека тоа е за поздравување.

Третата работа и многу денеска што се експлоатираше тоа е бруто платата. Ние во минатиот период во стопанството изминати цели 20 години да речеме, кажуваме дека наши големи фирми и со години не плаќаат придонеси на своите работници. Работниците штрајкуваат, излегуваат масовно на улица, не се заштитени, не им се плаќало придонес и за социјалното осигурување, како за здравствено, така и за пензиско и за инвалидско. Имаме маса на вработени, кои што не можат да дојдат денеска да ја остварат својата пензија. Бруто платата по својот ефект во иднина, а за тоа времето ќе покаже, ќе донесе низа активности кои што ќе ја поедностават нашата политика на прибирање на придонесите. Тоа значи уште сега како концепт мора да го сфатиме, иако е тежок концепт. Тој во моментот навистина, тешко се спроведува, бидејќи тоа се многу опсежни и длабоки реформи. Да се донесат софтверите, или да се донесе целиот механизам на наплата, во Управата за јавни приходи од останатите институции и да се спроведе една интегрирана наплата на сите овие придонеси не е мал зафат. Јас сум работела во бившиот СОК или Управа за јавни приходи и знам како се собираат даноци. Ваквата реформа, ваквиот зафат на бруто плата е еден од најтешките зафати од економски аспект во Република Македонија и нема потежок во овој смисол. Сигурно дека има недостатоци. Ги гледаме сите. Шалтерите се полни. Владата, односно Министерството за финансии презеде следејќи го преку Комисијата за Буџет, низа

чекори. Бесплатна обука на сметководителите, бесплатна обука на сите.

Она што е можеби загрижувачки тоа е како стопанството ќе се адаптира на ваков интегриран систем на наплата каде што работниците ќе си земат и плата ама ќе им се платат и придонеси и даноци и ќе имаат од тоа документ дека е тоа се платено и е во законскиот рок. Институциите како Управата за јавни приходи, ако сакате пошироко Министерството за финансии ќе има многу поедноставен систем преку еден единствен образец и да ги собере придонесите, меѓутоа и нив да ги контролира. Значи, она што е загрижувачко, тоа е проблемот со ликвидноста на стопанството. Дали сега фирмите, работодавците ќе можат соодветно да одговорат на овој предизвик и да платат плата на работниците па да немаат штрајкови, или и понатаму ќе има како во минатото плаќање само на придонеси, а платите да заостануваат. Тоа е таа борба која што сакаме во еден определен временски оптимален период да ја сведеме на минимални негативни последици, ефекти. И тука ќе застанам затоа што сметам дека сите ние во Парламентот треба да придонесеме што е возможно подобро да се апсорбира овој проблем и кај граѓаните, бидејќи не е се исто за мене, работниците да штарјкуваат бидејќи со години немаат платено придонеси, или стравот е, ако не ги пријават работодавците дека не им даваат плата, дека ќе бидат отпуштени. Тоа се тие ефекти што сакаме да ги спроведеме. Никој од нас не сака да предизвика негативни ефекти. Секој кога го разгледува овој концепт на бруто плата сака да ги гледа позитивните ефекти, она што ќе не придвижи напред. Мислам дека во идниот период времето ќе покаже дека ќе имаме успех.

Она што е четвртата точка која што денеска можеби е и најзначајна по својот карактер, тоа е како ние ќе се справиме, што беше начнато и од опозицијата, со кризата, со ефектите од кризата која што доаѓа, дали ние ќе можеме да одговориме на овој предизвик, дали мерките кои што се од Владата предвидени, пакетот од десет мерки кои што сите ние ги знаеме во износ од 330 милиони, дали тие ќе одговорат, или се потребни нови мерки за зацврстување на нашата економија. Тоа е правиот предизвик на министерот Трајко Славески. Треба да му дадеме и време и начин како да се справи со оваа работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Марјанчо Николов.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Би сакал на колешката да и реплицирам за неколку работи. И од нејзина страна и од неколку колеги претходно се слушна околу патриотските фискални сметки дека тоа било чин на патриотизам и дека тоа го правела и Америка. Значи, колешке Авировиќ, немојте да споредувате нешто што не е споредливо. Прво, во Америка сеуште не е на сила таа одредба. И второ, американското стопанство не може да го споредувате со македонското. Америка можеби и може да си дозволи да биде затворена и да опстане со своето производство и со своите капацитети и внатре да има потрошувачка. Каде македонските компании ќе продаваат, ако ние се затвориме, каде ќе оди никелот од Фени, каде ќе оди челикот од Железара, каде ќе одат кондиторските производи од вЕвропаг, каде ќе одат производите од вВитаминкаг, каде ќе одат производите од вЖито Вардарг. Дали Македонија има капацитет да го апсорбира нивното производство. Го нема. И затоа немојте да кажувате концепти кои не се споредливи. Ве молам, признајте ја грешката дека згрешивте.

Околу бруто платата, целиот концепт е поставен државата да си ги наплати своите давачки. Вие сега се обидувате тоа да го направите дека е во интерес на стопанството и на работниците. Работниците добиваат помала плата. Стопанството плаќа повеќе давачки и тоа во услови на криза, а велите дека е во интерес на сите, а државата ќе остане побогата, затоа што ќе си ги наплати придонесите. Ќе го видите ефектот кога ќе почне да се применува новиот просек од месец март, од јуни колку фирми ќе бидат блокирани, затоа што до 15-ти неисплатиле плата и Управата за јавни приходи ќе ги блокира. Праксата покажува дека роковите се кратки.

И околу економската криза, оваа Влада економската криза ја користи само за оправдување. Инфлацијата беше затоа што тоа е светски тренд, а економската криза ни била увезена и дека е наша предност. Вие не се справувате се економската криза. Сега Владата дури предложи една мерка која што може да даде ефекти во делот на давање гаранции за кредити на стопанските субјекти, на малите и средните претпријатија и гаранции за задолжување. Таа е добра мерка и ќе помогне. Другите мерки? Тоа не е решавање на кризата. Тоа е обид нешто да се направи, ефектите се минимални.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика госпоѓа Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Тоа како мерка денеска во Америка се спроведува. Тоа беше само еден пример. На пример во Франција вие гледате дека претседателот Саркози ја заштитува вПежог индустријата и вика: нема отворање на погони во Чешка. Огромна полемика. Значи, сите национални економии се обидуваат да ги заштитат своите, меѓутоа тоа не значи дека тие имаат затворен пазар. И понатаму ќе биде отворен пазар. Тоа нема врска со Предлог мерките, бидејќи тоа се низа на мерки, меѓу другите и тој пакет на мерки. Ние во Македонија нема да застанеме со овие мерки кои што ги преземавме. Вие гледате дека во континуитет се следи состојбата. Македонската банка за развој ќе даде поттик со тоа што стапката ќе биде 5,5%. Тоа е добро за економијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има госпоѓа Славица Грковска Лошкова.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе.

Колешке, изненадува како тоа само владеачкото мнозинство не гледа проблем во спроведување на проектот на бруто плата кога и Синдикатот и Стопанската комора и Организацијата на работодавците побараа преоден период за воведување на ваквата реформа. Заради тоа што реформата почна без сериозна подготовка, без проверка на софтверот, без проверка на функционалноста на целиот систем и за тоа денеска во Управата за јавни приходи имаме таква ситуација каква што имаме, неможност на сите фирми и на сите субјекти да им се излезе во пресрет и заради тоа ќе бидат казнети од страна на државата. Ако намерите ви беа навистина искрени, тогаш ќе го подготвевте проектот онака како што треба и немаше да има такви турканици во Управата за јавни приходи како што има денес, ако била добра реформата и ако се било подготвено како што треба. Меѓутоа, аргументите кои што вие ги кажувате и она што се случува реално на терен, не одат во ваш прилог, туку напротив одат во прилог на оние кои предупредуваа дека ваквото набрзина воведување на концептот на бруто плата ќе предизвика сериозни проблеми во функционирањето на системот во државата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Јас веќе го кажав моето мислење дека не ни очекував дека ќе помине се во најдобар ред во смисла на тоа како апликација. Меѓутоа, бидете убедени дека веќе во наредниот месец вакви проблеми нема да има. Во третиот месец очекувам најмалку проблеми. Проблемите се од друг карактер кои што немаат врска со реформата бруто плата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според редоследот следен за збор е госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, министре. На почетокот да и биде јасно на јавноста зошто бараме денеска оставка од министерот за финансии. Денеска бараме оставка од вас, затоа што вие украдовте 600 милиони денари од граѓаните на Република Македонија и тоа само од проектот вПатриотски сметкиг. Вие ги измисливте патриотските сметки пред изборите за да можете со парите што ги украдовте да рекламирате розова слика во Република Македонија и да се расфрлате во кампањата со парите на граѓаните. И да ве прашам, дали знаете колку пари фирмите платија за спроведување на ваквата реформа, односно за воведување на патриотските сметки. Дали знаете колку трошоци дополнително имаа фирмите за воведување на патриотските сметки. Зборуваме за манипулативни трошоци, за надградување на софтверот, зборуваме за затровање на фирмите како резултат на неспроведувањето на политиката на патриотските сметки итн. Во просек во една груба математичка пресметка од 55 илјади трговци, ако по минимум 100 евра ги чинат вкупно трошоците, тогаш станува збор за 360 милиони денари земени, украдени од граѓаните на Република Македонија. Да ве прашам, колку пари дадовте за рекламата на оваа реформа, дали знаете, или повторно ќе молчите и ќе го чекаме Извештајот на Државниот завод за ревизија. Дали знаете колку како Влада, или вие како министер треба да им платите на трговците сега за штетата што им ја нанесовте со ваквата неуставна реформа. Да треба само половина од она што го украдовте досега од граѓаните да го платите, тоа се 180 милиони денари, или во груба проценка вкупно 540 милиони денари украдовте од граѓаните на Република Македонија. И тоа да потенцирам, без средствата за рекламирање на оваа ваша реформа. Ова е финансиската загуба. Значи, тоа е еден дел што ги чини граѓаните на Република Македонија. Да зборуваме за политичкиот дел. Дали воведувањето на патриотските сметки е само континуитет на политиката на Владата за преименување на Аеродромот во вАлександар Македонскиг, за именување на новиот автопат. Ве прашувам каков бенефит добија граѓаните од вашата политика на лажен патриотизам? Дали знаете колку ќе им помогневте на фирмите кои се затечени со светската рецесија, со ситуацијата на економски план со овие средства кои што само од патриотските сметки ги украдовте. И дали требаше во Република Македонија да се случи штрајк на вработените во образованието за конечно да признаете дека светската економска криза ќе има сериозни последици и во Македонија за конечно да признаете дека треба да преземете нешто. Меѓутоа, за жал не преземате ништо. Продолживте да трошите онака како што ви е вашата волја. Ако само еден дел од овие средства, или ако не послушавте дека тоа не е добар проект и не е во корист на граѓаните на Република Македонија и овие средства ги доделивте на стопанството, тогаш на тој начин и ќе се зголемеше бруто домашниот производ и ќе одеше директно за корист за граѓаните на Република Македонија, а бруто домашниот производ меѓу другото се зголемува на тој начин, не со лажен патриотизам.

Да ве потсетам дека една од главните идеи која што ја промовиравте беше: инвестирај во Македонија. И тогаш велевте дека средствата кои што се одделуваат за оваа кампања се само еден дел, или неспоредливо мали во однос на тоа што како инвестиции благодарение на кампањата ќе ги добиеме. Еве го Извештајот на Државниот ревизор кој што вели: 203 милиони и 86 илјади денари биле наменети само во 2007 година за реализирање на кампањата винвестирајте во Македонијаг. Според официјалните податоци на Народна банка во текот на 2007 година директните инвестиции во Македонија изнесуваат 240,13 милиони евра. Ќе се согласите дека е

никаков ефект на кампањата и залудно потрошени пари на граѓаните на Република Македонија.

Понатаму, за останатите кампањи за кои што за жал немам време сега да ги наведам. Во Извештајот се наведува дека се потрошени 270 милиони и 621 илјада денар. И кога ќе ги собереме само од овие неколку кампањи што само во 2007 година се потрошени, ќе добиеме сума од 473 милиони денари, или отприлика 500 милиони денари кои заедно со овие 600 милиони денари од патриотските фискални сметки доаѓаат до сума од речиси две милијарди денари украдени од граѓаните на Република Македонија што претставува речиси цел буџет на Република Македонија за 2009 година. И јас ве прашувам, за тоа ли го направивте буџетот толкав за оваа година, за да можете да располагате со парите и да ги трошите како сакате? За да можете да крадете од граѓаните без никаква одговорност, затоа што и според меѓународните експерти Македонија е една од земјите која што нема буџетска транспарентност во трошењето на парите. И претпоставувам дека за тоа чувствувате барем малку одговорност, ако имате некаква одговорност. Изненадува тоа што од една страна финансирате и давате пари од граѓаните за проект вИнвестирајте во Македонијаг и шетате низ светот, трошејќи ги парите, викајќи фирми да инвестираат во Македонија, а од друга страна сакате да го затворите македонскиот пазар промовирајќи продажба на македонски производи и инвестирајќи во патриотските сметки. Сите македонски производи што се конјуктурни на европскиот пазар немаат потреба да ги рекламира Владата со патриотски сметки. Тие и онака се трошат добро. Меѓутоа, оние кои што не се конјуктурни, Владата има обврска да им помогне да станат конјуктурни. Другите држави кои што се сериозни и кои што навреме сфатија какви импликации по економската ситуација можат да имаат нивните држави во вакви услови на светска економска криза, веќе преземаа конкретни чекори и помогнаа на стопанството. Меѓутоа, не и македонската Влада. Зошто велам, не. Заради тоа што 330 милиони евра колку што ние сме одвоиле за помош на македонските компании се ништо во споредба со парите што вие ги крадете за само една година за рекламни кампањи од кои што нема корист ниту еден од граѓаните на Република Македонија, освен неколку луѓе кои што се блиски до власта. За разлика од вас српската влада подготви 1,3 милијарди евра за помош на компаниите и тоа е еден од начините со кои што се помага на стопанството да излезе од услови на светска криза. Станува збор за огромни суми. Да ве потсетам дека колегата Бучковски вие го дадовте на суд за набавка на делови кои што се тука во Македонија. Па тогаш, се надевам дека размислувате вас што би ви се случило за вакво ненаменско трошење на парите и за ваква класична кражба од страна на граѓаните на Република Македонија. Еден ден треба да бидете свесни дека власта ќе се промени и дека нема ваквиот судски систем што го поставивте да ве штити. Треба да бидете свесни дека тогаш нема да можете да се правдате со рецесијата, затоа што не станува збор за елементарна непогода, туку за класична кражба. 2,7 милијарди денари ви стојат на располагање за 2009 година. Многу повеќе од било која година претходно. И повторно ќе слушнеме дека Бранко е крив, дека СДСМ е крив, дека Бучковски е крив. Никој не ви е виновен сега. Виновни сте самите вие, заради тоа што го правите буџетот не за интересот на граѓаните на Република Македонија. Ние го правевме буџетот за интересот на граѓаните на Република Македонија, затоа беше 700 милиони денари. 2,7 милијарди денари е буџетот за 2009 година за да можете да крадете како што сакате без да кажете колку трошите и за што ги трошите парите. А за тоа еден ден ќе одговарате. Рековте дека патот до пеколот е поплочен со најдобри намери. Бидете сигурен дека вашиот пат сигурно ве води до пеколот.

**Трајко Вељаноски:** Според редоследот следен за збор е господинот Горан Сугаревски, повелете.

**Горан Сугаревски:** Почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министер за финансии.

Внимателно го слушав одговорот, усмениот одговор кој што го добивме од министерот за финансии Трајко Славески за интерпелацијата која што пратеничката група на СДСМ ја поднесе. Веднаш би сакал да кажам дека во таа интерпелација министерот за финансии направи добра ретроспектива на фискализацијата која што ВМРО ДПМНЕ ја воведе уште минатиот пат кога беше на власт, меѓутоа, откако го слушнав тоа до сега не можам да се начудам кој каде го кажал тоа дека СДСМ уште тогаш кажувала дека кога ќе дојде првиот пат на власт, значи во 2002 година, ќе ја укине таа фискализација. Не можам да се сетам, ако некој има подобра меморија добро е да ме потсети.

Во оваа интерпелација се наведени фактите зошто се бара политичка одговорност од министерот за финансии, меѓутоа, би сакал да кажам дека вие во вашата дискусија спомнавте околу зајакнувањето на фискалната дисциплина. Морам да кажам дека дел од пратениците на СДСМ често пати го имаат поздравено тој потег на зајакнување на таа фискална дисциплина, така што не знам зошто дел од пратениците на парламентарното мнозинство до сега се обидуваат да кажат работи или проекти кои Министерството за финансии ги направило, иако во интерпелацијата се наведени сосема други факти.

Би сакал да кажам дека коментирањето, дури и пуштање во коментирање на дел од пратеници од парламентарното мнозинство на донесени одлуки на Уставниот суд мислам дека не треба да се случува, затоа што можеби други одлуки кои ги имаат други судови донесено можеби не се по волја и на други, меѓутоа, не треба да се

навлегува во коментирање на такви судски одлуки.

Инаку, непосреден повод за денешната инерпелација е како што знаете односот кој што Министерството за финансии, министерот, заедно со Владата го имаше после одлуката на Уставниот суд за поништување на Одлуката за патриотска фискализација на касите на трговци и ова е само еден пример или од голем број на одлуки кои во континуитет ги има донесено оваа Влада. Во Одлуката на Уставниот суд, која во Службен весник е излезена на 25 декември минатата година, во неа е наведено дека таа произведува правно дејство во моментот од денот на објавувањето што до денес не е спроведено. Со оваа одлука патриотските фискални сметки се неуставни, уставниот суд ги укина одредбите од Правилникот на Минситерството за финансии, со што не ги обврзува трговците да ги користат тие фискални каси, кои купените македонски производи ги регистрираат одвоено од странските. Според оваа одлука Владата ќе мора дас натера околу 55 илјади трговци да купат нови софтвери и за таа цел се користеа закани од типот на драконски казни кои изнесуваат од 4 до 5 илјади евра. Исто така, за надградбата на тој тн., патриотски софтвер на фискални апарати чинеше некаде од 50 до 200 евра или околу 5,5 милиони евра вкупно. Покрај тоа, тој трошок на трговци не беше само надградување на софтверот. Морам да потсетам дека огромен дел од трговците мораа да ја надградуваат и меморијата на фискалните апарати. На пример, една таква вредност има од 3150 денари плус 18%ДДВ.

Покрај овие директни трошоци кои ги добиваат трговците, имаме и индиректни трошоци кои дојдоа како последица што многу голем број на трговци и занаетчии, односно дуќани и работни простории чекајќи во ред мораа да ги затворат се со цел да појдат и справувајќи се со тој метеж и турканици да ги фискализираат своите апарати.

Исто така, би сакал тука да потенцирам дека оваа одлука не е во согласност со Уставот во делот на уставното начело на слободата на пазарот и претприемништвото, односно за еднаквост на сите стопански субјекти на пазарот. Морам да кажам дека македонските граѓани иако беа свесни за овие негативни последици од неуставниот чекор на Владата, беше јасно дека тоа мора да го направат односно да појдат и да ги фискализираат тие сметки, иако претходно пред да се донесе таа одлука од страна на Владата имаше добро намерни сугестии од типот на правните експерти кои тврдеа дека оваа одлука ќе падне на Уставниот суд. Исто така голем дел од Стопанската комора укажуваа на последиците кои евентуално можат да произлезат од внесувањето на вакви патриотски сметки. Јавноста тогаш беше сведок на многу смешни ситуации каде домашните пијалаци беа третирани како странски производи, така што дури во една ситуација и бурекот беше категоризиран како странски производ. Сите овие укажувања кои претходно и моите сопартијци, односно пратнеиците од пратеничката група на СДСМ ги дадоа, доведуваа до тоа дека со оваа непатриотска одлука Министерството за финансии направи штета и тоа се нанесе голема парична штета на многу трговци било директно, било со директни или индиректни трошоци, потоа се зададе директен удар на македонската трговија, во дел се попречија дури и странските инвестиции итн.

Јас сакам да поставам едно директно прашање, кое граѓаните односно трговците очекуваат да биде одговорено. Вие во дел дадовте одговор дека дел од тие дистрибутери потоа за да ја вратат во првобитна состојба фискалната сметка, тоа можеби ќе го направеле бесплатно. Министре, треба да одговорите на прашањето кој ќе ги сноси трошоците за враќање на фискалните каси во првобитна состојба, дали тоа ќе го направи Владата, дали тоа ќе го направат трговците. Граѓаните очекуваат тој одговор да го добијат, дали уште еднаш ќе треба од 50 до 200 евра да платат за повторно да се врати во првобитна состојба или на сметка на тоа што Владата и Министерството за финансии направија грешка кога ја донесоа оваа одлука бесплатно на овие трговци повторно ќе им ја вратат, односно фискалните каси ќе ги вратат во првотина состојба. Тоа е клучно прашање кое очекуваат сите овие трговци, преку вие рековте 40.200 ми се чини, нашето мислење е дека се над 50 илјади, меѓутоа, директно треба да се одговори на прашањето: кој ќе ги сноси трошоците за враќање на фискалните каси во првобитна состојба. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас.

Следен за збор според редоследот е господинот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Гроздаснов:** Благодарам претседателе.

Јас ќе отпочнам со она што го слушавме денес, се изнаслушавме се и сешто, тргнувајќи од бурекот во Прилеп преку деловите за тенкови на господинот Бучковски, па завршувајќи до претседателските кандидати на човекот кој што на секои шест месеци ја менува партијата. Јас ќе се обидам да бидам краток и во интерес на времето, во интерес на граѓаните.

Утрински весник, 30 јануари 2007 година: Владата се решила да побара предвремен откуп на долгот кон Парискиот клуб заради заштеда во Буџетот.

20 февруари 2007 година: Укинувањето на чековите за купувањето на рати без негативни последици за граѓаните.

4 мај: Имаме поддршка од ММФ и Светската банка.

8 мај: И без ММФ ќе имаме стабилност.

И да не ги читам понатаму сите оние натписи и изјави кои беа во весниците, кои сепак се чекори кои одат напред и чекори кои се одраз на реформите кои Владата на Република Македонија и министерот Трајко Славески ги спроведуваат во државата.

Слушнавме многу работи, јас ќе почнам од следното. Да кажам дека Македонија од 2007 година ја воведе единствената даночна стапка од 12%, ги отстрани оданочувањата од 15, 18 и 24%. Со намалувањето на даночната стапка се воведе зајакнување на фискалната дисциплина и мотивирање на правните и физички лица редовно да ги плаќаат даноците спрема државата. Па оттаму и оние што се спомнуваат од господинот Марјанчо 500 милиони евра, кои се зголемување во Буџетот. Јас би напомнал само и би поставил едно прашање. Во изминатиот период каде завршуваа овие пари, овие средства. Дали во џебовите на поединци, или во олигарските на СДСМ.

Зборувавме за бруто платата. Деновиве Управата за јавни приходи информираше дека доколку има потреба викендите ќе работат од 08 до 18,00 часот. Но апелираат сите кои не доставиле пресметки тоа да го сторат што е можно поскоро за да нема доцнење на платите. Тука се поставува повторно прашањето дали вината за доцнењето на платите е министерот и Министерството за финансии, Управата за јавни приходи, или неажурното работење на одредени правни лица.

Почитувани колеги, сакам да ве потсетам дека сите реформи се тешки, но опозицијата не треба параноично и хаотично да реагира. Да ве потсетам дека нешто слично се случуваше и со воведувањето на трансакционите сметки кога кажувавте и укажувавте дека не е време, дека Македонија ќе биде во колабс, во Македонија ќе се створи хаос, но сведоци сме денес дека таква работа немаше и нема ни да има. Да ве потсетам само дека трансакционите сметки овозможуваат регулирање на правилата на сите учесници во платниот промет, односно еднаков третман на правните и физичките лица при вршењето на правниот промет, што не беше случај додека вие господа бевте на власт.

Она што госпоѓата Мираковска го напомна реформи да, но на хартија. Не, со ова ве убедувам дека реформите кои вие ги започнувавте и на кои укажувавте и во сферата на образованието и во сферата на финансиите пред Министерството за финансии ги стававте на лист и никогаш не дојдоа на дневен ред да бидат спроведени во пракса, ниту усвоени ниту спроведени во пракса. Зборувавме, поточно зборувавте за намалувањето на јавниот долг, поточно зголемувањето на јавниот долг како што напомна господинот Марјанчо, но јас ќе напомнам дека намалувањето на јавниот долг во периодот 2006 - 2008 година, спрема Парискиот клуб, спрема ММФ, спрема Светската банка и да не ги набројувам другите институции спрема кои е извршено наплаќање на долгот.

Зборувавте за девалвација на денарот. Ќе ве потсетам дека таква работа немаше затоа што во периодот, она што го кажа господинот Трајко Славески на 25 10 2008 година, на прашањето ќе девалвира ли денарот: вне, сега нема никаква потреба од девалвација, не постојат ниту причини за тоа. Во минатото постоеја теории дека во мала и отворена економија со девалвација може да се постигнат позитивни ефектиг итн., и на крајот кажува: вкурсот на денарот ќе остане непроменетг.

Дами и господо, вие зборувавте и го уверувавте овој народ дека ќе имаме инфлација, правевте паника како што кажав на почетокот, хаотично се однесувавте спрема граѓаните, ширевте плурализам, сметајќи дека на изборите 2008 година ќе создадете една еуфорија и дека граѓаните ќе ве гласаат. Но, граѓаните го кажаа своето. Оставете ја Владата, оставете го министерот нека работи, нека ги спроведе реформите, затоа што ова е еден од најуспешните министри кои оваа Влада, поточно оваа Република Македонија ги има од осамостојувањето до денес.

Јас господине министер ви честитам на трпението и на знам како до сега СДСМ и опозицијата одолеа во 2,5 години да не ви поднесат интерпелација затоа што за најсуепшните министри опозицијата е секогаш спремна да поднесе интерпелација, да го оцрни барем малку затоа што тие се оние кои се двигатели на Владата, тие се луѓето кои ги спроведуваат реформите.

На крајот да завршам со господинот кој што на секое шест месеци ги менува партиите. Јас би му честитал на господинот Бранко Црвенковски од една единствбена причина, затоа што со овие последни избори ќе се реши конечо од оние што се политичарите кои што се од минатото како што се господинот Тито Петковски и господинот Фрчковски. Ова е дефинитивно крај на нивната политичка кариера и транзицијата во Република Македонија. Ова беше дел на моите одговори од колегата. Благодарам.

**Трајко Вељановски:** Благодарам и јас.

Реплика госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Колега Грозданов, очигледно сте биле зафатен во лобирање во партијата за кандидат за градоначалник на Охрид, па тука ни презентирате застарени податоци. И можеби заради вашата разочараност во партијата немаше жар во вашата дискусија, туку беше многу бледа дискусија особено кога станува збор за одбрана на министер кој што имајќи ги предвид аргументите кои ги кажавме не се брани. Меѓутоа, поновите медиуми го зборуваат следното.

Утрински весник 3 февруари: Македонија сеуште треба да вежба буџетска транспарентност, Македонија се бројува во групата земји кои на јавноста и презентираат само селектирани информации за буџетскиот процес и е рангирана како земја што има 54 проценти буџетска транспарентност.

Дневник 4 февруари: Владата ги заглави граѓаните.

Утрински весник 5 февруари: Доаѓа тешка криза зошто чека Владата. По изборите ќе биде предоцна за економијата. А господинот Славески вели придонеси мора да има, плати и не мора.

Утрински весник 9 февруари: Владата комотно троши пари онака како што сака од најголемиот буџет од граѓаните на Република Македонија и тоа го плаќаат граѓаните на Република Македонија.

Се разбира, и покрај сите предупредувања дека не треба да се троши во услови на економска криза дека треба да се штедат парите.

Нова Македонија од 11 февруари: Бруто плата за половина од вработените, останатите ќе добиваат опомени, ќе им тече камата на долгот за придонеси, и ќе ризикуваат УЈП да изврши присилна наплата на долгот.

Дневник 11 февруари: Нашите фирми ја губат конкурентноста, а нашата Влада на презема ништо.

И вие можете да зборувате дека пак ви е Бранко крив, пак ви е СДСМ крив, меѓутоа, фактот дека се украдени две милијарди денари за само една година од само неколку компании, од граѓаните на Република Македонија никој не може да го побие, ниту вие, ниту овој министер, ниту било кој друг. И еден ден некој ќе оди во затвор заради тоа. Заради тоа што тоа се работи кои не ги кажуваме ние туку ги кажува Државниот завод за ревизија и ако постапува Јавниот обвинител по Извештајот на Државниот ревизор, тогаш тој што е одговорен за тоа ќе оди во затвор ако има независно судство во Република Македонија. Тогаш да ве прашам господине Грозданов на која страна ќе бидете вие, на страната на Законот, на страната на оној што украл, или на страната на граѓаните.

**Трајко Вељановски:** Контра реплика господинот Грозданов, Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Нема потреба од многу динамика затоа што вас не ве рачунаат за жива во партијата, мене барем ме рачунаат.

Јас би сакал да кажам следното дека пред вас стои исклучително чесен и коректен човек министер за финансии, кој што Република Македонија не го имала до сега.

Госпоѓо Грковска, ви се обраќам вам лично и ве повикувам да ги доставите до Јавниот обвинител тие две милијарди денари или кои се, да ги доставите, доколку не ги доставите документирано а овде изнесовте факти на говорницата, вие сте директно соучесник. Вие треба да ги доставите до Јавниот обвинител како ваше барање. И ќе напомнам само 900 милиони евра, за кои е зголемен буџетот, дали се тоа резервните делови за тенковите, дали се тоа перењето пари со Митева, дали е тоа враќањето на ДДВ или можеби тоа е препукувањето со кривичните пријави кај вашите.

**Трајко Вељановски:** Благодрам.

Според редоследот, следен за збор е господинот Бучковски Владо, кој не е тука и го губи правото за збор.

Следна за збор е госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

И добро е што колегата Цветко Грозданов не е предложен за кандидат за градоначалник на Охрид, затоа што ќе мораше како претходните наши колеги говорници како што е Ратко Димитров, како што е Горан Петров и останати во кампањата да објаснуваат многу работи. Да објаснуваат пред граѓаните како се потрошени милијардите евра за кампањи по медиуми, каде одат парите од увозот на електрична енергија, каде одат парите од тендерите кои што ги прави познатиот мистер тендер во Република Македонија, како ќе ги обештетат граѓаните од грешните политики и оваа Влада, вклучително и овој министер кој што денес има интерпелација со своите предлози што и направи штета.

Значи, бројни работи кои ве чекаат или бројни прашања кои ве чекаат и ќе ви бидат упатени во кампањата, од страна на граѓаните на Република Македонија, а вие сте должни да им одговорите, не сега, ќе им одговорите на граѓаните затоа што, вие можете да ни одговорите што сакате, но факт е дека илјадници евра пред очите на граѓаните, грубо и на безобзирен начин се трошеа за разноразни безбезни кампањи кои никому не му служеа, со една единствена цел да се полнат џебовите на одредени олигарси сега новостворени. Заборавете ги старите олигарси. Сега во Република Македонија се создаваат нови олигарси кои ги полнат џебовите и кои, за жал, не работат на агендата на Република Македонија. Не знам на која агенда, но очигледно е дека овие три години овие ваши олигарси, оваа ваша Влада не работи за агендата на Република Македонија затоа што да работеше ќе добивавме барем за малку попозитивен извештај за напредок во Европската унија, секако и за НАТО, на нашата држава.

Мислам дека оценката, колку сакате да си ја пишувате висока, вие не сте овластениот учител или овластениот проценител кој ја пишува оценката. Оценката секоја година ни ја дава Европската комисија, а таа за жал, е се пониска и пониска и таа за жал, не само што ја одалечува мојата држава од евроинтеграциите туку се закaнува, можеби, извинете, ново зло на Република Македонија со последните настани кои се на политичката сцена, повторно исценирани од одредени групи во владеачкото мнозинство.

Почитувани колеги, поднесовме интерпелација на министерот за финансии за многу неуспешни реформи. Не слушнав ниту еден аргумент со кој го одбранивте неуспешниот проект за рамен данок, неуспешниот проект за буџетска потрошувачка, огромна буџетска потрошувачка во Република Македонија. Не слушнав ниту еден аргумент за одбрана на патриотските фискални сметки. Не слушнав ниту аргумент зошто ја

воведовте фискализацијата на зелените пазари и после под притисок на граѓаните, на луѓето кои егзистираат од таму, се повлековте. Зошто не ви е успешен старот на бруто платата. Зошто со бруто платата повторно се најдоа на удар и ќе се најдат, допрва ќе се види, оние категории на работници кои се најранливи. На крајот на краиштата министерот Трајко Славески е кесаџија, тој го држи кесето на државата, тој располата со него, до ден денес не одговори колкав е износот на средствата што оваа Влада ги потроши за безбезни кампањи, парите кои безобзирно се земаат од грбот, од поткожата на и така сиромашните граѓани. Не одговори, а должен е да одговори. Јас се надевам дека еден ден ќе мора да одговори, ако не денес, ако не утре, ќе бидеме упорни и ќе го прашуваме. Мора да одговори. Тој може да прећути денеска на оваа интерпелација, може да прећути на следни пратенички прашања, може да прећути на идна интерпелација која можеби ќе ја поднесеме, но еден ден ќе дојде денот кога мора да одговори. И особено зошто не се занимава со економската криза во која се најде Република Македонија.

Јас со внимание го ислушав неговото образложение по интерпелацијата, но верувајте јас не разбрав ништо, можеби и дека не сум економист, но не треба да се биде економист да се разбере. Тој се обиде само да го коментира или да го дообјасни, во негов прилог или онака како тој што сака да го разбере образложението на одлуката на Уставниот суд, иако знае и свесен е дека одлуките и образложенијата на одлуките на Уставниот суд се конечни и не се коментираат. Но, бидејќи нема аргументи за она кое му се става како товар за одговорност во оваа интерпелација, нормално е дека ќе се користи со работи кои секако не фаќаат место.

Почитувани колеги, првото за што се става на товар се патриотските фискални сметки. Тие паднаа на Уставен суд. Иако не сум економист ги слушам граѓаните, читам новини и последниот износ кој се става како штета за овие патриотски фискални каси, само за апаратите е 5,5 милоини евра.

Ако се има предвид дека министерот и Владата најавија нов софтвер кој ќе ги чини граѓаните уште дополнителни средства и заканата со казна од 4 до 5 илајди евра по правно лице и 500 до 1000 евра на одговорно лице за неусогласување, вкупниот износ на штета, со оваа нерационална мерка е некаде околу 4 милиони евра. Дали сметате дека ова е мал износ. Дали сметате дека за овој износ не треба да се разговара, дали сметате дека за овој износ треба да останат необештетени граѓаните, дали сметате дека вашата неразумна политика ќе ја плаќаат граѓаните на Република Македонија.

Господине Цветко Грозданов, јас сакам да ми каже министерот, а вие кога ќе бидете министер за финансии тогаш ќе ми одговарате. Јас сега упатувам прашање до министерот за финансии, освен ако не ви ветиле дека на првата реконструкција ќе го заземете местото на Трајко Славески.

Рекле парите го вртат светот. Велите дека многу сте чисти во работењето. Јас само ќе ви прочитем мислење на еден читател кој го дал во еден форум. Ќе го скратам за да не губам време. Тој го вели следното: - Последната одлука за фискалците предизвика голем револт кај мене. Човеков се занимава со информатика и со софтверство. Тој добро ја знае работата. Понатаму, вели - во Македонија оперираат некаде околу 55 илјади фискални апарати. Цената на еден фискален апарат изнесува околу 5 милиони евра. Во Македонија, вели, распределбата на пазарот, на фирмите за купување на овие фискални апарати, за нивно одржување, го држеле АКЦЕНТ и ДАВИД Компјутери. Овие вториве, сега добив информација дека пропаднале, не знам зошто, можеби не ви исплатитле дел од средствата што ги зеле од касата.

АКЦЕНТ, од распределбата на вкупните средства за набавка на овие фискални патриотски каси добиле 62% од средствата, а ДАВИД компјутери го добиле останатиот износ.

Иако се има предвид вкупниот износ и поделбата на средствата кои се добиваат, АКЦЕНТ добила околу 3.100.000,00 евра, а околу 1,5 милион евра ДАВИД компјутери. Ова, констатира граѓанинот е огромна заработувачка. Оваа заработувачка не е само на овие фирми. Оваа заработувачка е на газдите на овие фирми и секако дилог кој е постигнат со Владата на Република Македонија. АКЦЕНТ ја спонзорирал и сигурно и сега ја спонзорира кампањата на ВМРО-ДПМНЕ затоа што 3.100.000,00 евра не се мала пара има и за во џебот и за нивниот и за министри и за кампања. И уште нешто дека не е случајно што е избран АКЦЕНТ.

Сопствениците или еден од сопствениците на АКЦЕНТ му е роднина на премиерот. Ова е извадок од Форум, ова е мислење на еден граѓанин по повод напис во медиум.

Следиме понатаму, значи не го обвинуваме министерот, ние не сме обвинителство тука, не му ставаме на товар само патриотските фискални каси.

Има уште една одлука на Уставен суд едно решение кое што го предложил министерот, секако и Владата заедно со него, и тоа е одлуката на Уставниот суд 51/2008 и сакам само да му се заблагодарам на граѓанинот кој што сега во текот на дебатата ме потсети и сега му се заблагодарувам овде од говорница и го кажувам тоа од негово име, дека со одлука 51 од 2008 година е укината една одлука со која што е направена измена на Законот за данокот од добивска така што малите претпријатија, малите фирми се задолжени да плаќаат 1,5% данок од вкупниот промет. И оваа одлука како и многу други, ова законско решение како и многу други со одлука на Уставен суд паднале, меѓутоа кога важела оваа одлука фирмите на кои што се

однесувало ова решение биле паушално оданочени според законското решение, им биле парите од сметката во износот кое е со законското решение утврдено и сега по падот на ова решение со одлука на Уставен суд им е кажано од Управа за приходи чекајте ова ќе ви е како авансирање за идни некои даноци. Каков е овој начин на однесување. Знаете ли колку треба обрт да се направи во застојот на стопанството, ваквиот застој на стопанството во Република Македонија да спечалат некој динар фирмите. Значи и ова господинот министер треба да си го земе на товар.

Околу финансиската криза, економската. Владата финансиската криза ја користи само кога нешто не и оди. Значи, а не што не оди причина за тоа што не оди е светската финансиска криза. Кога ние повикувавме дека и Република Македонија ќе ја фати светска финансиска криза Владата мува не ја лазеше. Сега во дневниот денешен печат читам дека Република Србија, Република Хрватска, Бугарија избираат различни начини на подршка на фирмите и на граѓаните за излез од економската состојба. Така во Бугарија се кредитираат банки, во Хрватска друга мерка, во Србија се даваат на фирмите. Нашата држава дава подршка само на една фирма на Џонсон Контролс, за да не и рикне и оваа како Свет Милк и да не остане ниту една странска инвестиција. Понуди пакет со десет мерки за отпишување на даноци некои, кои што сепак ќе стојат доколку не плаќаат фирмите извесен период на данок и тие мерки нема да вродат со плод, затоа што се избрзани, затоа што не се во ред. Значи, Владата не презема храбри чекори, Владата не прави ништо, Владата прави се во штета на народот, но се во корист на своја полза. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

За реплика е јавен господинот Грозданов Цветко, повелете.

**Цветко Грозданов:** Благодарам претседателе.

Госпоѓа Иванова, во едно можеме да се сложиме. Точно е дека оценката ја даваат други. Точно е дека одалечувањето на нашата држава, мислам на мојата и вашата како заедничка држава, ја вршат новосоздадените олигарси. Рековте да ги заборавиме старите олигарси, Штерио, Јорго, Савка, Хари, ќе ги заборавиме. Што правиме со новите олигарси, Заев 8 милиони Глобал. За нив ли ќе зборуваме. Тие ја одалечуваат државата, она што претседателот на државата го помилува најголемиот криминалец во државата. За него ли треба да зборуваме и да зборуваме за некои кои ја одалечувале државата затоа што напишал некој во весник дека некој на некого е роднина.

Некој од Струмица ми кажа дека вашата фирма во 1992 година работела најдобро, во времето кога СДСМ хараше. Тоа може да се провери, не е проблем. Зошто ги одржувате најголемите криминалци и најситните криминалци од типот на овој господин кој го има тука, кој како градоначалник краде струја. Со записник е потпишано. Сакате ли да ви ги умножам картиците да видите како две години со ред долговите ги пребива со одредени други фирми. Можам и тоа да ви го дадам и еднаш отворено да проговориме за криминалот.

Се повикувате на државниот ревизор. Министрите од Владата на СДСМ само за 2005 година, кога бевте на власт, да ве потсетам дека според Државниот завод за ревизија незаконски и несовесно од Буџетот потрошија над 110 милиони евра. Што им рековте на гласачите, што сега ќе им кажете на гласачите, ги вратија ли парите или можеби да им кажете каде побегнаа, дали ќе се вратат. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине Цветко.

За разлка од вас мојот маж цел живот работи, привредува сам и дури вади и плата за вработени. Дали за тројца или пет души, вие можеби не сте способен ни сам да си извадите плата.

За тоа, за нашиот градоначалник, на 22 март граѓаните ќе кажат и ќе ви ја затворат устата. Ќе кажат дали овој случај беше политички монтиран или навистина Заев го заслужува местото каде што е. Но, по три години, господине Грозданов ќе го побараме мистер тендерот, по три години ќе побараме од министерот колку пари за кампањите се потрошени, по три години ќе побараме каде се парите потрошени од ЕСМ, кои што ги оставивме, каде се парите потрошени од Телеком, уште од едно време. Значи, имаме уште многу работа, а вие терајте ја вашата работа.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има госпоѓа Димевска Катерина, повелете.

**Катерина Димевска:** Благодарам претседателе.

На почетокот повторно сакам да потенцирам уште еднаш.

Јас сум свесна дека и оваа интерпелација има политичка мотивација со оглед на тоа дека сме пред избори. Меѓутоа во дискусијата на почитуваната колешка слушнавме многу работи кои во насока на она што значеше обвинување не беа баш насочени кон министерот, меѓутоа се измешаа многу работи и заради тоа сакам да ја потсетам. Таа кажа дека владите на одредени држави, како што се Србија, Хрватска, Бугарија преземале мерки и се подготвувале за 2009 година за финансиската криза која доаѓа.

Почитувана колешке, уште еднаш ќе ве потсетам дека Владата на Република Македонија не спие. Немојте да заборавите дека уште во декември месец 2008 година Владата излезе со десет пакет мерки со вкупен износ од 330 милиони евра. Станува збор за мерки кои на македонските компании ќе им овозможат даночни и царински олеснувања, отпис на неплатените долгови и придонеси, репрограмирање на старите долгови и слично.

Уште нешто би сакала да потенцирам почитувана колешке. Тука ја спомнавте и бруто платата и морам да го спомнам тоа.

Пред нас е човекот кој имаше храброст, за кој вие денес поднесувате интерпелација, и покрај сите ризици да ја преземе одговорноста и да отпочне со спроведување на оваа суштинска реформа во Република Македонија за да стане пазарна и функционална економијата во нашата држава. Меѓутоа, се покажа и во изминатиот период дека по обичај секогаш кога се работи за некој прогрес во државата, вие со сите сили се обидувате тоа да го спречите и да го оцрните пред македонската јавност и покрај тоа што се знаеше уште на самиот почеток дека ќе има одредени потешкотии во оваа реформска мерка и во овој проект, со сите значајни промени во кои се вклучени многу субјекти.

Со вашите неодговорни, нападни, испреплетени со многу подметнувања и шпекулации пласирани во јавноста по секоја цена да ја срушите оваа реформа, сакате почитувана колешке, меѓутоа, сметам дека и покрај сето тоа што го правите оваа реформа, како што успеа воведувањето на ДДВ-то ќе има успех во оваа реформа.

Затоа, почитувана колешке, вакви реформи можат да се применуваат само тогаш само кога се има знаење, посветеност, беспрекорна работа, политичка храброст, односно кога се има човек кој знае како да работи како што тоа всушност тоа го прави тоа нашиот министер Трајко Славески за кој вие денеска поднесовте интерпелација. Уште еднаш ќе потенцирам, се со единствена цел, пред изборите да направите уште еден плиички маркетинг и да се обидите на некој начин . . .

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам, благодарам.

За контра реплика г-ѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Колешке, ќе почне кампањата и вие во Прилеп сте должни да им објасните на граѓаните зошто фирмите плаќаат со бруто платата повеќе данок, а зошто сиромашните граѓани во Прилеп ќе примаат помала плата.

Јас толку, немам намера ни лично да навредувам, ова е мое мислење за разлика од вас кои читате, не знам зошто читате, кажете што имате да кажете, значи вие сте должни да објаснувате. Овде не мора да ни признавате, но граѓаните тоа го чувствуваат на сопствен грб.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има министерот за финансии г-динот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Мислам дека деновиве од некои анализи за активноста на Парламентот прочитав дека еден од најактивните пратеници за земање збор е токму почитуваната г-ѓа на која се однесува мојата реплика, Цветанка Иванова. Но, по се изгледа таа повеќе зборува одошто слуша. Самата во својата дискусија кажа 5 пати не слушнав ова, не слушнав она, не слушнав не знам што, после продолжи, не разбрав ова, не разбрав она. Па најверојатно некој се специјализра овде за зборување, некој се специјализира за слушање, некој се специјализира за разбирање. Не е само тоа она што ме тера дека навистина вие ниту слушате, ниту разбирате што се работи овде во Парламентот, туку тоа што ви го дојавил проверете на некоја субверзија. Рековте дека во текот на дискусијата или во текот на седницата некој ви пратил порака, ве излажал дека наводно со одлука на Уставен суд е укинат или укинато паушалното оданочување на микро претпријатијата кое беше со ставка од 1,5%, па вие сте сведоци дека кон крајот на годината со измени во Законот за данокот на добивка таа ставка од 1.5% оданочување на микро претпријатијата оние кои остваруваат годишен приход до 1.300.000 денари беше намалена од 1,5 на 1%. Значи и ќе слушаме и ќе разбираме. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика г-ѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Г-дине претседателе, прво спрема вас, не го штитите дигнитетот на Собранието ниту дигнитетот на координаторите на пратеничките групи со кои наводно градите некој договор секој понеделник. Должни бевте да го опомнете г-динот министер.

Г-дине министре, една од причините заради која ви се поднесува интерпелација е точно вашиот ваков однос. Не сте дојдени овде да ни држите предавање кој знае кој не знае дури нормално е ние се да не знаеме. Треба, кога ќе ве прашаме да ни одговорите, да не избегнувате. Еве сега повторно по илјадити пат ве прашувам колку пари има потрошено за кампања затоа што тие пари се и мои пари г-дине министер. Ова е интерпелација, министерот е кесаџија на Буџетот и должен е да ми одговори, а јас сум пратеник и сакам да знам. Немојте да барате поддршка од Цветко затоа што не ви е некоја поддршка.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Според редот на пријавените следен за збор е г-динот Крсто Мукоски, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Мислам дека редно е да се вратиме на дискусијата.

Најпрвин ако не е на одмет на колегата Владо Бучковски да му го честитам синот, добил син, ако не грешам.

Значи, денес повторно за многу краток рок за само некаде 30-тина дена расправаме по уште една интерпелација поднесена на министер во Владата на Република Македонија и повторно поднесена од пратеничката група на СДСМ.

Денешната расправа за интерпелацијата по својата форма и содржина во најмала рака ја сметам за несериозна, тенденциозна и мотивирана за гола критика во случајот насочена

кон министерот за финансии, а се со цел да се добијат одредени политички поени пред јавноста.

Ако конкретно зборуваме за тоа кон која институција и личност го поднесувате ова барање, слободно ќе констатирам дека правите уште еден чекор во празно и дефинитивно овој погег ќе ви биде забележан како уште една круцијална грешка во водењето на вашите политики. Но, во секој случај тоа е ваше демократско право и на крајот за вашите постапки оценуваат судии и одлучува народот.

Во мојата дискусија ќе се обидам во кратки црти онолку колку ми дозволува времето да се задржам на два моменти кои се однесуваат на денешната расправа.

Прво, би сакал да ве потсетам вас, бидејќи сум сигурен дека јавноста добро знае кој е професионалниот профил на г-динот Славески и што се во изминатите години како проекти и реформски зафати успеа да ги отпочне и заврши.

Второ, конкретно ќе се обидам да ви одговорам по текстот на поднесената интерпелација и да ви укажам на моите претходни констатации за несериозноста и неиздржаноста во вашето барање кое по ниту еден основ не може да биде причина за смена на г-динот Славески.

Да почнеме по ред.

Во 2006 година кога на чело на Министерството за финансии ви дојде министерот Славески веднаш се зафати со спроведување на политиката на владината програма со воведување на нова креативност, динамика и одлучност.

Во првите 100 дена мислам дека ќе се согласите, од владеењето на оваа Влада која по својата природа настапи со реформски дух, најголемата тежина ја понесе Министерството за финансии. За само 100 дена исполнети се ветените проекти, воведување на рамниот данок и ослободување на реинвестираната добивка од оданочување.

Исто така во првата година од владеењето постигнат е значителен раст на националната економија со раст на бруто домашниот производ за да во 2007 година се достигне историскиот раст на бруто домашен производ на национално ниво приближувајќи се на 6% раст. Ова темпо на раст на нашата економија беше несебично поздравено од релевантни меѓународни институции како што ММФ, Светската банка и други. Паралелно од самиот почеток со работа Министерството го прошири опсегот на активности и влијанија во многу области кои влијаеа на развојот на земјата. Храбро е најавена и спроведена преку законско решение одлуката за либерализација на банкарскиот сектор со што во Република Македонија во изминатиот период пристигнаа неколку големи светски банкарски брендови на пример, Франција, Турција, Австрија, Словенија итн.

Предвремено се исплатени долговите кон Парискиот клуб, кон ММФ, Светска банка, Европска инвестициона банка со што по основ на заштеди во Буџетот по основ на камати на доспеани ануитети се налеаа дополнителни средства со кои се покриени повеќе проекти во различни области.

Исто така, реализирани се одредени олеснувања во слободните економски зони и воопшто олеснета е целокупната постапка за основање на фирма и инвестирање како на домашните така и на странските инвеститори.

Зголемени се резервите над оптималното ниво на утврдена 4 месечна увозна покриеност што придонесе да се ослободат дополнителни средства за отплата на странските долгови и за купување на наши амбасади во странство.

Целосно е модернизирана Управата за јавни приходи, засилени се контролите со што на рекордно ниво се зголемени прибирањата на средства по основ на даноци.

Исто така, бевме сведоци на целосна фискализација на пазарот, воведување на безготовинско плаќање и платежна картичка, одржување на стабилен курс на денарот и ниско ниво на инфлација контролирана преку рестриктивна фискална политика.

Донесени се низа други закони и подзаконски акти со кои директно се влијаеше на подобрување на бизнис климата во државата. Министерството за финансии во корелација со Народната банка на Република Македонија предложи Закон кој беше усвоен, а со кој се гарантираа штедните влогови на граѓаните, девизните штедни влогови. Исто така, се предложина сет на мерки кои влијаеја на последиците на глобалната економска криза.

Што се однесува до содржината на самата интерпелација и поводот заради која ја имате денес поднесено, дозволете ми накратко да дадам свое мислење и видување.

Имено, во услови на намалена економска активност на нашето стопанство и се поголем раст на трговскиот дефицит пред се заради брзото ширење на последиците од глобалната економска криза и од растот на цените на основните увозни продукти, а со цел да се стимулира растот на националната економија прво преку подигнување на свеста на граѓаните за купување на домашни производи, а со што би се зголемило и македонското производство со што би се потенцирале и вредностите на македонските производи, Владата и Министерството за финансии воведоа една мерка со која се изврши промена на софтверот на фискалните апарати со што на фискалната сметка се прикажуваше дополнителна информација од која сите можевме да видиме колку пари сме потрошиле на македонски производи.

За жал, за мене од неразбирливи причини Уставниот суд ја укина оваа одредба на Министерството за финансии со образложение дека е таа против уставна, дека ја ограничува слободата на пазарот, дека го ограничува правото на сопственост и дека ги става во нерамноправна

положба компаниите кои продаваат странски производи.

Јас истакнувам уште еднаш дека сум длабоко убеден со оваа одлука Министерството за финансии воопшто не сакаше да направи повреда на Уставот и таа не беше спротивна ниту на европските ниту на светските правила, ниту ги загрозуваше правата и слободите на купувачите, бидејќи таа имаше карактер на пропагандна порака која е наменета за слободна проценка на купувачите без притоа да создаде одредена правна обврска или да произведе некакви санкции ако купувачите не се придржуваат на таа порака. Од тука не гледам никакви повреди ниту на слободата на пазарот, ниту на правото на сопственост и еднаквата положба на учесниците на пазарот.

Сведоци сме во блиско минато дека вакви или слични решенија во многу држави низ Европа и светот преземаат националните економиии со цел да го стимулираат националното производство и стопанството во тие земји.

Значи, најсвеж и еклатантен пример е повикот на светскиот лидер број 1 г-динот Обама кој ја повика американската јавност да купува 100% американски производи или италијанскиот премиер Силвио Берлускони кој упати апел до угостителските објекти и ресторани да користат производи исклучително од домашно производство.

Мислам дека набројав само дел од презeмените реализирани проекти на Министерството за финансии заради немањето на доволно време, меѓутоа, се надевам дека успеав да ве убедам во капацитетот, во реформскиот дух и одлучноста на министерот за финансии.

Со сите овие горе наведени аргументи и факти сигурен сум и мислам дека по завршувањето на денешната расправа ќе ја поправите сопствената грешка и лоша проценка со тоа што ќе гласате против интерпелацијата кои самите ја поднесовте, бидејќи тие што признаваат дека грешат, половина им се простува. Ви благодарам на вниманието.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има г-динот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам претседателе.

Се јавив за реплика за да исправам некои неточни наводи кои на колегата му ги напишале во говорот.

Спомна дека од 2006 година кога дошол за министер г-динот Трајко Славески ги качил девизните резерви на 4 месечна покриеност, што не е точно, бидејќи веќе беа на тоа ниво, а министерот за финансии во една прилика има изјавено дека и Македонија нема потреба да има девизни резерви кои ќе бидат на нивото на 4 месечна покриеност на увозот, што значи дека се даваат како претставници на иста партија два различни аргументи кои не се точни, поготово на колегата Крсто Мукоски.

Во однос на рестриктивната финансиска политика која ја водела оваа Влада во 2006 година Буџетот изнесуваше 1.200.000.000 евра. 2009 година изнесува 2.900.000.000 и сега ќе зборуваме за рестриктивна фискална политика или Владата малку трошела. Владата се обврза дека нема да троши пари за мебел, за опрема, за возила, а самиот кажа дека ја опремиле УЈП со нов мебел, Собранието е целото опремено со нов мебел и сега кој ја зборува вистината кога праксата не го покажува истото.

Исто така, неговото тврдење околу фискалните сметки. Г-дине Мукоски Барак Обама не ги повика американците, тој напиша во програмата дека услов овој пакет што го предлага да се купуваат американски производи и затоа се противеа европските земји и Канада, но Република Македонија пред малку објаснив, не може да си го дозволи. За жал, вие упорно инсистирате на нешто само затоа што ви дале задача да го кажете тоа. Треба некогаш работите да ги согледате пошироко.

За курсот на денарот, ако Владата продолжи со ваква политика таа ќе оди во задолжување и може да го задржи курсот, но долгорочно Македонија ќе ја заглават.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика г-динот Крсто Мукоски, повелете.

**Крсто Мукоски:** Благодарам претседателе.

Почитуван колега, прво што се однесува до говорите дали некому му се пишани или сам ги напишал вие не можете да прејудицирате кој што напишал и кој кому му напишал. Тоа прво да го разберете, мојот говор го имам пишано сам и е како сублимат на информации што сам ги прибрав од 2006 година до денес. Тоа ви е првата грешка.

Втората грешка во вашата реплика е неточниот навод, значи во 2007 година девизните резерви го надминуваат дури и 5 месечната увозна ориентираност со што се создаваат дополнителни трошоци и дел од тие средства беа слободни за инвестирање во одредени други проекти.

Што се однесува до Буџетот и рестриктивната фискална политика, Владата кажа дека ќе ги избегнува непродуктивните трошоци, а тоа не значи дека нема да троши во одредени проекти кои ќе одат пред се за развој на Република Македонија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следен за збор е г-ѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за финансии,

Уставниот суд на Република Македонија ги прогласи патриотските фискални сметки за неуставни, укинивајќи неколку одредби од правилникот според кој производите од македонско и странско потекло би требало да се регистрираат одвоено.

Поништувањето на одлуката на патриотската фиксализација на касите на трговците во

Република Македонија и бегањето од одговорноста за воведување на истите е причината и непосредниот повод за поднесување на интерпелација од страна на пратеничката група на СДСМ за министерот Трајко Славески.

Според Уставот на Република Македонија односно уставните експерти патриотските фискални сметки се спротивни и на Спогодбата за стабилизација и асоцијација која е потпишана од страна на Република Македонија и Европската унија во 2001 година. Во таа Спогодба се уредувас слободно движење на стоките помеѓу земјите потписнички. Надградбата на патриотските фискални сметки и патриотскиот софтвер на фискалните апарати мораше да ја платат не само трговците туку и фризери, доктори, стоматолози, бербери и многу други кои што пружаат исклучиво домашна услуга. Со својата крајно непатриотска одлука Министерството за финансии и господинот Трајко Славески нанесоа огромна парична штета на многу трговци и зададоа директен удар на македонската трговија.

Поради паѓањето на владината одлука на Уставниот суд сега сите даночни обврзници кои направија надградба на софтверот ќе мораат на своите фискални апарати да направат промена на софтверот односно враќање на старо, а тоа ќе претставува дополнителен трошок и сеуште не се знае кој ќе ги сноси тој трошок. Трговците се во паника. Тие еднаш го платија вградувањето на овој софтвер.

Укинувањео на патриотските сметки ќе значи наметнување на потребата за враќање на работите по старо односно тоа е уште еден дополнитлен трошок. Ако државата го плати новиот трошок тоа не значи дека трговците ќе бидат обештетени за веќе еднаш платена услуга на опраторите со фискалните каси.

Правните експерти велат направената штета, како што е издатокот за вградување на патриотскиот софтвер треба да ја плати донесувачотна правилникот, а во овој случај тоа на Владата на Република Македонија.

Трговците, пак, доколку Владата не ги подмири трошоците настанати од воведување и укинување на патриотските фискални сметки можат со граѓански спор да ја тужат државата и да бидат обештетени.

Според некои пресметки ако Владата почне да обештетува ќе мора на околу 55.000 трговци и други сопственици на фискални апарати да има врати околу 5 милиони евра кои беа извелчени од нив со закана за казни од 4 до 5 илјади евра за непоседување на нови софтвери.

Ако им ги врати Владата овие пари ќе треба да издвои уште толку за да бидат отстранети патриотските фискални сметки.

Доколку Владата ги покрие овие трошоци и ги обесштети трговците тоа ќе биде двојна исплата за една лоша владина одлука, а кој ќе биде најодговорниот за ова. Сигурно дека најодгфоворниот ќе биде министерот за финансии.

Почитуван министер за финансии на седницата за пратенички прашања упатив до вас прашање кој ќе го плати трошоците за промена на софтверот за патриотските фискални сметки. Тогаш не го добив одговорот. Фискалните сметки сеуште се патриотски, но до кога почитуван министер? Дали чекате да поминат локалните и претседателските избори па потоа да издадате наредба за менување на осфтверот на товар на оние што ги поседуваат фисклните апарати, трговците и сите останати. Да , тоа ќе биде навистина така. Ова го заклучив слушајќи го ваШето образложение почитуван министер за одлуката на Владата за менување на софтверот на патриотските фискални каси, кое ќе било беспалтно направено од страна на овалстените диструбутери на софтверот.

Сега ми е јасно зошто фирмите уште пред некој ден почнаа да диструбуираат понуди за склучување на договори за годишно одржување на фискалните апарати со сите фирми кои што ги имаат. Дали тоа значи дека трошокот сепак ќе падне на товат на трговците, бидејќи бесплатно отсранување на овој софтвер ќе биде само за оние што ќе склучат договор со овластените дистрибитери за годишно одржување на фискалните апарати,за кои што и не мора да плаќаат, не мора да склучуваат договор. Можеби некој не сака, можеби некој не може да го поднесе тој трошок.

Значи, што ќе биде со оние кои што немаат потреба или не сакаат, или не можат во ова време на финансиска криза да плаќаат годинќно одржување на фискалните апарати доколку немаат потреба. Дали однапред, прашувам доколку не склучатдоговор ќе го принудите да склучат договор бидејќи доколку не го променат софтверот ќе се соочаат со други казни?

Дали ќе бидат казнети оние фирми што едвај преживуваат заради тоа што нема да биде склу!чен договор со овалстените дистрибутери и кои фирми ќе прифитираат од оваа бесмислена одлука на Владата?

Конечно го добив одговорот индиректно од излагањето на министерот, бидејќи кажа дека менувањето на софтверот на патриотските фискални каси ќе биде на товар на сопстевниците на фискалните апарати, но скриено зад некаков договор на годишноо држување на фискалните апарати од страна на овластени дистрибитери, овластени од страна на Владата на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Според редоследот што претходно бил изменет, па затоа и беше прескокнат господинот Владо Бучковски, но редоследот укажува дека следен за збор е господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски**: Благодарам претседателе, благодарам и за разбирањето.

Почитуван министре се сеќавате дека вие бевте мојот фаворит при изборот на Владата на ВМРО ДПМНЕ во 2006 година и не само заради тоа што сум под импресија на убавиот настан што вчера се случи, што се роди мојот четврти син, бев убеден дека е добро да најдам нешто и да ве фалам наместо да тргнам во офанзина пппртов вас, да ве фалам. Ќе се обидам да почнам така да видам дали ќе бидам како колегите од ВМРО ДПМНЕ поуспешен, без напишан говор.

Значи јас мислам дека вие сте до сега најдобриот министер за финансии во Република Македонија. беспрекорно функцинора вашиот ресор, секој реформски зафат со кој ќе се зафатите е чекор поблиску на Република Македонија кон Европската унија и НАТО. Заради вас нема потреба од нови арнажмани со ММФ, Светска банка само што нема да замине, и сето тоа е благодарение на вашите силни напори, на вашиот тим, на беспрекорните директори на агенции, дирекции и што уште не. Значи, додека сте вие министер од ден на ден ви се зголемуваат странските инвестиции затоа што направивте прекрасна бизнис клима. Најголемиот странски инвеститор секојдневно е кај вас на консултаци заеднички да ги промовирате новите инвестиции. Новите инвестори што ги промовираше премиерот Груевски само што не започнале да градат, предизборието знаете каде се не прошетавте заедно на онаа тура низ Македонија. според моја проценка не половина милијарда, вие веројатно донесовте 5-6 милијадри долари директни странски инвестиции и сето тоа реално ве прави најуспешниот министер за финансии.

Ова не можеше да го кажат ни вашите колеги од ВМРО ДПМНЕ, затоа што го пишувавте претходно, го читаа колегите од ВМРО ДПМНЕ обидувајќи се да не се стават во позиција да ја повредат вашата суета.

Значи, јас бев подготвен вака министре Славески да го завршам ова мое излагање за интерпелацијата, но вашиот дрзок однос кон нашата координаторка, вашата самобендисаност и арогантност ме натера да проговорам како вие се однесувате.

Значи настрана што како колега од Унивезитот Св.Кирил и Методиј и понатаму гајам симпатии кон вас и верувам дека во еден убав летен ден за 3 години ќе имате многу што да кажете бидејќи вие сте главниот чувар на касата во овие три години кога безмилосно се трошат народните пари. Значи, вакво безмилосно трошење на народните пари е назабележано во историјата на Република Македонија. и затоа стигнавте само од 2006 година до сега до енормно зголемување на буџетот кој ги достигнува фантастичните скоро 3 милијрди евра. Срамота. Срамота во време кога сите признаваат дека има најголема финансиска криза во светот. Финансиска криза која вие ја потценивте. Да не ги читам ваШите изјави кои ќе влезат во бисерите не на мудроста, туку на глупоста. Која од која поголема мудрост изречена од вас која апсолутно немаше допирна точка со реалноста. Дали сакате, оваа што ја одбрав како мој фаворит да ви ја прочитам уште еднаш, да почувствувам кај вас барем минимум грижа на совест затоа што оваа интерпелација ние ја поднесуваме за да некој во оваа држава почувтсвува дека треба да понесе политичка одговорност. Значи, вие онака како што неодговорно го водите вашиот ресор, изјавувате за финансиската криза која го тресе целиот свет дека внапротив ваквите кризи може да бидат добредојдени за малите економии како македонскатаг. Дефинитивно со ваква изјава треба да ве номинираат за Нобеловата награда веројатно за економија, да докажете како може малите економии, како македонската да профитираат од ваква криза.

Да продолжам понатаму на темата за која ние денеска се обидуваме ако ништо друго да ја подигнеме јавната свест и да проговориме за одговорност кога ќе биде направена штета од 5,5 милиони евра. Евидентно е дека, вие сега длабоко воздивнавте, целата оваа постапка ќе треба да биде организирана од опозицијата да им биде дадено бесплатна правна помош на овие 55 илјади трговци кои заради вашите законски решенија, вашите, а не на кутрите пратеници од владеачкото мнозинство што вие бескрупулозно ги обвинивте при првиот напад од медиумите дека вие всушност не знаете ништо за тоа се виновни пратениците кои го изгласаа овој закон.

Почитуван министре,

евидентно е дека штетата која е направена во постапка која ќе биде поведена, реков ние ќе дадеме бесплатна правна помош, секој кој ќе поведе управен спор евидентно е дека ќе ги добие. Немојте да му пишувате на колегата Мукоски такви глупости да се споредувате со Обама и дека Обама не направи фиксални сметки на кој задолжително милиони трговци и во Америка треба да потрошат на новиот софтвер милиони, милиони долари, туку го повика како што вие не викавте заедно со вашиот прв министер Груевски да купуваме македонски производи, па некој купува, некој не купува. Ова е повикот американски или повикот на Берлускони, а не да биде задолжителна давачка. Кога ги чинеше се покажа на крајот есапот е направен 5,5 милиони евра се оштетени 55 илјади трговци во Република Македонија. прашање е на денот кога тие тоа ќе го наплатат. Не може вие со вакви ваши паушални изјави да речете тоа не не интересира. Мислам дека многу ве интересира затоа што ова се 55 илјади потенцијални гласачи против вашиот кандидат за претседател, да речеме, за кој впрочем речено не знам дали го подржавте. Не можам да се сетам дали, изгледа вие не бевте потпишани, изгледа вие не сте дел од и нтелектуалното крило на ВМРО ДПМНЕ. Ми изгледа не бевте потпишан, вие и министерот за образование. Види чудо.

Но, да се вратам на она што е уште поактуелно од оваа ваша авантура. Во меѓувреме, само потрвдивте или сте опкружен со слаб тим,

катастрофален слаб тим, или вие реално не може да процените дека дел од крупните реформи со оваа партизирана админстрација на овој начин не можете да ги водите. Крахот кој го доживеавте со проектот бруто плата за која не знаеме колку потрошивте само пари за рекламата, што ја имавте ноември-декември, пак ќе речете 450 илјади евра минимум, сигурно. Толку од прилика 450 илјади евра. Добро секогаш признавте 400 илјади евра да заокружиме. Значи за 400 илјади евра кампања која требаше да покаже дека може се во овој наш систем беспрекорно да функционира дожувеавте уште еден нов пораз во низата на порази кои ги доживува министерот за финансии. Значи не може некој друг да биде одговорен за крахот каде што реално над 360 илјади вработени во Република Македонија не земаа плата. Но, мојата критика на вашето работење нема да заврши тука. Ќе споменам само нешто што мене ме плаши дека Македонија во јуни ќе биде балканскиот Исланд, а тоа значи дека Ќе биде банкотирана држава. Затоа што господине министре како што велат насловите во медиумите сите предупредуваат, а Владата уште покомотно троши. Вие сте најодговорен за трошењето на народните пари. и требаше на колешката што седи до вас на пратенички прашања да ја чукнете под масата каде што под масата каде што не гледаме да не кажува глупости како минатиот пат кога ги фативме живи вашите колеги како лажат дека во оваа голема финансиска криза вие и понатаму комотно купувате 300 нови автомобили за Министерство за внатрешни работи. На лизинг да, испадна, ги имаме документите, ќе ви ги дадеме вас, на 36 месеци. Значи, ќе се плаќаат 36 рати, после исплатата на последната рата ќе преминат во сопственост на Министерство за внатрешни работи. Парите веќе вие сте ги одобриле.

Почитуван министер,

Не може во вакви времиња така неодговорно да се однесува чуварот на државната каса. Затоа мислам дека и без оваа интерпелација требаше да имате трунка доблест и да ја понесете одговорноста за серијата гафови, пропусти, што ги направивте.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има реплика господинот Крсто Мукоски, повелете.

**Крсто Мукоски**: Благодарам почитуван претседателе.

Бидејќи бев спомнат во дискусијата на почитуваниот колега Бучковски,

Почитуван колега не треба на човек некој нешто да му напише на хартија, доволно е да се отвори интернет или да се прочитаат новините, па да се забележат одредени работи.

Она што го кажав во делот на Обама и на Берлускони сакава да направам една паралела на желбата што ја имаше Владата и Министерството за финансии да направат уште еден потстрек или поттик за поголем развој на националната економија односно на домашното производство со тоа што Ќе ја подигнат свеста на купувачите да купуваат национални и домашни производи. Можеби не е еднаков повикот на Обама и на Берлускони, меѓутоа е во иста насока-за подигинување на свеста на купувачите и за развој на националната економија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика има господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски**: Благодарам претседателе.

Прашање на денот е кога на интернет овие сериозно малверзации, кои ние се сомневаме дека се прават за добрите намери ќе бидат на ударните вести.

Почитуван колега,

Не може да се прави нешто за кое што однапред се знаеше дека е спротивно на позитивните законски прописи во нашата држава. Постојат илјадници други начини како да се стимуилира домашната економија. И ако со добри намери се направи ваков сериоозен пропуст доблесно е тој што имал добри намери до крај да остане добра и да си ја понесе целсната политичка одговорнсот за ваквата претрпена штета.

**Трајко Вељаноски:** Реплика има министерот за финансии, господинот Трајко Славески, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Некогаш понудената бесплатна правна помош може да биде и безвредна правна помош. Како што можев да забележам од начинот на екпозиција на проблемот, понудата на решение мислам дека треба да се замислат сите оние на кои што им беше понудена бесплатна правна помош дека ако сакаат нешто да остварат, некое свое право треб да си најдат добра адвокат и добар познавач на правото.

Почитуван пратеник Бучковски, колега, професоре Бучковски навистина ми е жал што во овие две и пол години сум ве разочарал. Искрено мислев дека онаа вечер ме извоивте, ме пофаливте итн., иако ме јадеше некоја јанза дека тоа го правите заради некои други цели кои што се подмолни, дека сум ве разочарал со своето работење и жалам ако Парламентот вечерва изгласа интерпелација итн., а јас да морам да заминам, што не ќе можам вака и на овој начин да комуницирам со вас. Секако, ако меѓу време вие некаде не заминете.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе.

Стана практика министерот за финансии да се заканува, како што сега го направи, се прераскажува синоќешната пресметка со Правниот факултет, каде што сте користеле термини дека на Правниот факултет има криминалци.

Почитуван министер за финансии, ваква закана изречена од говорницата само ми оди мене во прилог да го докажам тоа што веќе и врапчињата го знаат, а тоа е дека вие бевте дел од

инструментите на политичкиот монтиран процес каде што добивте задача Финансовата полиција да напише под ваша ингиренција кривична пријава за финансиски малверзации, а на крајот се покажа дека финансиски малверзации нема.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Сега, јас би сакал до сите пратеници, во ред ќе ви дадам процедурално, до пратениците и до министерот сепак да употребуваме соодветни зборови. Јас сум претседател на Собранието и од кога ќе биде изговорен некој збор или некоја реченица од присутните тогаш можам да реагирам. Инаку,не знам претходно кој што мисли и кој кажува. Затоа, апелот мислам дека во текот на денешниот ден беше добра дискусијата со одредени истапи на одредени пратеници и мислам дека дискутантите треба да водат сметка за соодветниот збор што го употребуваат.

Госпоѓа Иванова Цветанка, веројатно барате процедурално. Повелете.

**Цветанка Иванова:** Да, господине претседателе, реагирате, но касно реагирате. Очигледно дека овој министер не може да научи каде се наоѓа или можеби добро знае дека се наоѓа во дом кој што е истурена рака на Владата.

Господине претседателе за неполни 15 минути господинот министер еднаш се заканува на еден пратеник, еднаш вреѓа еден пратеник. И, вие навистина не наоѓате за сходно да го укорите. Да бев јас претседател во најмала рака ќе го извадев од ова Собрание. Затоа што, минситерот овде е дојден на гости. Министерот е дојден во ова Собрание да одговара на прашањата на пратениците кои што му вршат контрола на неговата работа. Ако не научил, треба добро да научи или да се врати онаму каде што му е местото. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Следен според редоследот за збор е господинот Владо Стрефановски кој што не е присутен тука и го губи правото за збор. Потоа, господинот Миле Андонов кој не е присутен и го губи правото на збор. Госпоѓица Маринела Тушева не е тука и го губи правото за збор.

Следен за збор е господинот Панче Дамески, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам претседателе.

Почитуван претседател, почитуван минситер Славески, почитувани дами и господа пратеници.

Денес пред нас е интерпелацијата на министерот Славески поднесена од пратениците на СДСМ, која повторно ни одзеде доста време во период кога како Парламент имаме многу побитни и поприоритетни работи.

Од друга страна пак поднесената интерпелација на министер кој во изминатиот период покажа како треба да работи министер за финансии, како треба да се води ресорот финансии и како може да се воспостави голема финансиска дисциплина. Министерот Славески е тој кој воведе ред во водењето на државните финансии и во тимот на најуспешната Влада која сме ја имале министерот Славески е еден од клучните министри.

Министерот Славески е исто така еден од најзаслужните што строго се контролираат и ги водат финансиите што имаше од друга страна одлично влијание на целокупниот економски развој на Македонија. Од многуте реформи и проекти кои ги спроведе Министерството за финансии предводено од минситерот Славески ј ас овде ќе се задржам само на неколку.

Бројните реформи и проекти иницирани и спроведени од минситерот Славески имаат добиено признание од еминентни финансиски експерти и институции. Во најновиот Извештаиј на Дујинг-бизнис 2009 кој Светската банка го публикуваше во септември 2008 година, Република Македонија е рангирана на 71 место што претставува напредок од 7 позиции во однос на 2007 година. Исто така, заради бројните позитивни реформи Република Македонија според истиот Извештај е рангирана на 17-тото место повторно на врвот меѓу најреформските земји. Овој напредок се должи пред се на подобрувањето на заштитата на личните податоци во кредитниот регистер, забрзување на спроведување на договорите,олеснување на процесот на плаќање на даноци, како и намалување на даночните стапки, реформа на едношалтерскиот систем за започнување на бизнис, олеснување на надворешната трговија. Во иста насока се и реформите кои се однесвуаат на намалување на стапките на придонесите од задолжително социјално осигурување и интегрирање на истите со персоналниот данок на доход од страна на Управата за јавни приходи. Успешните реформи се направија и во обласна на платниот промет со новиот Закон за платен промет. Со тие измени се постигна обезбедување на сигурност и стабилност во функционирањето на платнито систем во Република Македонија и ефикасно вршење на платниот промет, како и креирање на финансиската инфра структура која е компетибилна со меѓународните финансиски структури и лесно разбирлива за меѓународните инвеститори.

Со спроведување на трансакциските сметки се овозможи работење по регуларни правила на сите учесници во платниотпромет односно еднаков третман на физичките и правните лица при вршење на платниот промет. Со воведување на трансакциските сметки исто така се постигна многу поголема заштита од финансиски ризици надзор од страна на државните авторитети врз платниот промет, сигурност и оперативна достапнсот на средствата на трансакциските сметки.

Почитувани пратеници, во економијата и финансиите работите се менливи и ефектите од одредени политики може јасно да се воочат. Фактите се неуморни и тие говорат дека во 2007 година Република Македонија забележа до сега најголем економски раст од 5,9%, имавме ниска и

стабилна инфлација, невработеноста почна да се намалува, а директните странски инвестиции достигнаа рекордно ниво односно беа поголеми за 47% во однос на 2006 година. И во 2008 година македонската економија продолжи да остварува забележителни економски резултати и покрај глобалното забавување на економската активност. Имено и за 2008 година економскиот раст ќе биде на нивото на предвидениот од околу 5%. Обемот на странски инвестиции во 2008 година беше поголем за 10% во споредба со тој во 2007 година. Стапката на невработеност и понатаму продолжува да се намалува. Економскиот раст во оваа година во голема мерка ќе биде пдоржан од јавните инвестиции сооколу 500 милиони евра, што претставува зголемување за 14% во однос на капиталните инвестиции кои се реализираа во текот на минатата година. Зголемените јавни инвестиции ќе го надополнат јазот кој можеби ќе се појави сонамалување на приватните инвестиции како последица на светската криза.

Еден од главнит еиницијатори за спроведување на економските мерки, за справување со глобалната финансиска криза е токму министерот Славески.

Овде би сакал да ги истакнам измените кои се направија во Законот за персонален данок како се однесуваат на македонските земјоделци. Со овие измени се воведе сосема нов модел и комплетно се смени плаќањето на данок по катастарски приходи. Тоа значи дека од оваа година земјоделците што остваруваат приходи до 5 илајди евра се целосно ослободени од персонален данок, а оние кои имаат приход до 20 илјади евра ќе бидат одданочени само на 20% од приходот, а 80% од приходот ќе се признава како трошок. Тоа значи дека ако еден земјоделец има приход од 10 илјади евра годишно ќе плати данок од само 200 евра. Со оваа законска измена македонските земјоделци ќе плаќаат најнизок данок во Европа. Тоа е уште еден успешен законски проект од Министерството за финансии на чие чело е министерот Салвески.

Кога сме кај земјоделието би сакал да истакнам уште еден проект кој заживеа благодарение на минситерот Славески. Се работи за земјоделскиот кредитен дисконтен фонд кој е основан со цел да обезбеди континуирано вклучување на фианнсискиот сектор во Македонија во кредитирањето на а грокомплексот да ги интегрира македонските фармери во финансискиот сектор и да развие кредитни производи кои ќе бидат прифатливи за земјоделците и за нивните семејства и ќе помогне во нивно вработување како резултат на кредитирање на малите и средните претпријатија од агробизнисот. Во таа насока во 2008 година од страна на Министерството за финансии беа преземени голем број на активности во насока на обезбедување на дополнителни средства за кредитирање на земјоделците. Како резултат на тие преземени активности од страна на Министерството и министерот во текот на 2008 година имавме значително поголем интерес и така во период од 1.01.2008 до 31.12.2008 реализирани се 1185 кредити во вкупен износ од околу 15 милиони евра. Оваа реализација неколкукратно ја надмина досегашната динамика на пласман во изминативе 5 години колку што е Фондот формиран. Само за информација ќе напомнам дека во 2003 година се дадени 18 кредити, во 2004 година 400 кредити, во 2005 година 700, а веќе во 2008 година се скоро 1200 кредити и инвестирани се околу 15 милиони евра во поволни кредити во земјоделието.

Листата на проекти и реформски активности кои Министерството за финансии ги оствари во минатите двеипол години, а кои се во насока на приближување на Република Македонија до Европската унија навистина е голема. Реформите продолжуваат, а јас сум на уверување и на мислење дека министерот Славески одлично си ја врши својата работа и ја заслужува нашата доверба. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Реплика господин Сугаревски Горан, повелете.

**Горан Сугаревски:** Благодарам потпретседателке.

Почитуван колега Дамески за момент помислив дека се наоѓаме на Комисијата за земјоделие и дека туак е министерот за земјоделие Спасеноски. Сепак, ова денес е интерпелација на министерот Трајко Славески. Гледав дека во дел се трудевте во пресрет на изборите на направите добра кампања на Владата на Република Македонија, вклучително тука и на министерот за земјоделие, премиерот и министерот за финансии, меѓутоа денес имаме една интерпелација и во одбрана на таа интерпелација требаше да дадете еден конкретен многу јасен одговор, бидејки министерот за финансии не го даде. Значи, граѓаните и трговците денеска очекуваат да слушнат како нивните фискални каси ќе бидат вратени во првобитна состојба. Кој ќе го плати тоа, дали теи ќе го платат тоа или ќе го плати Владата на Република Македонија. Прашањето е многу кратко и јасно и очекувам барем некој од парламентарното мнозинство да го одговори ова прашање кој ќе го плати тоа, дали ќе го плати Владата на Република Македонија или повторно граѓаните ќе одвојат 50 до 200 евра за нов софтвер со кој што ќе треба да ги вратат фискалните каси во првобитна состојба. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Дамески Панче, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам.

Почитуван колега Сугаревски, покрај другите реформи и реформите во земјоделието се спроведени благодарение и на помошта на Министерството за финансии и министерот Трајко Славески. За разлика до еден период не многу одамна кога еден министер за финансии велеше

дека нема потреба да се субвенционира земјоделието и дека не е исплатливо да се субвенционира земјоделието, министерот Славески даде дозвола за огромни средства да влезат како државни субвенции во земјоделието, со кои средства нашето земјоделие ќе стане многу порентабилно, многу поконкурентно на светскиот пазар и во многу нешто ќе се подобри и животот на македонските земјоделци кои навистина беа скратени и обесправени бидејќи не беа долго време субвенционирани.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавена госпоѓа Грковска Лошкова Славица, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Ако не одговоривте на претходното прашање, тогаш ве молам да ми одговорите на ова. Од каде доаѓате? Каде живеете вие? Каде се наоѓа Република Македонија, знаете ли? Затоа што вие заедно со министерот за финансии, заедно со целата Влада на чело со премиерот Груевски, со парламентарното мнозинство се однесувате како Република Македонија да е на друга планета, како светската економска криза да нема да има никаков одраз на состојбите во Република Македонија**.** Како на граѓаните да им тече мед и млеко, а не се дојдени до просјачки стап заради економската политика на Владата. И ако ова го слушаат граѓаните кои што ве бираа, тогаш ја сум убедена дека на наредните избори нема да ви ја дадат довербата. Прашајте ги млекопроизводителите дали се задоволни со политиката што ја практицирате двеипол години, прашајте ги стечајците дали се задоволни, прашајте ги вработените во образованието што ги излажавте дека ќе им ги исполните ветувањата, па сега не им ги исполнувате. Прашајте го господинот Веле Самак кој беше еден од оние кој што ја лажеше јавноста дека во наредните две години во Македонија ќе има толку многу странски инвестиции што дури ќе станат здодевни, зборувајки за Бунарџик. За пред извесно време да признае дека од Бунарџик сите странски инвеститори се повлекоа. Ниту голема фирма за компјутери, ниту сите оние што тој ги најавуваше дека ќе ги донесе, ги нема. И тоа е факт кој што вие не можете да го пренабрегнете. Дали знаете дека две милијарди денари и тоа ќе ве прашувам во секоја можна прилика, се украдени од граѓаните на Република Македонија за само една година и тоа од неколку кампањи што вашата Влада ги организира. Кој има ќар од тие пари, ве прашувам. Граѓаните? Знаете ли што значи, вие лично можеби чим покажувате така на себе, и ова признание се надевам дека Јавниот обвинител ќе го земе во предвид ако постапува по Извештајот на Државниот завод за ревизија. Ако тие пари две милијарди долари за кампањи, заедно со парите за патриотските сметки што ги украдовте вкупно, колку што е речиси Буџетот на Република Македонија за 2009, ги инвестирате во стопанството, тогаш ќе имаа ќар граѓаните. Од ваквата ваша политика во економијата, ќар имаат само неколку луѓе блиски до премиерот, и никој друг. Затоа заради ваквата политика најдоцна до есен нема да има проблеми со исплата на платите само заради проектот бруто плата, туку заради тоа што нема да има што да им се даде на граѓаните за плата, вклучувајќи не и нас овде.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Контра реплика господинот Дамески Панче, повелете.

**Панче Дамески:** Благодарам потпретседателке.

Госпоѓо Грковска Лошкова, за ваша информација јас живеам во Прилеп на улица вВојводинскаг како што и живеев пред да станам пратеник, а не знам каде вие живеете? Дали го сменивте местото на живеење, вашата адреса, градот, така да навистина би сакал вие да ми одговорите каде вие го сменивте вашето место на живеење. Во однос на тоа би сакал да ви кажам дека најголем дел од земјоделците кои до 2006 година земаа по 100 до 200 евра, оваа година субвенциите што ги зедоа се движат од 5 до 10 илјади евра. Значи една права помош со кое се стимулира понатамошниот развој на земјоделие, за разлика од вас кои бевте гробари на македонското земјоделие.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавен господинот Николов Марјанчо, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам потпретседателке.

Навистина зачудува обидот на колегите од ВМРО-ДПМНЕ да го бранат министерот за финансии со неточни податоци, веројатно не се ни обиделе да ги проверат, ги читаат онака како што им се дадени. Колегата Дамески Панче како една од позитивните работи од работењето на Владата го наведе Извештајот на Дуинг бизнис за кој што граѓаните се сеќаваат Владата направи таква реклама дека е најреформаторската Влада. Ама заборавивте колега да кажете наредната година каков беше Извештајот. Дека паднавме на Извештајот. Тоа заборавивте да го кажете. Значи изнесувате неточни податоци. Околу тоа дека ефектите се мерливи, ве повикувам отидете во Министерството за земјоделие бидејки најмногу зборувате, прашајте колку помалку примија плата вработените овој месец, од вашиот концепт на бруто плата. Прашајте го министерот за финансии колку неговите вработени примија пониска плата, можеби и тој лично, прашајте ги вработените овде во Собрание колку помалку плата примија, од проектот бруто плата.

Се јавија неколку граѓани, знаете што кажаа? Како да исплатиме до 15-ти кога нема работа? Од декември не сме мрднале со возилата да направиме тура, нема од што да исплатиме палта. А вие ќе ги казнувате.

Ајде, објаснете го тоа. Дали се ефекти мерливи и позитивни?!

Околу капиталните инвестиции, велите дека оваа година Владата ги зголемила за 14%. Дали знаете минатата година колку ги реализираше? 50% не успеа да ги реализира. И сега повторно

манипулирае со бројки. Ама бројките, знаете, не можете да ги скриете. Не можете така да се однесувате.

И околу политиката во земјоделието, јас ја поздравувам политиката на Владата да дава субвенции. Но, кога се споредувате, немојте само СДСМ да ви биде репер. Земете, споредете колку субвенции, колку дирекни странски инвестиции, колку нови вработувања има во околината, колку порасна БДП во околните земји. Грција, членка на Европската унија одвоила 500 милиони евра. Повторно се земјоделците незадоволни.

Значи, треба од мерките што ги преземате и затоа е интерпелацијата, да ги има и ефектите. Сега, засега, ефекти сеуште нема. Излегоа млекопроизводителите, се газеше кромидот, има незадоволни од пласманот на јаболакта. Навистина, политиката е добра, но треба да се видат и ефекти. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Дамески Панче, повелете.

**Панче Дамески**: Благодарам потпретседателке.

Господине Николов,

За почеток, ако навистина имате проблем со финансиските средства, не е проблем, ќе ви помогнеме да можете да одите на вашите предизборни активности.

Што се однесува до Извештајот на Дуинг бизнис, јас го кажав Извештајот што беше објавен од Светска банка во септември 2008 година и можете на интернет страната да го видите. Таму е. Значи, тука нема ништо скриено, ништо страшно.

Бројките се неумоливи. Затоа е факт дека странските инвестиции во 2008 година во Република Македонија беа за 60% поголеми во споредба со странските инвестиции во 2006 година.

За она колку дадовме ние субвенции во земјоделието зборува фактот дека ние даваме 2,5% од БДП а за време на вашето владеење вие одвојувавте 0,1% од БДП со што располагавте тогаш. Ви благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Има збор господинот Ќуркчиев Никола, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван потпретседател.

Почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Со должна почит кон господинот Трајко Славески, доктор на економски науки и професор на Економскиот факултет при Универзитетот вСв. Кирел и Методијг, денеска, како Собрание на Република Македонија имаме должност на иницијативата на пратеничката група на СДС, на која припаѓам и јас, да направиме анализа на работењето на министерот Славески. И не само ние од СДС, очекувам во оваа дебата да земат збор и колегите од другите пратенички групи,па дури и колегите од ДУИ.

Тргнувајки од овие мотиви, од кои што произлезе оваа иницијатива, за жал, дебатата за работењето на министерот, барем што се однесува до мојот став, почитувани колеги, нема да биде позитивна или, ако сакате пофалба за работењето на министерот.

Почитувани колеги пратеници,

Министерството за финансии, иако не го гледам како засебен од колективот извршна власт или Владата, сепак го сметам за еден од клучните ресори во Владата на Република Македонија. Оттука и министерот кој раководи со него треба да биде персона во Владата од чие што работење во голема мерка директно зависат многу состојби во нашата држава.

Јас, како машински инженер, почитува министер, прифаќам дека односите во економијата и финансиите многу подобро ги разбираат луѓето кои се стручњаци по економија, каде припаѓате и вие. Но, од друга страна, состојбите во овој сегмент се толку лоши и загрижувачки, што парадоксите стануваат очигледни, дури и за лаиците, а не за нас пратениците кои катадневно носиме закони.

Воприлог на ова дека господинот Трајко Славески, од позиција на министер во Владата на Република Македонија, како краткорочно, така и на подолг рок, штетно би рекол ги менаџира работите што се во негова надлежност. Сфаќам дека тој, како ресорен министе, можеби е потчинет на прввиот министер. Меѓутоа, не го ослободува министерот од одговорност и од последиците што ги имаме како држава.

За да не се повторувам со добар дел од колегите кои веќе дискутираа или ќе дискутираат, јас, почитувани дами и господа пратеници ќе систематизирам три генерални групи, еве да ги наречам грешки на министерот за финансии кои што, според мене сериозно го проблематизираат неговиот кредибилитет за функцијата што ја врши.

Прво, ценам дека, наспроти широките и прецизни познавања на теоријата, господинот Трајко Славески, од позиција на министер во Владата на Република Македонија практикува многу лоша примена на таа теорија. Или, ако се анализираат клучните активности, Министерството со кое што раководи тој или, како што самиот претпочита да каже, клучните проекти и реформи на се што е преземено до сега, за целиот мандат на Владата или владите со кои што раководи господинот Груевски, заедничка, па би рекол единствен именител е од една страна импресивната вештина да се изнајат начини како држава да се соберат што повеќе пари од граѓаните и стопанството, а од друга страна како неодговорно, би рекол недомаќински да се потрошат тие пари.

За скоро три години, колку е министерот за финансии, совршено добро се одвива еден процес, би рекол, на реално зголемување на

давачките кон државата и енормно зголемување на државниот Буџет, меѓутоа контрадикторно на сета логика, за исто толку, ако не и во повисока мера зголемување на немоќта и сиромаштијата на даночните обврзници, т.е. на граѓаните.

Нема да се користам со детали за да го поткрепам овој генерален, дефиниран став, затоа што многу е кажано и отидено во бетер при носење на Буџетот во ова Собрание и во 2007 година и во 2008 година и за 2009 година, при нивните ребаланси, при носење на неколку апсурдни законски проекти од сферата на финансиите и економијата.

Само ќе извлечам логичен заклучок дека при водење на една таква политика на Министерството за финансии, на чие чело е господинот Славески на површина, сакале или не излегува и премногу доминира впечатокот дека, и економист по вокација, може и те како добро да води политика на популизам, во интерес само на една партија и нејзините пред и постизборните математики, на недоместлива, се разбира, штета на граѓаните во Република Македонија.

Вториот генерален сегмент на грешки при извршување на оваа функција е делот што би го дефинирал како глобално влошување на состојбите во секторот, за што директно е одговорно Министерството.

Повторно нема да ве оптоварувам со детали, бидејќи тука состојбите се повеќе, денеска, од потребно елаборирање. Се работи за три пунктови или за следните три: безсмислено откажување на соработката на Република Македонија со меѓународните финансиски институции и поддршката што ни е и те како потребна од нив; намалување на државните резерви и, се разбира, фантастично зголемување на трговскиот дефицит.

Нема потреба да бараме објаснување о дминистерот, ниту пак имам намера да спорам со некој од колегите пратеници. Меѓутоа, ценам дека податоците од Државниот завод за статистика, податоците од официјалните веб страници се релевантни. Оттука фактот дека без оглед на глобалната економска криза и рецесија што го тресе целиот свет, за Република Македонија не треба повеќе од актуелната Влада и министри, со политика што упорно ја туркаат, да бидеме во еден безизлез во каков што сме и допрва можеби ќе западаме.

Оттука, сметам дека безсмисленото откажување на соработката, пред се со ММФ и Светска банка е грешка што допрва Република Македонија ќе ја плаќа. Сметам дека фантастичниот, скоро три милијарди долари трговски дефицит е бројка од која што треба да бидат загрижени сите граѓани во Република Македонија.

Или пак, почитувани граѓани и почитувани коелги, третиот сегмент што можеби е најапсурден е токму креациите за таканаречените реформски проекти. Треба ли да зборувам за детали за проектите, почнувајќи од фискалните патриотските сметки, па завршувајќи со бруто или цела плата?

Деновиве бевме сведоци, новинарите пишуваат за големите гужви во управите за јавни приходи. Но тоа, апсолутно не е така голема грешка. Меѓутоа многу поголема грешка е кога и така на стопанството, што е на коленици, ќе им наредите дека тие до 1-ви, до 5-ти мора да исплатат плата.

Почитувани колеги,

Зошто никој во оваа држава не кажува колку пари Министерството за финансии им должи на фирмите за поврат на ДДВ? Зошто никој не го соопштува тој податок? Зошто никој не кажува зошто секоја фирма во Република Македонија деновиве добива договор во висина на скоро три илајди денари, да склучи договор со познатите компјутерски фирми во Република Македонија и тоа ако го помножите, тие 3000 денари со бројката на фирмите, ќе ви биде јасно дека во Република Македонија работите се повеќе од полоши.

Меѓутоа, почитувани коелги, бидејќи моето време изминува, сакам да кажам оваа интерпелација е една од легалните форми за да покажеме дека минситерот треба да се замисли дека работите се следат и дека во иднина нема да дозволиме вакви грешки да се повторуваат. Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам и јас.

Следен за дискусија е пријавена госпоѓа Садије Илјази, но бидјеки не е туак го губи правото на говор.

Понатаму, пријавена за збор е госпоѓа Оливера Трајановска и таа не е тука, го губи правото на збор.

Има збор господинот Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам потпретседателке.

Министре, после се што се случува во Република Македонија на економски план, како резултат на неодговорните финансиски политики на оваа Влада, искрено се чудам како дозвболивте денеска да разговараме за вашата интерпелација.

Многу искрено, господине Трајко Славески, мислев дека ќе си одите сами. Дека ќе си одите сами заради доброто на Република Македонија и нејзините граѓани. Помислив дека конечно ќе се засрамите од вашите ирационални и погубни фиансиски политики што ја доведоа до раб или, слободно можам да кажам, пред колапс македонската економија.

Неспорен факт е дека иницијална причина за да, како пратеничка група, ја поднесеме оваа интерпелација е укинувањето на таканречените патриотски фискални каси. Но, исто така е неспорен факт дека од денот на поднесувањето на оваа наша интерпелација има барем уште пет причини поради кои што мора да понесете одговорност. Ќе ви дадам само една што вчера излезе во еден дневен печатен медиум, а тоа е најавата дека компаниите ќе бидат казнети со три илјади евра глоба заради тоа што пополнувале на

погрешен образец пресметка за бруто плата и дополнително, уште побруталното кршење на изборните правила од ваша страна, кога со парите на граѓаните рекламирате активности што се во рамките на надлежностите на вашето Министерство, за нешта што со закон сте обврзани да го работите како Министерство за финансии, а вие серекламирате, иако тоа е забрането согласно Изборниот закон.

Дополнително сега медиумите јавија колку е успешен вашиот експеримент со бруто плата. 10 иљади фирми не успеале на време да достават пресметка за бруто плата и ќе ги казните со по три иљади евра. Тоа е еднакво на 30 милиони евра нови пари во вашиот Буџет, што нормално, како и проектот на патриотските фискални каси, ќе ги користите за скапите кампањи што ВМРО-ДПМНЕ ќе ги има во ова предизборие.

Но, што да се каже. Факкт е или дефинитивно, вие, како сите останати функционери на ВМРО-ДПМНЕ сте оперирани од одговорност. И тоа како да ве оперирал д-р Хаус.

Уште во април минатата година, како одговорна опозиција ве предупредивме дека одлуката за воведување на таканаречени патриотски фискални каси е тотално ирационална и оди на директна штета на малите трговци истопанственици. Секој од нас кога оди во продавница многу убаво знае кој производ е македонски и какви производи купува. Само без потреба ги потценивте македонските граѓани. Тогаш, во услови на двоцифрена инфлација, денеска кога живеачката станува се потешка и потешка, кога граѓаните едвај врзуваат крај со крај, вашата одлука беше апсолутно нелогична затоа што дирекно удри по џебот на граѓаните и дополнително ја оптовари македонската екомонија со неколку милони евра, поточно со 5,5 милиони евра до денес. Бидејки упорно не давате одговор кој ќе ја плати штетата со таканречените патриотски фискални каси, веројатно уште 5,5 милиони евра дополнително.

Но очигледно и тогаш, како и сега не ве интерсираше што говореше опозицијата, туку ве интересираше како да си ја наполните партиската каса на ВМРО-ДПМНЕ во пресрет на тогаш предвремените парламентарни избори. Тоа што во април упорно го говореше СДСМ и граѓаните и експертите во декември 2008 година го потврди и Уставниот суд. Натеравте 55 иљади трговци да купат нови софтвери. За таа цел користевте закани со вдраконски казниг што се движеа од 4-5 илајди евра. Надградбата на патриотскиот софтвер на фискалните апарати чинеше од 50 до 200 евра, што ја дава цифрата од 5,5 милиони евра.

Да не зборуваме дека при почетокот на примената на патриотските каси постоеше метеж и турканици пред компаниите - дистрибутери и трговците ги имаа затворено своите дуќани и по неколку дена за да чекаат редици.

Јасно е дека патриотските фискални каси не го дадоа саканиот резултат, затоа што апсолутно не се зголеми продажбата на македонските производи. Единствео, со вашата одлука успеавте силно да ги збогатите џебовите на компаниите дистрибутери на софтверот, а нормално и најважно од се да ја наполните партиската каса на ВМРО-ДПМНЕ во пресрет на предизборната кампања за предвремените парламентарни избори, нешто што се случува и денеска.

Жално е што сето ова се случува во период кога македонската економија, вклучително и вашата Влада е исправена пред многу сериозен предизвик. Европската банка за обнова и развој доживеавме, како ученичиња, да не учи како се пресметува индустриски раст, кој што нема, како што велевте вие или како што велеше вашата Влада да биде 5,5%, туку Европската банка за обнова и развој со, за вас студен туш, го проектираше растот на 3,5%. А, нашите анализи говорат дека и тоа е премногу оптимистички. Дури и вие ретериравте од ветените 6% раст на БДП. Кажавте дека, демек не било многу важно колкав ќе биде растот, важно било да има раст, па макар тоа било и 1%.

Е, почитуван министре апсолутно не е неважно дали економските перформанси на оваа Влада ќе бидат 6 пати полоши, од тоа што сте го ветиле и дека апсолутно не е сеедно што сте ги лажеле македнските граѓани. Сите анализи говорат дека има над 12 иљади ново невработени, по основ на отпуштање, поврзани со економската криза. Најтрагично е што и бомбастично најавените странски инвестиции ја напуштаат земјата, вие ги субвенционирате со народни пари скапите плати на странските менаџери, што можеме да дојдеме до заклучок дека во Република Македонија е многу лесно да бидеш срански инвеститор кога од парите на граѓаните ви се плаќаат платите и тоа се проектира за наредни четири години дополнително иако ветивте и излажавте дека ќе ја реформирате Македонската банка за обнова и развој. Тоа требаше да ги субвенционира домашните компании за да ја пребродат оваа тешка криза.

Економската логика говори, впрочемтоа ви го кажуваат и странски експерти и домашни експерти дека во време на стани падни е апсолутно нелогично да имате толкав буџет и да ги трошите парите на граѓаните за споменици од типот шмизли, дрва, девојче, туку таквите средства требаше да ги пренасочите за помош на македонските компании.

Да резимирам, да ги прифатевте барем три од нашите предлог мерки за справување со финансиската економска криза, немаше да биде на ова дереџе. Ќе ви кажам само три. Предложивме да го повлечете буџетот за 2009. Уште со ребалансот во 2008 во декември да обезбедите средства со што ќе се релаксира македонските компании и ќе се амортизираше ударот од економската криза. Предложивме да се излезе со нови поволности за македонските компании, што ќе отвореше 50 нови работни места, нормално, како по обичај ништо не

прифативте. Дополнително Македонија е лидер по невработеноста во регионот и таквата информација ја доби вашата директорка од Агенцијата за вработување, на последната меѓународна конференција на бившите републики од СФРЈ, која се одржа во Херцег Нови, каде колку за илустрација невработеноста во Црна Гора е 10,76 од вкупната расположива сила, во Република Македонија невработеноста е 30%, по што сме апсолутен шампион. Толку од вашата портокалова преродба во сите изминати 25 месеци и уште на сета мака имавме прилика господине Трајко Славески да ги слушнеме вашите изјави кога се обидувавте да ги релаксирате граќаните со вашиот експеримент бруто плата. Изјавивте дека ниту во социјализмот плати не се земале на 1 во месецот, дека е чиста шпекулација дека банките им пресметувале камати на ануитетите на граѓаните, кои се кредитно задолжени и го посоживте вашиот личен пример дека имате станбен кредит и дека не ви се пресметува камата.

Господине Славески, мене ми е многу жал, што вие не сте во иста позиција, како што е вашиот шеф Никола Груевски, па да имате мајка, која што како медицинска сестра, со примања на медицинска сестра може да купи 4 стана, па вие морате да имате станбен кредит за да купите стан. Но немојте да се обидувате да ги замајувате граѓаните, бидејќи вие имате над 60 илјади денари плата и многу вие лесно и ако ви пресметаат камата, ќе издржите. Имате министре голем број на гревови, почнувајќи од владините реклами, кои ги плаќате со народни пари, што никој во оваа држава не знае колку чинат, па се до последниот експеримент на бруто плата, ви беше крив и Уставниот суд. Тврдевте во континуитет, во серија преку прес конференции дека опозицијата се обидува да врши притисок врз судот.Вие и денес направивте притисок врз Уставниот суд. И сосема на крајот, министре Славески ве прашувам уште што треба да се случи да признаете дека не знаете дека грешите и да ја напуштите вашата министерска фотелја. Ви Благодарам.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

За реплика е пријавен министерот за финансии.

Повелете господине Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам, господине Станковиќ признавам дека грешам. Кој работи тој и греши. Се јавив за збор во врска со две работи кои што вие ги спомнавте. Имено, мораме на некој начин да се обидеме да одговориме на оркестрираните дезинформации во јавноста. Точно е дека создадовте, тоа е јасно дека цела Република Македонија требаше да земе плата на 1 февруари, а како што гледате од оние наши информации, кои што вие ги сметате за реклама, најголемиот дел 80% од пријавите за плати што ги поднесоа работодавачите стигнаа некаде по деновите 6, 7 и 8 февруари. И сеуште стигнуваат. Законски рок за поднесување на пресметка за плата е 10, но работа е на работодавачот. Ако некој работодавач така одлучил, секако свесен за законските прописи, може пресметка за плата да достави и после тој рок. Така што, она што беше со датата на кредитите, почнавте да сметате наводно камати, како сите кредити да доспеваат и сите рати да тргнуваат од 1 во месецот, како во некое дигигирано општество, сите граѓани одат во ист ден да подигнат кредити и од тука да почнат нивните рати. Мислам, нон сенс, бесмислица. Сега, наместо од тука да излегуваат информации, тука сум да речам повеќе информиран од јавноста, а не дезинформации, вие ми цитирате некој весник, јавија медиумите, не знам кои медиуми, барем да кажете кои дека наводно 10 илјади работодавачи не успеале да достават пресметка за плати. Зошто не успеале, кој ги попречил во тоа. Јас вчера половина час по затворањето, односно по истекот на работното време на Управата за јавни приходи, а тие работеа и до полнок, отидов во УЈП, и регионалната дирекција Скопје, имаше два - 30 луѓе. Рековме по принципот на сите затекнати, како во продавница кога ќе се најдете и затвораат, нормално, нема да ве избркаат, или во самопослуга, рековме сите што се затекнале ќе ги услужиме и оние што доаѓаат после тоа. Значи, немаше никаков проблем.

Почитуван Станковиќ, и за јавноста да знае дека до моментот интервенциите што траеја денеска достигната е бројката од над 52 илјади претпријатија или субјекти, кои што се обработени со пријави за пресметка на плата, а тоа е бројката која што во изминатата година ја имаме, дека била доставувана за пресметка односно на уплата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување. До Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Не е точна таа бројка која што вие ја спомнувате.

**Светлана Јакимовска:** Ви благодарам.

Не сте пријавени господине Емилијан Станковиќ.

**Емилијан Станковиќ:** Добро е господине министре, ако се обидувате да ме импресионирате, да ви кажам искрено можеби и ме импресиониравте. Како што го гледавте мобилниот телефон додека говорев на оваа говорница, очигледно могу убаво сте ме слушале. Но, ајде да говориме со факти.

Прво, не е точно дека нечини ништо или не ги чини ништо граѓаните вашиот извештај, колкав е успехот на Управата за јавни приходи, кој што и денес излегува во сите печатени медиуми. Колку за илустрација, тоа ги чини граѓаните 500 евра дневно. Колку печатени медиуми има нека пресметаат и нека видат колку ги чини. Дополнително госоподине Славеси знаете кој ја објави информацијата дека десет илјади работници, односно 10 илјади фирми ќе бидат казнети и тоа ќе бидат нови 30 милиони евра нови во Буџетот пред изборите. Таа телевизија на која што вие и донесовте главен и одговорен уредник од македонската телевизија и таа која што пред кратко време и пуштивте два милиони евра на сметка, за да може да преживее, бидејќи поради

провладината политика, која што ја форсира на својот дневник ги губи спонзорите.

**Светлана Јакимовска:** За реплика е пријавен господинот Николовски Александар, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам госпоѓо потпретседател.

Јас би сакал со колегата и со мојот пријател Емилијан Станковиќ да размениме неколку бројки и факти, што мислам дека е коректно да ги видиме тука. Ќе почнам од она последното кое што беше кажано по однос на бројот на невработени лица во Република Македонија. Ако ја прифатиме бројката која што ја спомнал господинот Станковиќ, тоа е 30%, се согласувам дека е апсолутно висока и дека потребно е да се намалува. Но треба да споредиме дека само додека министер за финансии беше Никола Поповски, беше 37% бројка на невработеност која што не ја создаде Емилијан Станковиќ и неговата генерација во СДСМ, за жал, ја создаде генерацијата пред него и бројка која што и мојата генерација од ВМРО ДПМНЕ и твојата генерација од СДСМ треба заеднички да се бориме да ја намалуваме, но мораме да сме објективни пред фактите и да кажеме дека оваа генерација политичари на ВМРО ДПМНЕ успеаја за две ипол години да ја намалат стапката за невработеност од 37 на 30%. 30% е многу, но е помалку од 37%.

Второ, околу предлозите на СДСМ, јас би сакал да искоментирам неколку кои често многу ги дискутираме и секако интересни кои што ги даде СДСМ. Радмила Шекеринска имаше еден предлог кога нафтата беше најскапа 145 долари барел да интервентно увезиме нафта. Доколку тоа се случеше при сегашна цена на нафта, веројатно сеуште ќе ни беше литар на пример бензин од 95 октани 77,5 денари, а не 50 или 44 колку што беше.

Понатаму, гаранцијата на штедните влогови од 10 и 20 илјади евра на 50 илјади евра, беше исто така еден интересен закон кој што суштински немаше да промени ништо, односно можеби ќе заштитеше дел од штедните влогови на побогатите луѓе во Македонија, веројатно блиски на СДСМ, но ќе направеше една друга работа, а тоа е дека ќе создадеше паника кај граѓаните да почнат да ги повлекуваат средствата, заради тоа што најголем дел од оваа финансиска криза која што се случува се однесува на психолошкиот момент, така што банкарскиот систем немаше да ни е во оваа кондиција во која што е, заради тоа што, да бидеме повторно објективни јас зборувам само со факти, Република Македонија, двата најголеми брана која што ги имаше кризата во однос на банкарските системи, во однос на осигурителните компании ги преживеа. Ние немаме ниту една затворена банка во Република Македонија. Тоа што извозот ќе се намалува, или ќе расте цената на одредени производи, тоа е факт кој што стои, заради тоа што на пример Германија е во рецесија. Но во една иста таква ситуација, ние оваа година очекуваме 3, 4% раст, што е многу подобро од минус 1 до минус 1,5 од Германија. Така што ова беа неколку факти кои што сакав да ги споделиме и за кои мислев дека се корисни за дискусијата.

**Светлана Јакимовска:** За реплика се јави господин Емилијан Станковиќ, повелете.

**Емилијан Станковиќ:** Благодарам почитувана потпретседателке,

Очигледно колегата Николовски бидејќи цел ден не е присутен на денешната пленарна седница, не му кажале дека истата реплика која што сега ја кажаа, всушност, ја кажа неговиот колега Влатко Ѓорчев. Не знам само дали господине Николовски вие припаѓате на истото ВМРО ДПМНЕ чии министри дел од економскиот тим на Никола Груевски, пред извесно време зборуваа дека Македонија ќе ќари од глобалната економска криза. Дополнително дека не зборувам на памет, до вас седи човекот кој што е задолжен за аналитика во ВМРО ДПМНЕ, пробајте малку да просурфате и ќе видите еден документ кој што се вика Македонија е лидер на регионот по невработеност и по ниски плати. Дека има невработеност од 30% во Република Македонија кажала вашата директорка на Агенцијата за вработување. Дополнително се согласувам дека треба да ја спречиме невработеноста во Република Македонија, но уште колку имате партиски војници за вработување, сопруги, керки, момчиња, ќе ги вработиме и можеби ќе се намали невработеноста.

**Светлана Јакимовска:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателке дури и колегите од ВМРО ДПМНЕ дигнаа раце и се откажуваат од одбраната на министерот за финансии господинот Трајко Славески, така да, го пореметивме редоследот по кој требаше да дебатираме.

Јас ќе започнам онака како што заврши во својата одбрана, како одговор на оваа интерпелација господинот Славески. Кажа дека за реформи, како што тој ги прави, особено за реформата бруто плата, требало храброст. Нај искрено господине Славески јас не ве перцепирам баш како храбар министер, можеби како најнервозен министер и спремна сум да говорам со факти. Ризикувајќи и да ми го истурите вашиот бес и вашите навреди, се надевам дека нема да ме изгркате, како што тоа за буџетската расправа го избркавте тогаш министерот за земјоделие господинот Ацо Спасеноски. Значи, ќе говорам за храброст кога благодарение на преродбата во 100 чекори, во 2006 година дојдовте на власт како министер за финансии во Владата на господинот Груевски. Имавте храброст да дадете едно многу силно ветување. И ќе ве потсетам, најавивте дека нула ќе има непродуктивни расоди за автомобили и мебел, а за периодот од 2008 до 2010 година ќе ја симнете таа ставка на 30% од онаа колку што изнесуваше во 2006 година, за да пред неколку месеци во новиот Буџет за 2009 година разделот стоки и услуги ви тежи 15 милијарди денари. 250

милиони евра. Ама имавте храброст тоа да го кажете тогаш. Никогаш не сте имале доволно храброст да се држите на вашите ветувања. Но тоа е мачја кашлица за она што понатаму следи. Јас сакам да говорам како дојде до она вие да го понудите концептот патриотски сметки, кои ви паднаа на Уставен суд. Значи, со ребалансот за 2006 година господине Славески, лично вие промовиравте и тогаш за прв пат во периодот од првите 100 дена на Владата на Груевски вие од оваа говорница кажавте дека ќе обезбедите 20 милиони евра за набавка на мазут за работа на термоцентралата Неготино, со што ја злоупотребивте вашата положба министер за финансии, бидејќи го прекршивте законот за јавни набавки. Имавте храброст да го прекршите и законот за стокови резерви, бидејќи тогаш спротивно на одредбите на овој закон, 15 илјади тони мазут и обезбедивте за работа на термоцентралата 20 милиони евра. Ќе биде извршена набавката по пат на непосредна спогодба со рафинеријата ОКТА. Кажа тогаш храбриот министер Трајко Славески. Прекршивте два закона, ама немавте храброст да понесете одговорност. Имавте храброст да понудите промена на Законот за јавни набавки. Си обезбедивте законско покритие. На крајот од 2006 година, кога го предлагавте буџетот за 2007 година го доживеавме вашиот прв патриотски изблик. Тогаш промовиравте тројца патриоти министри во Владата на Груевски, кои од патриотски причини дојдоа да работат во Владата во Македонија, а вие согласно членот 12 од Законот за извршување на Буџетот им ги плаќавте сите лични сметки и имоти во Америка. Тогаш прв пат се соочивте со одлука на Уставниот суд. Имавте храброст господине Славески да го прекршите законот, ама немавте храброст да кажете колку пари исплативте од буџетот и дали од свој џеб ги намиривте и ги вративте во Буџетот, онака како што гласаше и одлуката на Уставниот суд. Еве го Државниот завод за ревизија за 2007 година. Ќе ви прочитам една препорака од овластениот државен ревизор Бранислав Гулев. Владата на Република Македонија да дефинира материјална одговорност и правила за надомест на средства од лицата кои како вас, при вршење на службена должност, поради донесување на правно неиздржани одлуки кои паѓаат на Уставен суд, предизвикуваат штета на држаниот орган и треба да си ги платите од џеб. Така вели овластениот Државен ревизор. Ама вие немате храброст да ја следите препораката. Знаете што има напишано Државниот ревизор за работењето, односно за извршувањето на Буџетот каде што вас ве посочува за одговорно лице дека сте потрошиле 9 милијарди денари спротивно на Законот за извршување на буџети од ставката тековни резерви, која треба да обезбеди доволно средства за вонредни состојби. Знаете ли за што ги потрошивте тие пари. За трансфери до јавни претпријатија. Знаете ли што е најинтересното. Сите трансфери за претпријатијата ги трансфериравте до едно место. До сметката на АД МЕПСО. Партискиот чувар на партиската каса. Знаете ли што и тогаш ве прашував. Стануваше збор за 80 милиони денари што требаше Битола да ги добие за електрификација на индустриската зона Жабени.

Никогаш не стигнаа во Битола. Од пренамената на средства за следната година повторно предвидовте 80 милиони денари, само тие стигнаа во Битола. Каде се господина Славески 80-те милиони и пратеничко прашање поставив до вашиот шеф и сеуште немам добиено одговор. Потоа следеа осилени бидејќи вам не ве допира она што значи кршење на закон, а многу храбри, ни понудивте спротивно на Законот за буџет и пренамена на средства меѓу буџетски корисници. На крајот од 2007 година 47 милиони евра. Никој не знае каде и за што се потрошија. Затоа осоколени и охрабрени во 2008 дури 74 милиони евра. Па говоревме дека завршија во Министерството за внатрешни работи, завршија за разни работи, само не завршија во корист на стечајците, немаше пари ниту за Законот за енергетска сиромаштија, немавте пари ниту за бранителите кои сами си поднесоа закон 31 илјада гласови, немавте пари ниту да ја решите невработеноста, имавте пари за навистина вон сериско безначајни проекти, како што се споменици, изградба на карпи, изградба на што ли не само не во корист на граѓаните. И бидејќи сосема на крајот е, ќе кажам она што господине министер Славески, молчењето не секогаш е злато. Некогаш молчењето значи дека сте соучесник. Во Јавното претпријатие Македонска радиодифузија беше извршена внатрешна финансиска контрола од Министерството за финансии каде што вие сте шеф. 10 милиони евра најде проневерени внатрешниот ревизор. Знаете, само го сменивте директорот, тој е сега на апанажа. Дали процесуиравте наод на внатрешен ревизор од вашето Министерство? Не. Го премолчавте, не бевте толку храбри како што сакате да кажете. Пред неколку време говорев за однесувањето на господинот директор на Царинската управа, вие сте му шеф. Вие сте директно одговорен за флагрантното кршење на човечките права на вработените во Царинската управа. Вие не презедовте ништо барем да ги проверите тие наоди.

И на крајот, ќе завршам како што почнав, со храброст. Господине Славески, во време на еклатантна финансиска економска светска криза зошто не отидовте на Светскиот економски форум во Давос? Да не бевте претпоставувам, бевте на суд и тоа многу храбро во својство на тужител. Затоа ќе ви препорачам штедете ја вашата енергија и храброст ќе ви треба кога вие ќе бидете тужен, заради сите овие податоци за кои говорев врз база на ревизорски извештаи. Знаете, за хаосот во македонската економија што вие многу храбро го нарекувате реформи е сериозно. Ќе треба да понесете не само материјална одговорност, тоа секако ќе ја сносите. Политичката одговорност треба да започнете и да

ни ја понудите сега, овде и тука. Покажете храброст за она што се вика доблест.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Следните кои беа по редослед, Стојче Крстевски не е тука, Дарка Петрушевска не е тука и Игор Ивановски не е тука.

Министерот за финансии има реплика.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Треба да и заблагодарам. Нема да истурам бес и гнев, како што беше кажано, затоа што нема таква карактерна црта. Да заблагодарам што беше тука јавно обелоденето дека Министерството за финансии во еден домен од својата работа си ја врши својата работа. Значи, Секторот за внатрешна ревизија и контрола извршил внатрешна контрола на тоа јавно претпријатие. Значи, Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола по налог на министерот извршил контрола на тоа претпријатие и ревизорските извештаи се доставуваат онаму каде што е тоа предвидено со законски прописи.

Сега еден мал коментар за другиот ревизорски извештај, тука беше цитиран. Ревизорските извештаи треба да се знае и да се читаат. Имено, беа спомнати наводно девет милијарди денари од тековни резерви средства. Почитувана пратеник Бендевска тековната резерва во Буџетот на Република Македонија се определува на ниво од некаде од 300, 400 милиони денари и служи годишно за непредвидени расходи. Јас не знам каде сте ги нашле тие 9 милијарди денари. Средствата определени, односно префрлени на сметка кај МЕПСО за индустриската зона Жабени Битола за кое што прашувате ќе ви биде одговорено и на писмено. Само да ви кажам дека средствата стигнаа на малку поинаков начин, затоа што во меѓувреме МЕПСО не ги имаше искористено. Тие се на посебна сметка кај МЕПСО и тоа се средства на Буџетот кои што ќе бидат вратени во Буџетот на Република Македонија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Контра реплика има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Многу кратко време, ќе се обидам што повеќе. Значи, почитувам презумпција на невиност. Госодинот Станчевски е на апанажа, мува не го лази. И повторно како што тогаш го направивте со Законот за јавни набавки, го изменивте Законот наместо да одговарате. Се обидувате да го менувате Законот за основање на тоа јавно претпријатие за да го сокриете трагот на криминалот што го направи со одлука на Влада, бидејќи тој така се држи, дека добил одлука од Влада да ги распредели и трасферира тие средства во висина од 9,6 милиони евра кон приватни фирми. Нели тоа е дел од проектот 100 илјади компјутери за училиштата. Заради тоа почитуван господине Славески, вие мора да поднесете извештај и политичка одговорност, бидејќи никој не виде ниту дека е апсен господинот Станчевски, ниту дека некој ги повредува неговите човечки права што претпоставувам дека е повисока фаза во развојот на ВМРО-ДПМНЕ.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпен утврдениот редослед на пратеници пријавени за збор, констатирам дека претресот по интерпелацијата е завршен.

Пред да преминеме на гласање, ве известувам дека интерпелацајата се смета за прифатена ако за неа гласале мнозинство од вкупниот број пратеници.

Преминуваме на гласање.

Интерпелацијата за работата на министерот за финансии господинот Трајко Славески, ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, од нив за интерпелацијата гласаа 16 пратеници, воздржан еден пратеник, против гласаа 57 пратеници.

Констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на министерот за финансии господиниот Трајко Славески.

Ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре со почеток во 11,00 часот.

(Седницата прекина во 20,00 часот)